# Годишен извештај на Министерството за внатрешни работи за 2017 година

Министерство за внатрешни работи
2018 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Бр. 22.4 - 1403/1
29.05.2018 година
С к о п ј е

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# на
# Министерството за внатрешни работи

2018 година

## СОДРЖИНА

**ОБРАЌАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ** 6

I ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО 7

**1.1 Оддел за информатика и телекомуникации 7**
1.1.1 Сектор за информатичка технологија 7

**1.2 Оддел за граѓански работи 9**
1.2.1 Сектор за управно надзорни работи 9
1.2.2 Сектор за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност: 11
1.2.3 Сектор за азил: 13

**1.3 Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси 13**

**1.4 Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди 14**

1.5 ОДДЕЛ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 16
1.5.1 Сектор за меѓународна соработка 16
1.5.2 Сектор за ипа и програми на заедницата 18

**1.5.3 Сектор за преговори и евроинтеграција 21**

**1.6 Оддел за односи со јавност и стратешки прашања 27**
1.6.1 Сектор за односи со јавност и протокол 27

**1.6.2 Сектор за стратешко планирање и управување со квалитет 30**

**1.7 Оддел за финансиски прашања 34**

1.8 ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ 35

**1.9 Оддел за прекршоци 36**

**1.10 Центар за обука 38**

II БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ 42

**2.1 ВОВЕД 42**

**2.2 Состојби и движење на криминал 43**

**2.3 Кривични дела против државата 44**

**2.4 Организиран криминали корупција 45**
2.4.1 Организирани криминални групи 45
2.4.2 Класична корупција 47
2.4.3 Коруптивни злоупотреби 47
2.4.4 Перење пари 48
2.4.5 Трговија со луѓе и криумчарење мигранти 48
2.4.6 Злоупотреба на безвизен режим 50
2.4.7 Фалсификување пари 50

**2.5. Економски криминал 51**
2.5.1 Злоупотреба на службена положба и овластување 51
2.5.2 Несовесно работење 52

2.5.3 Компјутерски криминал 52

**2.6 Класичен криминал** **53**
2.6.1 Кривични дела против живот и телото 53
2.6.2 Кривични дела против имотот 54
2.6.3 Кривични дела против половата слобода и морал 55
**2.6.4 Семејно насилство** 56
**2.6.5.Останати кривични дела од класичен криминал и други безбедносни појави** 56
2.6.6.Пожари 57

**2.7 Недозволена трговија со дрога** **57**

**2.8 Недозволена трговија со оружје** **59**

**2.9 Криумчарење акцизни и други видови стоки** **60**

**2.10 Состојби со јавниот ред и мир** **60**
2.10.1 Статистички податоци од областа на јавниот ред и мир 61
2.10.2 Протестни собири 62
2.10.3 Насилство меѓу ученици 62
2.10.4 Нарушување на јавниот ред и мир на спортски натпревари 62
2.10.5. Напад на службено лице 63

**2.11 Безбедност на патниот сообраќај** **63**
2.11.1. Сообраќајни незгоди со потешки последици 64
2.11.2 Настрадани учесници во сообраќајот 66
2.11.3 Превентивно-репресивни мерки 66

**2.12 Гранична безбедност и странци** **67**
2.12.1 Илегална миграција 68
2.12.2 Гранични проверки и граничен надзор; 70
2.12.3 Контрола на движење, престој на странци и преземени мерки; 71
2.12.3.2 Престој на странски државјани по разни основи, преземени прекршочни и кривични мерки 72
2.12.3.3 Барања за азил 74

**2.13 Примена на полициски овластувања и употреба на средства за присилба** **74**
2.13.1. Полициски овластувања 74
2.13.3.2. Средства за присилба 75

**2.14 Спречување на вршење кривични дела и прекршоци** **75**
2.14.1 Превенција 75

**2.15 Меѓуинституционална и меѓународна соработка** **76**
2.15.1 Меѓуинституционална соработка 76
2.15..2 Меѓународна соработка 76

**2.16 Останатите полициски и други работи** **79**
2.16.1 Обезбедување на определени личности и објекти 79
2.16..2 Криминалистичко –технички работи 79
2.16.3 Активности на оддел за специјални полициски операции 80
2.16.4 Активности на Оддел за воздухопловни единици 81
2.16.5 Активности на други единици 81
2.16.6 Криминалистичко разузнавање и анализа 82
2.16.7 Потраги 83

2.16.8 Управување со човечки ресурси 83

## Обраќање на Министерот

# I. ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО

## 1.1 Оддел за информатика и телекомуникации

Во текот на 2017 година во Одделот за информатика и телекомуникации се реализираа претходно планираните активности, а воедно Одделот одговори и на барањата произлезени во текот на работењето на министерството. Со својот начин на работа, Одделот даде придонес за целосно фунцкионирање на службите на министерството, континуираната соработка со другите институции на државата и успешно продложи со имплементирање на проектите кои значат приближување до стандардите на Европската Унија.

### 1.1.1 Сектор за информатичка технологија

Во рамките на своите надлежности овој сектор продолжи со имплементација на проектите кои значат одржување на информатичките системи и нивна надградба. За таа цел продолжи надградбата на системот за нови лични документи, заради што секторот продложи со усогласување на проектниот распоред и техничките спецификации за предвидените надградби, согласно со претходно склучен договор со добавувачот Веридос, подготовка на извештаи за реализирани активности до Управниот комитет на проектот, техничка поддршка на надградбата на Централниот систем за нови лични документи и техничка поддршка на надградбата на системот за персонализација на лични документи.

Во оваа насока усвоена е техничката спецификација за надградба на централниот систем, а во тек се активности за усогласување на планот и техничката спецификација за надградбата на системот за персонализација.

Продолжија и активностите за подготовка на физибилити студија и технички спецификации за набавка на опрема за институциите во областа на правосудството и внатрешните работи. Со реализацијата на овој проект ќе биде набавена опрема наменета за поврзување со платформата за интероперабилност, што ќе значи модернизација на платформата на информациониот систем на МВР за идно користење на веб сервиси. Истовремено направен е и план за обуки за користење на новата платформа и обуки за развој на нови софтверски решенија.

Завршена е постапката за набавка според изготвената техничка спецификација. Следуваат активности за имплементација на проектот.

Од големо значење е изградбата и воспоставувањето на Центарот за непречено продолжување со работа на ИКТ системите (Business Continuity and Disaster Recovery Centre) – ИПА 2012. Имајќи предвид дека станува збор за повеќегодишен проект кој се одвива во повеќе фази, при што во првата фаза се преземаат подготвителни активности за подготовка на техничка спецификација за градежни работи, изградба и технички прием на објектот. Во втората фаза предвидена е набавка на ИКТ опрема за новиот објект која ќе обезбеди непречено функционирање на ИКТ системите на министерството во случај на испади на примарните системи.

Завршена е техничката спецификација за градежни работи и извршен е избор на градежна фирма за изградба на објектот. Во тек се активностите за отпочнување со градежните работи од првата фаза. Истовремено подготвена е спецификацијата на проектни задачи за консултантите и во тек е изборот на консултанти.

Овој сектор вложува и во развој на апликации кои ќе значат поедноставување на административните процедури и обработка на податоците кои се прибираат и се неопходни при увидот на сообраќајните незгоди. Преку електронскиот записник за увид во сообраќајна незгода ќе се овозможи евиденција на сообраќајни незгоди, генерирање и печатење на записник од увид во сообраќајни незгоди, генерирање на прегледи и статистички извештаи за сообраќајни незгоди, со што ќе се прилагоди записникот за сообраќајна незгода според методологијата CADaS, но и ќе се изготви решение за

номенклатура на патишта и делници во Република Македонија и вклучување на службената белешка за сообраќајна незгода во евиденцијата на сообраќајни незгоди.

За таа цел изготвено е софтверско решение кое ќе биде финално тестирано и ќе започне со негова имплементација.

Користејќи ги своите капацитети, секторот подготви апликација за воспоставување на централната евиденција на испечатени дозволи за возачи-инструктори и автоматизирано печатење на дозволите во надлежните организациони единици на Одделот за граѓански работи, во склоп на генералното решение за печатење на документи за потребите на управните служби. Секторот подготви и имплементираше и софтвер за евиденција и печатење на меѓународна возачка дозвола на испечатени меѓународни возачки дозволи во надлежните организациони единици на Одделот за граѓански работи, во склоп на генералното решение за печатење на документи за потребите на управните служби.

Секторот континуирано превзема активности за надградба на постојните системи со цел да се овозможи нивно непречено функционирање.

Во тек е проектот за воспоставување на нов Регистар на моторни возила, согласно Законот за возила кој треба да ги обедини постојните решенија за моторни возила и сообраќајни дозволи, со редизајн на процесите според новите правилници. Решението е комплетно сопствен развој. Се работи и на проектот за воспоставување на нова евиденција на Матичен број, со целосен редизајн на процесите според методологијата на работа на управните служби во областа на матичен број, државјанство, промена на лично име, живеалиште и престојувалиште.

Воспоставен е и Систем за електронско учење (Learning Management System) кој е донација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и е наменет за потребите на Центарот за обуки, со можност тој да биде користен и од организационите единици надлежни за човечки ресурси.

Во соработка со Министерство за здравство и Управа за водење на матични книги, МВР учествува и во проектот „Добредојде бебе“, со кој се предвидува издавање на изводи од матична книга на родени за новороденчиња во здравствените установи каде се родени. Проектот е во крајна фаза на имплементација.

Во соработка со Министерство за информатичко општество и администрација се работи на воспоставување на единствен Регистар на население како виртуелна институција во платформата за интероперабилност. Во тек е дефинирањето на содржината на податоци во овој регистарот и од кои институции и на кој начин ќе ги обезбедува.

Истотака, во рамките на овој сектор е и отсекот за персонализација на лично документи во чија надлежност е процесот на изработка на лични документи (патни исправи, лични карти и возачки дозволи). Овој отсек е задолжен и за администрација и контрола на квалитетот на персонализираните документи.

| Тип на документ | Вкупен број |
|---|---|
| Патни исправи | 252.731 |
| Лични карти | 153.679 |
| Возачки дозволи | 80.391 |
| Дозволи за престој за странец | 11.508 |
| Вкупно | 498.309 |

Персонализирани нови лични документи во 2017 година

Врз основа на претходно склучени меморандуми за соработка со други институции, но и за потребите на министерството во рамките на овој сектор се обработуваат податоци

кои се неопходни за вршење на надлежностите. Станува збор за редовни обработки (месечни, квартални, полугодишни и годишни) и вонредни според тековните потреби на службите, најповеќе во делот на односи со јавност.

Во овој Оддел е и Секторот за телекомуникации кој покрај извршувањето на редовните работни задачи за одржување во функција на сите технички телекомуникациски системи, се фокусираше и учествуваше во имплементацијата на проектот „Дигитален полициски радио систем ТЕТРА“, континуирана надградба на VoIP телефонијата во МВР на најнова верзија, понатамошно поврзување на пунктовите за регистрација на возила и руралните полициски станици со централниот информатичко-комуникациски систем на МВР.

Со поддршка на Интернационалната Организација за миграција спроведена е набавка на теренски возила опремени со термовизиски камери и радар и преку мобилна телекомуникациска опрема проследување на сигналите до дежурен центар за набљудување. Во процес е завршување и на вториот дел од овој проект за подобрување на телекомуникациската инфраструктура на јужната и северната граница со инсталација на комплети на опрема кои се состојат од: исправувачи со батериски полиња, агрегат, мрежна опрема (рутери и свичови), микробранови линкови со антенски системи, мерен инструмент за фреквентен спектар, мерен инструмент за лоцирање на дефекти на оптички кабли и друга опрема.

## 1.2 Оддел за граѓански работи

Одделот за граѓански работи, во текот на 2017 година, успешно ги спроведе активностите и задачите од негова надлежност, утврдени со Програмата за целите и задачите на сите организациони единици од негова надлежност.

### 1.2.1 Сектор за управно надзорни работи:

Спроведени 61 контрола на управното работење во подрачните единици на Секторот;

Издадени лични карти во подрачните единици на Секторот: вкупно 151 795 од кои тип А 101 540 и тип Б 50 255 лични карти;

Донесени се 805 решенија за забрана за преминување преку државна граница согласно член 7-а од Законот за личната карта;

Пријавено живеалиште – 6109 граѓани;

Одјавено живеалиште- 4215 граѓани

Пријавено привремено престојувалиште - 1315 граѓани;

Пријавен престој надвор од државата подолго од три месеци-6724 граѓани;

Издадени патни исправи во подрачните единици на Секторот: вкупно 274 706 патни исправи, од кои тип А 173 171 и тип В 101 535;

Согласно Акциониот план за периодот од 1 јануари до 31 декември 2017 година во координација со Министерството за надворешни работи во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија издадени се вкупно 2 931 патни исправи;

Издаден е еден заеднички пасош со 13 лица внесени во нив;

По барање на надлежните судови издадени се вкупно 27 пасоши со одреден рок на важење;

Издадени се вкупно 681 пропусници за малограничен сообраќај;

Примени се вкупно 1 127 известувања од суд за изречени забрани за издавање на патна исправа по кои се донесени вкупно 470 решенија за одбивање барања за издавање

на патни исправи или за одземање на патни исправи, одлучувано е по три жалби против решенијата;

Издадени се вкупно 18 756 одобренија за патување во странство на малолетни деца до навршени 14 години;

Определени се вкупно 31346 нови матични броеви;

Донесени се 479 решенија со кои се поништува погрешно определен матичен број;

Ажурирана е смртта во евиденцијата на матичен број за вкупно 19 713 лица;

Донесени се вкупно 3424 решенија за промена на лично име, односно само името или само презимето, од кои 3261 позитивни, 163 негативни;

Издадени се 40 676 уверенија за државјанство на Република Македонија;

Барања за прием во државјанство- 1749 лица;

Барања за отпуст од државјанство-1 494 лица;

Донесени позитивни решенија за прием во државјанство за 1 103 лица;

Донесени позитивни решенија за утврдување на државјанство за 118 лица;

Донесени позитивни решенија за отпуст од државјанство за 1526 лица;

Донесени негативни решенија за прием во државјанство за 258 лица;

Донесени негативни решенија за утврдување на државјанство за 8 лица;

Донесени негативни решенија за отпуст од државјанство за14 лица;

Подготвени се 28 одговори по тужби до Управниот суд во постапки за државјанство;

Регистрирани возила-вкупно 497 610 од кои на 454 422 возила продолжена е важноста на регистрација, првпат регистрирани се вкупно 43 188 возила од кои 8 794 нови возила а 34 394 половно-увезени возила;

Одјавени возила-вкупно 32 962;

Извршена е промена на сопственост на 55 933 возила;

Извршена е промена на регистарски таблици за 27 397 возила;

Издадени сообраќајни дозволи - вкупно 179 23 ;

Издадени налепници за извршена регистрација-516 824;

Издадени се 706 извозни регистарски таблици, 69 за времен увоз на возила, 691 таблици со ознака А9 за лица со времен престој во Република Македонија, 61 за дипломатско-конзуларни претставништва во Република Македонија, 799 за возила на лица со дипломатски статус, 40 за возила на лица со конзуларен статус и 65 регистарски таблици за возила во сопственост на лица кои се вработени во дипломатско-конзуларните претставништва, мисии на странски држави и меѓународни организации во Република Македонија;

Издадени регистарски таблици за лесни приколки- вкупно 618;

Издадени се 17 668 упати за извршување на А-тест на моторни и приклучни возила и 224 упатници за втиснување на број на шасија и/или број на мотор на возило;

Донесени се вкупно 91 заклучок за запирање на постапка за регистрација на возило и 87 решенија за поништување на барање за регистрација;

Издадени се вкупно 30 согласности за одржување на спортски и други манифестации;

Издадени се седум одобренија за вршење на групен превоз на лица со товарни возила согласно;

Подготвени се девет одговори по тужба до Управен суд на Република Македонија во областа на возилата;

Донесени се 10 позитивни и едно негативно решение за овластување на правни лица за вршење технички преглед на возила и две решенија за одземање на овластување;

Издадени се 15 решенија за овластување на правни лица за издавање на меѓународна возачка дозвола, 17 решенија за овластување за издавање на одобрение за управување со туѓо моторно возило надвор од границите на Република Македонија и 6 решенија за овластување на правни лица за издавање на пробни таблици со рок на важност до пет дена;

Во електронската евиденција ажурирани се 3 500 марки и типови на возила.

Издадени се вкупно 78 903 возачки дозволи, од кои 24 157 возачки дозволи на лица кои за првпат положиле возачки испит во Република Македонија;

Издадени се 72 481 возачки книшки;

Од судовите примени се 12 485 решенија со изречена заштитна мерка "забрана за управување со моторно возило", 150 решенија со санкција "престанок на важење на возачката дозвола " и 135 со санкција "забрана за стекнување со возачка дозвола";

Издадени се вкупно 773 инструкторски возачки дозволи од кои 119 нови;

Издадени се вкупно 30 лиценци за работа на Авто школи, донесени се пет решенија за одбивање на барање на правни лица за добивање на лиценца за автошкола, шест решенија за забрана за работа на авто школа во траење од 30 дена и три решенија за одземање на категорија за оспособување на кандидати за возачи во авошкола;

### 1.2.2 Сектор за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност:

Надзор од консултативно-едукативен карактер на вработените во Отсеците во РМ – 22;

Надзор над правни лица кои вршат дејност промет со оружје и муниција во РМ - 39;

Надзор над правни лица кои вршат дејност промет со експлозивни материи, запални течности и гасови во РМ - 20;

Водење постапка и изготвување на претходни согласности за локација за складирање на запални течности и гасови и експлозивни материи – 52;

Увид на техничка документација-проекти и изготвување на согласности за заштита и безбедност на инвестициони објекти, преку системот Е-дозволи – 25;

Водење постапка и издавање согласност за локација за објекти за скалдирање на запални течности и гасови, експлозивни материи  и продавници за оружје и муниција во отсеците – 30;

Извршени увиди на локации за објекти за складирање на експлозивни материи и продавници за оружје и муниција, изготвување на записник од страна на отсеците – 16;

Увид на техничка документација-проекти и изготвување на согласности за заштита и безбедност на инвестициони објекти, од отсеците – еден;

Изготвени одобренија за пренесување на оружје и муниција при извоз (ЕО21) – 11;

Изготвени одобренија за превоз на оружје и муниција при извоз (ЕО22) – 18;

Изготвени одобренија за превоз на експлозивни материи при извоз (ЕО24) – 12;

Изготвени одобренија за пренесување на оружје и муниција при увоз (I031) – 96;

Изготвени одобренија за превоз на оружје и муниција при увоз (I032) – 114;

Изготвени одобренија за набавка на експлозивни материи при увоз (I033) – 51;

Изготвени одобренија за превоз на експлозивни материи при увоз (I034) – 69;

Изготвени одобренија за превоз на оружје и муниција на територија на РМ – 431;

Изготвени одобренија за набавка на експлозивни материи во РМ – 113;

Изготвени одобренија за превоз на експлозивни материи во РМ – 640;

Изготвени одобренија за превоз на експлоз. материи при транзит (Т005) – 38;

Издадени одобренија за изведба на огномети од 1 категорија - 16;

Известувања за огномети од 2 категорија - 144;

Водење постапка, изготвување и издадени одобренија за вршење дејност промет со оружје, муниција и делови за оружје и промет со експлозивни материи - 17;

Водење постапка и издавање на одобрение за вршење дејност производство на оружје и муниција - една;

Водење постапка, изготвување и издадено одобрение за основање на цивилно стрелиште – една;

Водење постапка за спроведување на верификација на експлозивни материи и нивно пуштање во промет – пет;

Издадени одобренија за пуштање во промет на експлозивни материи – три;

Изготвени и издадени мислење за дејност промет со ВВО по барање од страна на министерство за економија – три;

Учество во Комисија за издавање дозволи за увоз, извоз, транзит и брокеринг на ВВО 33, од кои барања издадени дозволи се – 22;

Изготвени и издадени мислење за извоз на стоки и технологии со двојна употреба по барање од страна на министерство за економија – шест;

Изготвени извештаи за ARMS EXPORT CONTROL (SEESAC), EU и ОН – пет;

Изготвени гаранции и сертификати за краен корисник (end user) согласно законот за експлозивни материи и законот за оружјето – 48;

Поднесени се вкупно 5399 барања за издавање одобренија за набавување на оружје од физички и правни лица, од кои 5297 барања се поднесени од физички лица, а 102 барања се поднесени од правни лица;

Издадени одобренија за набавување на оружје- 1223 барања, додека 2068 барања се негативно одлучени;

Издадени се 3784 одобренија за набавување на муниција за оружје за жлебана цевка од кои: 3745 одобренија на физички лица и 39 одобренија на правни лица;

Новорегистрирани се вкупно 2702 парчиња оружје, кое го поседуваат физичките, правните лица, стрелачките организации и агенциите за приватно обезбедување и тоа: 2662 парчиња оружје кај физички лица, 10 парчиња оружје кај стрелачки и ловечки организации, 14 парчиња оружје кај агенциите за приватно обезбедување и 16 парчиња оружје регистрирани кај правни лица кои вршат приваатно обезбедување за сопствени потреби;

Издадени се 6332 дозволи за оружје на физички лица, 20 дозволи за поседување на оружје на правни лица и 97 дозволи за носење на оружје (за вработените во правните лица кои вршат приватно обезбедување);

Поднесени се 22 133 барања за пререгистрација, односно за замена на старите со нови дозволи за оружје согласно Законот за оружјето. Пререгистрирани се 6425 парчиња оружје на физички лица;

Донесени се 300 решенија за одземање оружје и дозвола за оружје, од кои: во кривична постапка донесени се 63 решенија, во прекршочна постапка 172 решенија, во управна постапка 65 решенија;

Бришани оружја од дозволи во 2017 година се вкупно 579 парчиња, односно од физички лица бришани се 554 парчиња оружје, а од правни лица 25 парчиња оружје;

Пријавени се вкупно 710 парчиња оружје од Д – категорија;

Издадени се седум дозволи за приватно обезбедување, од кои: четири дозволи за приватно обезбедување во вид на давање на услуги – физичко обезбедување и три дозволи за приватно обезбедување во вид на давање на услуги - техничко обезбедување;

Донесени се три решенија за одземање на дозвола за приватно обезбедување од правно лице кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги – физичко обезбедување;

Донесени се две решенија за одбивање на барање за издавање на дозвола за приватно обезбедување и донесени се три решенија за отстранување на недостатоци во работењето на правни лица кои вршат приватно обезбедување;

Донесени се три лиценци за вршење на детективска дејност;

### 1.2.3 Сектор за азил:

Примени се 147 барања за признавање право на азил, за 162 лица;

Република Македонија по основ на признаено право на азил згрижува 20 лица со признаено право на азил признаен бегалец и 378 лица со признаено право на азил заради супсидијарна заштита.

224 лица доброволно и трајно се вратени во матичната држава.

Издадени се 72 лични документи.

## 1.3 Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси

Од аспект на делокругот на надлежностите Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси зема активно учество и координација во подготовка на повеќе закониски прописи, подзаконски и други акти од областа на внатрешните и полициските работи.

Законските предлози беа изготвени со цел да се изврши усогласување на домашното законодавство со законодавството на Еврпската унија, особено со задолжителните директиви и регулативи, но истовремено беа и внесувани одредби кои ќе значат олеснување или подборување на услугите за граѓаните и полесен пристап до остварување на нивните права. Законите се темелат на почитување на основите слободи и права и гарантираат еднаквост и недискриминација. Со законските решенија се надминуваат слабостите кои беа воочени во меѓународните извештаи и препораки кои беа дадени.

Во оваа насока, во текот на 2017 година беа подготвени текстови на:

1. Предлог на закон за меѓународна и привремена заштита. Текстот беше доставен до Европската комисија и добиените забелешки се внесени во текстот кој е во процедура на донесување.

2. Предлог на Закон за странците. Текстот е подготвен и доставен на мислење до Европска комисија во Брисел.

3. Предлог на закон за следење на комуникациите. Текстот е усвоен од Владата и е во собраниска постапка.

4. Предлог на закон за Оперативно-техничка агенција. Текстот е усвоен од Владата и е во собраниска постапка.

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција. Текстот е усовен и е во собраниска постапка.

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција**.** Текстот е усовен и е во собраниска постапка.

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи. Текстот е усовен и е во собраниска постапка.

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Во декември 2017, Работната група задолжена за изготвување на предметниот закон го утврди финалниот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, кој е во фаза на меѓуресорска консултација, по што ќе следува отпочнување на процесот за негово донесување.

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето. По изготвување на текстот на законот од страна на посебна работна група формирана со решение на Министерот за внатрешни работи и спроведена консултација со засегнатите страни во предметната област, претстои меѓуресорска консултација и отпочнување на процесот за донесување на законот.

Исто така, во рамките на овој Оддел постои и организациона единица која е надлежна за застапување на Министерството пред судовите во Репблика Македонија во сите работни и имотно-правни спорови, да води постапки за престанок на работен однос со откажување на договорот за вработување на вработените во организационите единици под директна надлежност на министерот за внатрешни работи, да води постапки за утврдување на материјална одговорност на вработените во организациони единици под дирекна надлежност на министерот, да иницира постапки пред Владата на Република Македонија за пренесување на право на користење на движен и недвижен имот.

Евидентирани се вкупно 2.226 заведени тужбени барања против РМ-МВР, по следните правни основи:

Во вкупната бројка на судски спорови во кои Министерството за внатрешни работи се јавува како тужена страна најголем дел отпаѓаат на работните спорови, кои се однесуваат на откажување на договорот за вработување, работни спорови како резултат на изречена дисциплинска мерка, работни спорови за поништување на решенија за распоредување, надоместоци од работен однос, надомест на трошоци за превоз, храна, разлика во плата и други основи.

Одделот ги извршува и сите стручно-административни задачи поврзани со спроведување на огласи за вработување, склучување договори за вработување, регулирање на правата кои произлегуваат од работен однос, како и изготување на акти за распределување на вработените согласн потребите на министерството, а во интерес на непречено спроведување на надлежностите на министерството. Во овој Оддел континуирано се спроведуваат обуки и тренизни за вработени, а со цел нивно стручно усовршување и оспособување.

## 1.4 Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

Во насока на воспоставување професионална служба и почитување на човекови права, во текот на 2017 година Одделот преземаше зајакнати мерки и активности што резултираа со зголемена ефикасност во откривање на непрофесионално и незаконито постапување на припадници на МВР. Така, во текот на 2017 година за утврдено непрофесионално и незаконито постапување, ОВККИПС против 355 (244) службени лица иницираше поведување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина што бележи пораст за 45% во однос на 2016 година.

Одделот согласно делокругот на надлежностите за сите случаи за кои е известен дека има било какво незаконско и непрофесионално постапување кон граѓаните по извршените проверки благовремено доставува одговори до подносителите на претставките. Од 1200 (1.391) случаи за кои се вршени проверки, 894 (1.069) или 74,5 % предмети се со постапување врз основа на добиени претставки од граѓански и правни лица во кои се посочени неправилности извршени од страна на вработени во МВР, а останатите се по добиени известувања, сознанија и друго. Притоа, бројот на случаи по кои се вршени проверки по претставки бележи намалување од 16%.

Од анализа на структурата на добиени и постапени предмети по претставки од граѓани, може де се констатира дека во 579 ( 690) случаи наводите изнесени во претставките се неосновани, 93 (105) случаи се основани, за 163 (177) предмети нема доволно докази за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, 34 (55) се делумно основани, за 17 (28) случаи по извршените проверки на наводите во претставките е утврдено дека нема основ за постапување или не се во надлежност на ОВККИПС и осум претставки се по друг основ.

По извршени проверки од страна на Одделот, доставени се 952 (1019) одговори и известувања до граѓани, девет одговори до невладини организации, 105 одговори до правни лица и 59 одговори до адвокати.

Од вкупно примените 25 (24) поднесоци од Народниот правобранител, одговор е доставен на сите 25 претставки. Во 2017 година, од областа на човековите права, значајни активности беа реализирани во рамки на Проектот на СоЕ „Јакнење на почитувањето на човековите права при полициското постапување“ кој отпочна од септември 2016 година.

Проектните активности во 2017 година, отпочнаа во февруари со спроведување на оценска мисија во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди од страна на експерти ангажирани од страна на СоЕ, со цел проценка на потребите за обука на вработените во Одделот. По ова, беше доставен Извештај за проценка на потребите за обука и за стратегија на ОВККИПС, чија цел се обезбедување програма за воведување во работа и професионално усовршување, кој понатаму послужи како основа за изготвување на модули за обуки за вработените во ОВККИПС.

Во јуни експертите од Совет на Европа и претставници од ОВККИПС ги финализираа конечните содржини на модулите за обука и тоа:

- Модул 1: Истрага во однос на професионалните стандарди и интегритетот и

- Модул 2: Ефективни истраги за утврдување на кривични дела и проверки за утврдување на дисциплинска одговорност.

По ова, се одржа петдневна обука за 12 обучувачи од Одделот, кои во текот на ноември и декември спроведоа две дводневни обуки за 22-ца вработени од Одделот.

Се очекува, содржините на двата Модули, да биде корисна алатка во спроведување на обуки за вработените во Одделот.

Во однос откривање на корупцијата, незаконско и непрофесионално постапување информираме дека во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на службените лица кои имаа обележје на кривично дело, од страна на ОВККИПС се поднесени 14 (10) кривични пријави против 17 (10) вработени во МВР за сторени 15 (10) кривични дела, од кои 10 кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ три кривични дела „Несовесно работење во службата“ и по едно кривично дело „ Спречување на докажување“, и „Лажно пријавување на кривично дело“. Инаку, од годината од вкупно откриените 15 кривични дела, 13 дела се од областа на корупцијата или со елементи на коруптивно однесување, што не беше случај во 2016 година, кога од страна на ОВККИПС беа откриени осум коруптивни дела.

И оваа година, во име на Министерството Одделот изготвува Антикорупциска програма на МВР за 2018 година со Акционен план за нејзина имплементација, кој е во фаза на финализирање.

На превентивен план, во текот на 2017 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со вршење на контроли во организациски единици на МВР, со цел утврдување на алкохолизираност на полициските службеници за време на работа, почитување на работното време, употреба на службени возила со уредно издаден налог за патување, почитување на член 168 став 2 од Законот за внатрешни работи и Правилникот за содржината и начинот на водење евиденции [1]во книгата за дневни настани, почитувањето на постапката со повикани, приведени и

---

[1] Бројките во заградите се споредбени податоци за 2016 година.

задржани лица во полициските станици, предвидени во стандардните оперативни процедури. Извршени се 136 контроли во различни организациски единици во МВР, што резултираа со иницирање на постапки за дисциплинска одговорност против вкупно 23 полициски службеници и со мерка укажување за 12 полициски службеници.

Во 2017 година беше одржана една регионална средба на раководителите на организациските единици за внатрешна контрола од регионот во Софија, Република Бугарија во организација на Директоратот за внатрешна контрола на Република Бугарија во рамки на регионалната мрежа NERCISU .

И оваа година, претставници од Одделот учествуваа на 17-тата годишна Конференција на земјите членки на EPAC/EACN во организација на Генералниот инспекторат на Министерството за внатрешни работи на Португалија. Покрај ова, претставници од Одделот учествуваа на две конференции во Белград и Букурешт на кои беше разговарано за полицискиот интегритет и за сузбивање на корупцијата во редовите на полицијата.

## 1.5 Оддел за европска унија и меѓународна соработка

### 1.5.1 Сектор за меѓународна соработка

Склучени билатерални меѓународни договори/акти со: Република Словенија - три; Унгарија - еден; Република Полска - три; Словачка Република - еден; Чешка Република - еден; Босна и Херцеговина - еден; Соединети Американски Држави - еден.

Остварени билатерални средби со високи претставници од: СР Германија - два; Италијанска Република - два; Република Словенија - два; Унгарија - четири; Обединето Кралство на Велика Британија и северна Ирска - еден; Република Австрија - еден; Швајцарска Конфедерација - еден; Комонвелтот на Австралија – еден; Кралство Белгија - еден; Француска Република - четири; Државата Израел - два; Јапонија - еден; НР Кина - еден; Република Полска - еден; Словачка Република - пет; Чешка Република - три; Босна и Херцеговина - четири; Република Бугарија - еден; Грција - еден; Република Хрватска - еден; Република Албанија -два; Република Турција -три.

Друг вид билатерална соработка – реализирани обуки, семинари и експертски состаноци –199.

Мултилатерална соработка:

Агенција на ЕУ за обуки за спроведување на законот - ЦЕПОЛ

На 24.08.2017 година, потпишан е Работен Аранжман со кој што се дефинираат односите меѓу Министерството за внатрешни работи и ЦЕПОЛ, притоа конкретно наведувајќи ја природата, степенот и начинот на кој Министерството за внатрешни работи може да учествува во работата на ЦЕПОЛ и да се воспостават потребни услови со цел олеснување на заемната соработка. Размена или доставување на чувствителни податоци од областа на спроведување на закон, вклучувајќи и лични податоци, не се во опсег на овој аранжман или на која било од неговите одредби. Надлежен орган за спроведување на овој Работен Аранжман од Министерството за внатрешни работи е Центарот за обука.

Асоцијација на шефови на полициски служби на Југоисточна Европа - СЕПКА

На 29.11.2017 година, во Сараево Босна и Херцеговина, на Генералното собрание на СЕПКА Министерството за внатрешни работи, односно Бирото за јавна безбедност официјално го презеде претседавањето со СЕПКА во 2018 година.

Организација за безбедност и соработка на Еропа – ОБСЕ

Во периодот од 18 – 21 септември 2017 година, во Охрид, Република Македонија се одржа втората меѓународна конференција на тема Справување со предизвици од растечкиот верски екстремизам: "Менаџирање и преговори во кризни ситуации предизвикани од насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам." Конференцијата беше составена од три дела и тоа: прв дел - наменет за експерти од горенаведената облас, втор дел - резервиран за академската заедница и трет дел - за практичари кои се директно вклучени во борба против насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

На 30.11.2017 година потпишан е Меморандум за разбирање помеѓу МВР на РМ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје за спроведување на проектот за намалување на ризикот од пролиферација на оружје и муниција. Проектот предвидува зајакнување на довербата и безбедноста преку соодветни мерки за зголемување на безбедноста на постоечките залихи на конвенционалната муниција со што се намалува ризикот од пролиферација. Временски рок за реализација на проектот е 30 септември 2019 година.

Брдо процес

Во периодот од 07 – 08 септември 2017 година во Љубљана, Словенија се одржа министерска средба на тема „Почетна конференција за интегрирано управување со внатрешна безбедност (IISG)", на која учествуваше делегација од МВР на РМ предводена од страна на Министерот за внатрешни работи, г-н Оливер Спасовски. Во текот на конференција беше изјавена поддршка од страна на МВР на РМ за спроведување на Инцијативата за IISG. Во рамките на Брдо Процесот е развивањето на иницијативата за Интегративно управување со внатрешната безбедност (IISG).

Конвенција за полициска соработка во Југоисточна Европа - КПС ЈИЕ

На 07 септември 2017 година во Брдо кај Крањ, Љубљана, Република Словенија се оддржа 17–тиот Состанок на Комитетот на министри на КПС ЈИЕ на маргините на Министерската конференција на Брдо Процесот „Почетна конференција на иницијативата за Интегрирано управување со внатрешната безбедност". Во текот на состанокот се дискутираше за актуелната состојба на полето на усогласување на нацрт текстовите од Договорот за автоматизирана размена на податоци, како и за изборот на нов Раководител на секретаријатот: По повлекувањето на г-н Отавио Ботекја, а по предлог од австриска страна за негова замена е посочен и избран г-н Томас Херко.

Меѓународна организација за миграција - ИОМ

На барање на Република Македонија за помош во справување со напливот на мигранти на јужната граница, Европската комисија усвои специјални мерки за помош преку човечки ресурси и опрема. Спроведувањето на овие специјални мерки беше доделено на ИОМ и се реализира со посебен проект насловен „Посебна мерка за поддршка на Македонија за управување со јужната граница во контекст на Европска миграциска криза", чијашто имплементација е предвидена за периодот од 1 март 2016 година до 31 октомври 2018 година. Во рамки на овој проект спроведени се неколку донации на опрема од страна на ИОМ за гранична полиција и тоа: инфрацрвени камери, рачни радио терминали, рачни термални камери за краток и долг домет за надзор, систем за проверка на документи, рачни полициски палици со лед светла, рачни системи за скенирање на товар и возила и специјални возила за транспорт.

Меѓународен центар за развој на миграциска политика – ИЦМПД

На 20 септември 2017 година во просториите на МВР на РМ се одржа средба помеѓу Државниот секретар при МВР, м-р Магдалена Несторовска, како новоназначен член на

Управната група на ИЦМПД, г-дин Тамер Килич, регионален координатор за Западен Балкан и Турција и г-ѓа Славка Зборовјанова, одговорно лице за надворешни односи на ИЦМПД. Состанокот имаше за цел да се разговара за членството на Република Македонија во ИЦМПД и досегашните постигнати активности, да се претстави краткорочната техничка помош за азил и миграција – STAMM, како и да се даде политичка поддршка за проектот, а се спомна и претстојната Виенска конференција за миграција, која по вторпат ја организира ИЦМПД во своето седиште во Виена. Состанокот беше исклучително корисен затоа што послужи како потсетување за соработката меѓу МВР на РМ и ИЦМПД, а се разговараше и за начини за нејзино идно продлабочување, како што е на пример иницијативата за Република Македонија да го преземе претседавањето со ИЦМПД во 2019 или 2020 година.

УНХЦР

Во соработка со Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци на Обединетите Нации во РМ на 28 септември 2017 година се потпиша Меморандум за разбирање меѓу Канцеларијата на УНХЦР и Министерството за внатрешни работи на Република Македонија за изработка на алатка за надградба на ИБАС за постапување по предмети за азил.

### 1.5.2 Сектор за ипа и програми на заедницата

Одделение за ИПА

Во текот на 2017 година, активностите на Одделението за ИПА беа насочени кон примена на методологијата за управување со проектен циклус и спроведување на обврските кои произлегуваат од Прирачникот за Вишиот програмски службеник за ИПА I и ИПА II и потпишаниот Оперативен договор за ИПА I и ИПА II. Овие активности во најголем дел се однесуваа на процесот на:

- Техничка имплементација на проектите, ИПА 2013, ИПА 2014 и ИПА 2016
- Мониторинг на проектите од ИПА 2011 и ИПА 2012.

Главна карактеристика е што спроведувањето на проектите е децентрализирано што подразбира активно учество на Одделението за ИПА во процесот на спроведување на проектите. Согласно усвоениот Проектен циклус за управување со проекти кои се спроведуваат во ИПА, во текот на 2017 година беа преземени следните активности:

Програмирање:

1. Активно учество во новиот пристап базиран на (Sector based approach) програма со цел подготовка на стратешки документи.

2. Активно учество во тековниот програмски циклус на ИПА повеќе-корисничка програма за периодот 2016-2018 т.е. директно вклучување на министерството во процесот на програмирање.

3. Подготовка на стратешки документи за програмирање за ИПА 2 програмски период 2014-2020.

4. Активно учество во подгрупата ,,Внатрешни работи“ за Секторска координација на ЕУ фондови.

5. Подготовка на Изјава за гаранција за 2017 година и Листа за проверка на потпишување на Изјавата за гаранција на СПО за 2017 година.

6. Подготовка на Изјава за управување за 2017 година и Листа за проверка на потпишување на Изјавата за управување на ИПА Координатор за 2017 година.

Техничка имплементација:

1. Избран е Твининг партнер (Конзорциум Литванија-Латвија) за проектот „Понатамошно зајакнување на капацитетите за истраги и увид на лице место“–ИПА 2014. Твининг Договорот се очекува да биде потпишан во јануари 2018 година.

2. Подготвени се Проектните задачи (ToR) за „Изработка на техничка спецификација и поврзани услуги за имплементација на ИКТ систем за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето – фаза 2“-ИПА 2014.

3. Изработено е Тендерско досие за проектот „Градежни работи за воспоставување на ИКТ Центар за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето“-ИПА 2013 и распишана е објава за тендер во текот на првата половина на 2017 година. Во текот на месеците ноември и декември 2017 година спроведена е постапка на евалуација за избор на најповолен понудувач во тендерска постапка. Договорот за градежни работи е потпишан на 19-ти декември 2017 година.

4. Изработено е Тендерско досие за проектот „Набавка на опрема за институциите од областа на правда и внатрешни работи“-ИПА 2013 и распишана е објава за тендер во текот на првата половина на 2017 година. Во текот на декември 2017 година спроведена е постапка на евалуација за избор на најповолен понудувач. Договорот за набавка е потпишан на 19-ти декември 2017 година.

5. Изработено е Тендерско досие за проектот „Надзор над градежните работи за воспоставување на ИКТ Центар за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето“-ИПА 2013 во текот на првата половина на 2017 година. По донесена одлука за компетитивно преговарање направен е избор на фирми и започната е тендерска постапка. Во текот на декември 2017 година спроведена е постапка на евалуација за избор на најповолен понудувач. Сервисниот договор за надзор е потпишан на 19-ти декември 2017 година.

6. Подготвени се Проектни задачи и тендерско досие за проектот ,,Имплементација на ИКТ систем за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето – фаза 2“ - ИПА 2014 .

7. Подготвени се Проектни задачи за проектот „Имплементација на ТЕТРА 4 систем и 112 бројот за итни повици“-ИПА 2016.

Мониторинг

1. Следење и одобрување на извештаите за спроведување на активностите поврзани со проектите:

- ,,Понатамошна институционална надградба и градење на капацитетите на полицијата во областа на граничното управување, работа на полицијата со заедницата и борбата против организираниот криминал“-ИПА 2010.

- ,,Развивање на напреден систем за собирање на информации и анализа за борба против организираниот криминал” – ИПА 2011.

- ,,Јакнење на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупција“-ИПА 2012.

- ,,Подготовка на студија за изводливост за воспоставување на ИКТ Центар за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето ”-ИПА 2012.

- ,,Подготовка на физибилити студија и техничка спецификација за набавка на опрема за институциите од областа на правда и внатрешни работи “ -ИПА 2013.

2. Следење на спроведувањето на активностите, координација при имплементација, одржување работни состаноци и организирање на Управни Комитети поврзани со проектите:

- ,,Развивање на напреден систем за собирање на информации и анализа за борба против организираниот криминал” – ИПА 2011

- ,,Јакнење на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупција“-ИПА 2012

- ,,Подготовка на студија за изводливост за воспоставување на ИКТ Центар за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето ”-ИПА 2012.

- ,,Подготовка на физибилити студија и техничка спецификација за набавка на опрема за институциите од областа на правда и внатрешни работи “ -ИПА 2013.

3. Ревидирање на Регистерот за ризици. Покрај водењето и ажурирање (два пати годишно) на регистерот, од страна на Одделението за ИПА превземени се активности за намалување на идентификуваните ризици кои можат да го попречат неговото ефикасно функционирање.

4. Изработка на Табела за следење на ревизорски наоди, квартални извештаи за преземени корективни мерки и Акциски план за планирани корективни активности за надминување на наодите на внатрешната ревизија во насока на верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола во ИПА структурите за ИПА Компонента.

5. Квартално известување за утврдени неправилности (доставени 4 квартални извештаи за нулта неправилности).

6. Изготвување на квартални извештаи до Секторот за централно финансирање и склучување на договори за напредокот на проектите: ,,Развивање на напреден систем за собирање на информации и анализа за борба против организираниот криминал” – ИПА 2011, и ,,Јакнење на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупција“-ИПА 2012.

7. План за посета за проектот ,,Јакнење на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупција“-ИПА 2012.

8. Ревидирање на План за мониторинг и Годишен План за проектите.

9. Учество во улога на набљудувачи на ТАИБ - Комитет за следење на проектите од првата компонента на ИПА и ИПА Комитет за следење на проектите од сите компоненти на ИПА.

10. „On the spot visit“ за проверка на прогресот на проектите: ,,Развивање на напреден систем за собирање на информации и анализа за борба против организираниот криминал” – ИПА 2011 и ,,Јакнење на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупција“-ИПА 2012. Подготвени извештаи за реализираните посети.

11. Верификација и одобрување на трошоци кои се побарани во текот на имплементација на проектите: непредвидени трошоци, финансиски извештаи итн.

12. Верификација и одобрување на проектни задачи за ангажирање на краткорочни експерти за проектот ,,Јакнење на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупција“-ИПА 2012.

Координирање на активностите во врска со проекти кои се реализираат во рамките на ИПА повеќе-корисничката програма:

- ,,Соработка во кривичната правда: Заштита на сведоци во борбата против организираниот криминал и корупцијата“- (*WINPRO III*) - Регионална програма - ИПА 2012

- ,,Борба против организираниот криминал- меѓународна соработка во кривичната правда“ – Регионална ИПА 2013

Во рамките на TAIEX инструментот за 2017 година преку Одделението за ИПА беа процесуирани три апликации за спроведување на експертска мисија, две апликациии за работилница и пет апликации за реализирање на студиски посети.

**Одделение за програми на заедницата**

Останата странска помош

Проект ,,Развивање на дигителен систем за менаџирање со податоци“ финансиран од страна на Кралството Холандија, каде МВР се јавува како краен корисник.

Проект ,,Интегрирана база за странци, вклучувајќи податоци од областа на азилот,миграциите и визите“ во соработка со Кралството Норвешка.

Проект ,,Изработка на алатка за надградба на ИБАС за постапување по предметите за азил“- УНХЦР.

### 1.5.3 Сектор за преговори и евроинтеграција

Секторот за преговори и евроинтеграција во текот на 2017 година посветено работеше на исполнување на сите приоритети насочени кон европското интегрирање од аспект на Министерството за внатрешни работи, воедно со голема посветеност учествуваше во реализирањето на активностите предвидени со реформскиот план на Владата на РМ, планот 3-6-9 и неговата надградба 3-6-9+.

Ревизија на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА)

Секторот за преговори и евроинтеграција ја координираше ревизијата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) – ревизија 2017-2019 година, во делот на активностите кои произлегуваат од Поглавјето 24, Правда, слобода и безбедност. Секторот оддржа бројни состаноци и ја оствари потребната комуникација со сите релевантни субјекти во и надвор од МВР, што резултираше со изготвување на сите елементи на овој значаен документ (наративен дел, матрица со утврдените активности, зајакнување на административниот капацитет и планирање на финансиски средства за реализација на Програмата). Изготвениот документ претставува клучна алатка што ги апсорбира мерките за надминување на констатираните забелешки во Извештајот на ЕК за напредокот во процесот на евроинтеграциите на државата, и воедно стратешки го определува обемот и динамиката на усогласување со законодавството на ЕУ.

Придонес кон годишниот извештај на ЕК за напредокот во процесот на евроинтеграции

Секторот за преговори и евроинтеграција како дел од своите редовни активности, во текот на годината на редовна основа доставуваше месечни и квартални извештаи за степенот на реализација на активностите предвидени со НПАА за 2017 година и како придонес кон годишниот извештај на ЕК за напредокот во процесот на евроинтеграции во кои се нотираат финализираните активности и постигнатите резултати за Поглавјето 24 - Правда, слобода и безбедност. Исто така, претставниците од Секторот, во текот на целата година активно учествуваа во работата на РГ за сите области од поглавјето 24.

Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Македонија и Европската унија

Во текот на 2017 година, Секторот за преговори и евроинтеграција како надлежна организациона единица за координација на процесот на интеграција во однос на активностите за Поглавјето 24 - Правда, слобода и безбедност, а во координација со Секретаријатот за Европски прашања го подготви Дванаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Македонија и Европската унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 14 и 15 ноември 2017 година во Скопје.

Секторот, во соработка со надлежните организациони единици во МВР и останатите надлежни институции подготвени материјали, согласно предвидените теми на интерес за следниве области: визна политика и гранично управување; азил, миграција и реадмисија; реформа на полиција; борба против организиран криминал; перење на пари, економски и финансиски криминал; трговија со луѓе; борба против тероризам и превенција од дроги.

Исто така, Секторот учествуваше и во подготовките и координацијата на:

- Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Република Македонија и ЕУ за областа “Компјутерска безбедност”, кој се одржа на 28 ноември 2017 година во Скопје

- Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економски прашања и статистика помеѓу Република Македонија и ЕУ за областа “Заштита на еврото од фалсификување”, кој ќе се одржа на 17 октомври 2017 година во Скопје, и

- Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за животна средина, транспорт, енергетика и регионална политика помеѓу Република Македонија и ЕУ за областа “Безбедноста на патниот сообраќај”, кој се одржа на 19 март 2018 година во Скопје .

Реализација на активности кои произлегуваат од реформскиот план на Владата 3-6-9

Секторот за преговори и интеграција од самиот почеток учествуваше во повеќе клучни процеси за Министерството за внатрешни работи поврзани со концепирање, координација и давање ефективен придонес околу:

- Надминување на забелешките од Групата високи експерти за системски прашања поврзани со владеење на правото од аспект на следењето на комуникациите

- Воспоставување на надворешниот механизам за надзор над работата на полицијата

- Стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со акциски план за нејзино спроведување

- Назначувањето на Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

- Иницирање и реализација на активностите околу формирањето на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

- Преговори со ФРОНТЕКС

- Законот за меѓународна и привремена заштита

- Законот за странци

- Воспоставување на Национална единица за сузбивање на криумчарењето на мигранти и трговија со луѓе

1. Системски прашања од областа на владеењето на правото во врска со следењето на комуникациите

Планот за имплементација на препораките на Групата високи експерти за системските прашања од владење на правото во врска со следењето на комуникациите беше највисоко на агендата на Секторот за преговори и евроинтеграција. Во рамки на Работната група за изготвување и следење на имплементацијата на планот за реализација на препораки на Групата високи експерти за системски прашања во врска со следењето на комуникациите свој претставник имаше и Секторот за преговори и евроинтеграција. Работната група со поддршка од Експертската мисија од Европската Комисија успешно ги реализира зацртаните цели согласно предвидената динамика. Имено, беа изготвени Закон за следење на комуникациите, Закон за оперативно-техничката агенција како и закон за изменувања и дополнувања на Законот за електронски комуникации, закон за изменувања и дополнувања на Законот за безбедност на класифицирани информации и Предлог закон за изменувања и дополнувања на Законот за кривична постапка. Во текот на целиот процес беше обезбедена инклузивност преку презентација на предлог решенијата и консултација со здруженијата на граѓани од оваа област.

2. Надворешен механизам за контрола над работата на полицијата

Секторот за преговори и евроинтеграција активно учествуваше во реализација на активностите предвидени во Планот 3-6-9 на Владата на Република Македонија, а кои се

однесуваа на воспоставување на надворешниот механизам за контрола над работата на затворската полиција и вработените во МВР со полициски овластувања. Во декември 2017 година, од ВРМ беа усвоени предлозите на пакетот законски изменувања и дополнувања со цел формирање на посебно одделение во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и формирање на посебна организациона единица кај Народниот правобранител како механизам за граѓанска контрола. Целосното воспоставување на надворешниот механизам се очекува во 2018 година.

3. Стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со акциски план за нејзино спроведување

Во насока на реализација на активностите предвидени во Планот 3-6-9 на Владата на Република Македонија, како и надминување на препораките во Извештаите на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија, а водени пред се од потребата за јакнење на националните капацитети во однос на водењето на финансиски истраги и конфискацијата имот, беше формирана Работна група од страна на Министерот за внатрешни работи со цел изготвување на Стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акциски план за нејзино спроведување. Во Работната група учествуваа и двајца претставници од Секторот за преговори и евроинтеграција. Како поддршка на Работната група беше ангажиран надворешен експерт од областа преку проектот за јакнење на националните капацитети во борбата против организираниот криминал и корупцијата, во рамки на ИПА 2012. Националната Стратегија заедно со Акцискиот план е донесена за периодот 2018-2020 година. Во декември 2017 беше изготвена Националната Стратегија заедно со Акцискиот план за нејзино спроведување. Секторот за преговори и евроинтеграција имаше клучна улога во целиот процес, вклучително и во делот на иницирање на постапката за изготвување на стратешките документи преку изработка на соодветна компаративна анализа за искуствата на државите од регионот и ЕУ.

4. Борба против тероризам

Со цел надминување на препораките од Извештаите на Европската Комисија за 2015 и 2016 година и Стејт Департментот на САД каде се наведува потребата од сеопфатна и ефикасна Стратегија за превенција и борба против радикализација Секторот за преговори и евроинтеграција ги иницираше и презеде следните активности:

По изготвената компаративна анализа од страна на Секторот, на моделите на Националната координација за борба против тероризам, во кои како национални модели беа анализирани неколку земји членки на ЕУ, како и земјите од Западен Балкан, во мај 2017 година, Секторот изготви Информација за потребата за изготвување на национална Стратегија на Република Македонија за борба против насилниот екстремизам, која беше усвоена од страна на Влада во јули 2017 година.

Во таа насока, Секторот придонесе кон изготвување на Одлуката за формирање на работна група за изготвување на стратешки документи во борбата против тероризмот и следење на нивната имплементација. Со оваа Одлука се формира Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам. Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам се формираше како национално координативно тело во Република Македонија со цел следење и анализирање на состојбата со превенцијата на насилниот екстремизам и борба против тероризам и координирање на активностите на надлежните институции во Република Македонија кои работат на решавањето на проблемите во оваа област.

Секторот учествуваше и во иницирањето и реализацијата на активностите околу назначувањето на Националниот координатор за за спречување на насилен екстремизам и борба против терорзам и неговите двајца заменици.

Исто така, во извештајниот период по иницијатива на Секторот беше изготвена првична анализа на Директивата на Европскиот парламент и на Советот за борба против тероризмот, која ја заменува постоечката Рамковна Одлука на Советот 2002/475/ПВР за борба против тероризмот.

Анализа на Директивата беше изготвена како основа за дискусија која понатаму детално ќе се елаборира од страна на работна група која ќе дефинира решенија за понатамошно усогласување со европското законодавство во областа на борбата против тероризам во наредниот период.

Со цел имплементирање во нашето законодавство, Секторот изготви и анализа на Директивата 2016/681/ЕУ за употребата на податоци од евиденцијата на податоците за патниците (PNR) со цел спречување, откривање, истрага и кривично гонење на кривичните дела на тероризам и сериозен криминал, усвоена од страна на Советот на Европската Унија на 21 април 2016 година.

5. Договорот за статус меѓу Европската Унија и Република Македонија за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија (Договор со Фронтекс)

Секторот за преговори и евроинтеграција преку свои претставници зема активно учество во состаноците со претставниците на Фронтекс како дел од делегацијата на Република Македонија, по однос на преговорите за склучување Договор за статус меѓу Владата на Република Македонија и ЕУ за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, кој би овозможил имплементација и на овој вид на соработка со ЕУ и Фронтекс, согласно Регулативата број 2016/1624 од 14 септември 2016 година, за Европската гранична и крајбрежна стража, со која Фронтекс има мандат за распоредување на мисии и на територија на земји кои не се членки на ЕУ.

При тоа одржани беа два состанока помеѓу делегациите на Република Македонија и претставниците на Фронтекс во септември и ноември 2017 година Текстот на договорот е во финална фаза.

6. Законот за меѓународна и привремена заштита

Секторот за преговори и евроинтеграција преку свој претставник активно учествуваше во работната група која беше задолжена да изготви предлог текст на нов Закон за меѓународна и привремена заштита. Од страна на Секторот за преговори и евроинтеграција беше изготвена детална техничка анализа на ЕУ законодавството во областа на азилот и степенот на негова инкорпорираност во националното законодавство. Во работната група покрај претставници од Министерството за внатрешни работи, активно учествуваа и претставници на Министерството за труд и социјална полтика, Управниот суд и Високиот комесаријат за бегалци при Обединетите нации – УНХЦР. Исто така, со асистенција на TAIEX беше ангажиран експерт, при што во текот на 2016 година беа одржани три експертски мисии, а во јули 2017 година беше одржана последната експерстска мисија. Предлог текстот на новиот ЗМПЗ, во голема мерка беше усогласен со Директивите од правото на ЕУ[2] во областа азил, и препораките на експертот ангажиран од страна на ЕК.

Воедно текстот на новиот закон во септември 2017 година беше доставен на мислење до Европската Комисија (ЕК). Во ноември 2017 година беа добиени забелешки од страна на ЕК по однос на предлог текстот на ЗМПЗ. Забелешките на ЕК и коментарите кои што беа добиени додека предлог текстот на ЗМПЗ беше прикачен на ENER во голем дел се инкорпорираа во ЗМПЗ.

[2] Директива 2001/55/ЕЗ на Советот за определување минимални стандарди во постапката за давање привремена заштита во случај на масовен прилив на раселени лица и за мерките за воспоставување рамнотежа меѓу активностите на земјите-членки при прием на раселени лица, како и при поднесувањето на последиците од таквите активности; Директива 2011/95/ЕЗ на ЕП и на Советот за утврдување на стандардите за лица од трети земји или лица без државјанство кои се корисници на меѓународна заштита, за воедначен статус на бегалците или лица кои се под супсидијарна заштита, и за содржината на доделената заштита; Директива 2013/32/ЕУ на ЕП и на Советот од 26 јуни 2013 година за заедничка постапка при доделување и повлекување на меѓународната заштита и Директива 2013/33/ЕУ на ЕП и на Советот од 26 јуни 2013 година за утврдување на стандарди за прием на баратели на меѓународна заштита.

7. Закон за странци

Во насока на понатамошно усогласување со ЕУ легислативата[3] во областа на миграција, Секторот за преговори и евроинтеграција зема активно учество во изготвувањето на нов Закон за странци кој во октомври 2017 година беше доставен на мислење до Европската Комисија(ЕК).

Целта на новиот Закон за странци е уредување на правото на влез и престој на странците во Република Македонија, како и нивните права и должности за време на престојот. Воедно во предлог текстот на Законот за странци беа земени во предвид и забелешки на високата група на експерти за следење на имплементацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за Акција против трговија - ГРЕТА. Забелешките на ГРЕТА се однесуваат на дозволата за доброволно враќање на странците.

8. Формирање на Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе

Со цел следење на препораките предвидени во Реформскиот План 3-6-9 на Владата на Република Македонија, како и Националната стратегија и Акцискиот план за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти (2017-2020 година) и во насока на подобрување на капацитетите за справување со овој проблем се наметна потребата од формирање на Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Националната единица се формира со цел јакнење на националните капацитети и зголемување на ефикасноста на полицијата и обвинителството во сузбивањето на организираните форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе .

Секторот за преговори и евроинтеграција активно учествуваше во сите активности околу формирањето на Националната единица преку подготовка на релевантни материјали и информации за информирање на Владата за потребата од воспоставување на Националната единица. Покрај тоа, Одделот ја координираше и активноста околу одржување на Работилница за размена на регионални искуства и најдобри пракси во борбата против криумчарењето на мирганти и трговијата со луѓе која се одржа во Скопје во периодот од 13 до 14 септември 2017 година. За време на Работилницата беа презентирани искуствата на Република Србија во поглед на формирање на Постојана ударна група – TASK FORCE за криумчарење мигранти.

Националната единица е официјално воспоставена со потпишување на Меморандум за соработка во областа на сузбивање на организирани форми на криумчарење мигранти, склучен меѓу Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство на Република Македонија.

Годишен акциски план за спроведување на Стратегијата за интегрираното гранично управување

Секторот за преговори и евроинтеграција преку свои претставници зема активно учество во изготвувањето на годишниот акциски план за спроведување на Стратгијата за интегрираното гранично управување.

Заеднички комитет за реадмисија ЕУ-МК

Секторот за преговори и евроинтеграција преку свој претставник учествуваше на 5-от состанок на Заедничкиот комитет за реадмисија, воспоставен според Спогодбата помеѓу

---

[3] Новиот предлог текст на Законот за странци е усогласен со: Директива 2003/86/ЕЗ на Советот (22 септември 2003 година)за правото за повторно обединување на семејството, Директива 2003/109/ЕЗ на Советот од 25 ноември 2003 за статусот на државјани на трети земји што се жители со долготраен престој , изменета со Директивата 2011/51/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот од 11 мај 2011 година ; Директива на Советот 2005/71/ЕЗ од 12 октомври 2005 година за посебна постапка за дозвола за влез на државјани од трети земји за целите на научно истражување , Директива на Советот 2004/114/ЕЗ од 13 декември 2004 година за условите за прифаќање на државјани на трети земји за целите на студии, размена на ученици, обука без надомест или волонтерски сервис , Директива 2004/81/ЕЗ на Советот од 29 април 2004 година за дозвола за престој издадена на државјани од трети земји кои се жртви на трговија со луѓе или кои биле предмет на дејство за олеснување на нелегалната имиграција и кои соработувале со надлежните власти, Регулатива (ЕЗ) бр. 1030/2002 на Советот од 13 јуни 2002 година за утврдување на еднообразен формат на дозволи за престој за државјани на трети земји.

Република Македонија и Европската Унија (ЕУ) за преземање на лица кои престојуваат без дозвола кој беше одржан на 9 октомври 2017 година во Брисел.

Целта на состанокот помеѓу делегациите на Република Македонија и ЕУ беше размена на информации за тековните и планирани преговори за билатерални протоколи за спроведување помеѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ, статистички податоци за реадмисија и враќања и се информираа меѓусебно за сопствените промени во политиката за реадмисија. Воедно на состанокот беа усвоени дневниот ред за 5-от Заеднички комитет за реадмисија и записникот од 4-от Заеднички комитет за реадмисија на Република Македонија и ЕУ .

Регионална поддршка на управувањето со сензитивната миграција во делот на Западен Балкан и Турција

Секторот за преговори и евроинтеграција преку свој претставник учествуваше на работилница на тема ,,Заедничкиот европски систем за азил и Директивата за процедури за азил" во рамки на проектот ,,Регионална поддршка на управувањето со сензитивната миграција во делот на Западен Балкан и Турција" во организација на Европската канцеларија за подршка на азилот(ЕАСО) која се одржа на 27 октомври 2017 година во Белград, Република Србија. На средбата покрај представници од Република Македонија, присуствуваа и представници од Република Србија кои работат во областа на азилот.

Целта на работилницата беше размена на искуства на членовите на работната група за изработка на нов Закон за меѓународна и привремена заштита, запознавање со улогата и начинот на функционирање на ЕАСО, функционирањето на Заедничкиот европски систем за азил во рамките на земјите членки на Европската Унија целта за негово воспоставување како и запознавање со главните начела, процедуралните гаранции и процедурите согласно Процедуралната директива 2013/32/ЕУ на ЕП и на Советот од 26 јуни 2013 година за заедничка постапка при доделување и повлекување на меѓународната заштита.

Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето

Претставник од Секторот за преговори и евроинтеграција активно учествуваше во Работната група за изготвување на Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето, од аспект на изготвување анализи во однос на усогласување со директивите на Европската Унија и изготвување на коросподентните табели.

Исто така, во извештајниот период претставникот од Секторот активно учествуваше и во Националната Комисијата за мало и лесно оружје од аспект на придонесување кон надградување на националното законодавство, следејќи ги новините на Европското законодавство.

Соработка со меѓународни организации од аспект на борбата против трговија со луѓе

Совет на Европа

Група на експерти за преземање акција против трговијата со луѓе при Советот на Европа – ГРЕТА

Република Македонија како земјите-потписничка на Конвенцијата на Советот на Европа за преземање акција против трговија со луѓе во 2017 година беше предмет на Евалуација од страна Групата на експерти за преземање акција против трговијата со луѓе при Советот на Европа –ГРЕТА. Секторот за преговори и интеграција го координираше процесот за Втората евалуациска посета на ГРЕТА, овозможувајќи непречено и ефикасно одржување на работни состаноци со сите релевантни владини и невладини претставници.

Нацрт-верзијата на тековниот извештај беше одобрена од ГРЕТА во јули 2017 година. Во извештајот се содржани податоци до 24 ноември 2017.

Претставници од Секторот за преговори и евроинтеграција и во текот на 2017 година активно учествуваа во реализацијата на активностите предвидени со проектот „Horizontal Facility for Western Balkan and Turkey "на Советот на Европа.

Согласно предвидената динамика на проектот во текот на 2017 година се спроведоа работилници и обуки кои ќе овозможат успешна имплементација на предвидените стандарди од областа трговија со луѓе. Во текот на 2017 година беа одржани неколку состаноци меѓу членовите на Управениот комитет на кои беа разгледувани и презентирани спроведените активности наведени во проектот.

Соработка со Меѓународната организација за миграции – ИОМ

Во текот на 2017 година продолжи соработката со Меѓународната организација за миграции – ИОМ која е долгогодишен партнер на Министерството за внатрешни работи, преку реализиција на повеќе проекти и активности наменети за подобрување на капацитетите на Министерството од аспект на сузбивање на трговијата со луѓе.

Имено, во септември 2017 година ИОМ го поддржа одржувањето на Работилница за размена на регионални искуства и најдобри пракси во борбата против криумчарењето на мирганти и трговијата со луѓе, која се одржа во Скопје во периодот од 13 до 14 септември 2017 година. Покрај тоа, повторно со поддршка на ИОМ делегација од МВР, во ноември 2017 година оствари работна посета на Постојаната ударна група за борба против криумчарење мигранти на Република Србија.

На 15 декември 2017 година, ИОМ Скопје започна со имплементација на проектот "Зајакнување на националните капацитети во областа на азилот, миграциите и трговијата со луѓе " поддржан од Европската Унија. Главната цел на проектот, чија имплементација ќе биде во период од 18 месеци, е подобрување на системот на управување со миграциите во согласност со меѓународните стандарди, и подобрување на пристапот до услугите за заштита на ранливите категории на мигранти, преку воспоставување и градење на капацитетите на четири мобилни тимови (во Скопје, Куманово, Битола, и Гевгелија) составени од претставници на релевантните институции (МТСП/ЦСР и МВР) и невладиниот сектор.

Соработка со УНХЦР

Секторот за преговори и интеграција преку Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција ја продолжи успешната соработка со УНХЦР и во текот на 2017 година. Имено, покрај поддршката која УНХЦР ја даде на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во однос на обезбедувањето финансиски средства за реактивирање на веб страната на Комисијата, УНХЦР, во соработка со Млади правници поддржа одржување на обука за јакнење на капацитетите на локалните комисиии за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, запознавање со проблематиката - трговија со луѓе и илегална миграција, како и справување со предизвиците на локално ниво.

## 1.6 Оддел за односи со јавност и стратешки прашања

### 1.6.1 Сектор за односи со јавност и протокол

Секторот за односи со јавност и протокол (во чиј состав спаѓаат Одделението за односи со јавност, Одделението за информации од јавен карактер и Одделението за протоколарни настани и активности) информирањето го правеше секојдневно преку разни комуникациски форми овозможувајќи пристап до информациите на сите новинари или други заинтересирани кои ги побарале или ги бараат, врз недискриминаторска основа поаѓајќи од начелото за транспарентност и отчетност, поради правото на јавноста да биде информирана за работи и настани што се од јавен интерес.Притоа, особено се внимаваше

на точноста и редовноста на информациите, како и да не се наштети на истрагата и на презумпцијата на невиност на осомничениот или обвинетиот, на што секако и законот обврзува.

Анализа на активности

Во текот на извештајниот период комуникацијата со медиумите е остварена преку следниве форми:

- Брифинг со новинари и секојдневна телефонска комуникација

- Брифингот со новинари и секојдневната телефонската комуникација беше еден од најчесто практикуваните начини, преку кој лицата задолжени за односи со јавност во Секторот , портпаролот на МВР и портпаролите во Секторите за внатрешни работи ги информираа,навремено и детално ги известуваа новинарите за настани од секојдневието од нивен интерес и статистика од полициската област.

- Соопштенија за печат

Во текот на изминатата 2017 година на веб страницата на Министерството за внатрешни работи обработени се 426 информации кои во форма на соопштенија се пласирани на веб страницата и истовремено дистрибуирани до сите медиумски сервиси. Во извештајниот период на сајтот на МВР објавени се и 365 дневни билтени со извадок на дел од дневните настани. Исто така, секојдневно се пласирани и други информации (известувања, соопштенија, настани поврзани со полициското работење и кампањи за сообраќај и слични полициски активности). На веб страната на Министерството за внатрешни работи , во текот на 2017 година, објавени се 92 фото галерии достапни за јавноста со преку 1.000 фотографии од најразлични настани поврзани со активностите во министерството. Од 2010 година министерството има и YouTube канал „ Македонска полиција “ на кој во извештајната 2017 година објавени се 142 видеа од активностите на министрите, замениците министри и техничките министри, како и полициски акции и видеа за едукација на граѓаните. Каналот го следат 5369 активни следачи, додека објавените видеа имаат околу 700,000 прегледи за 2017 година.

Под надлежност на Секторот за односи со јавност и протокол е и официјалниот Фејсбук профил на МВР, https://www.facebook.com/makedonskapolicija/, на кој секојдневно се постираат билтени, соопштенија, известувања и сите други активности на министерството. Профилот беше отворен во септември 2017 година.

Во текот на 2017 година постапено е по 2424 писмени барања од новинари и медиуми.

Веб страница на МВР

Што се однесува до фунционирањето на веб страницата, според сите показатели, таа и во 2017 година е една од најпосетените институционални веб страници. Покрај ова, Секторот го сервисира и делот од владиниот проект Е-влада каде по електронски пат се испраќаат државјанства, информации, закони, одлуки и др. За 2017 година испратени се 48 барања за добивање државјанство, 23 информации и 3 предлози. Комуникација со граѓаните се остварува и преку официјалниот контакт е-маил на Министерството за внатрешни работи kontakt@moi.gov.mk, каде што секојдневно пристигнуваат прашања од граѓани и институции, анонимни пријави за секаков вид криминал, забелешки и поплаки против вработени од министерството и барања од разни области кои се во делокругот на работењето на Министерството за внатрешни работи. Во текот на минатата 2017 година, пристигнати се околу 1200 електронски пораки од граѓани и институции, кои во најбрз можен рок се одговорени или препретени до надлежните служби од министерството за прецизен и конкретен одговор за одредено барање. Секторот за односи со јавност и протокол на веб страницата на МВР ги прикачува Јавните објави за доставување што пристигнуваат на меилот kontakt@moi.gov.mk од сите Одделенија за прекршоци при МВР во Р. Македонија. Во текот на 2017 година се прикачени повеќе од 1000 јавни објави за доставување.

## Прес конференции и други настани

Во текот на годината секојдневно одговаравме и на барањата на медиумите за изјави и реакции, а беа одржани над 100 прес конференции на највисоко ниво во врска со настани и реализации поврзани со работењето на МВР. Секторот партиципираше во организирање и одбележување значајни денови, а ги координираше и барањата за снимање и следење на работа на организациони единици.

## Медиумски кампањи и проекти

Секторот континуирано го реализира и проектот „Предложете сообраќајна контрола на веб-страницата на МВР“. Во текот на 2017 година пристигнати се околу 70 барања од граѓани, кои веднаш се проследуваат до надлежните во нашето министерство. Беа реализирани десетина медиумски кампањи за превенција, во соработка со Секторите за превенција при МВР.Апликацијата “Црвено копче“ која е наменета за пријавување какви било сознанија или информации од областа на злоупотреба на деца, криминал од омраза и повикување на насилство, како и трговија со луѓе. Во текот на 2017 година пристигнати се околу 52 пријави од страна на граѓани.

## Координирање на локалните канцеларии за односи со јавност

Во текот на 2017 година од локалните канцеларии за Односи со јавност испратени се над 946 соопштенија, за што се дадени 380 изјави по разни поводи од доменот на полициските активности. Секојдневно, редовно и континуирано локалните портпароли комуницираа со медиуми како за дневни настани, така и за барања испратени од медиумите, а истите се во надлежност на Секторите за внатрешни работи.

## Информации од јавен карактер

Во текот на 2017 година до МВР поднесени се 343 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од вкупно поднесените барања во извештајниот период позитивно е одговорено на 278 барања, 47 барања се неоговорени бидејќи се пристигнати на крајот на извештајниот период и законскиот рок за одговор сеуште не е истечен. Во извештајниот период исто така 9 (девет) барања се препратени до други иматели на информации од јавен карактер од кои на 2 (две) барања МВР дало делумен одговор, а за дополнение се препратени согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во текот на извештајниот период обиени се 9 (девет) барања од кои 5 (пет) поради тоа што бараната информација била со степен на класификација „строго доверливо“, 2 (две) барања поради тоа што содржеле лични податоци 1 (едно) едно барање поради почитување на начелото на презумција на невиност и уште 1 (едно) барање бидејќи бараната информација се однесувала на случај за кој има предистражна постапка и информацијата содржи лични податоци. Во текот на извештајниот период вложени се 9 (девет) жалби на одговори дадени од МВР , а од страна на Комисијата усвоени се 5 (пет) жалби поднесени од барателите. Министерството за внатрешни работи по постапување на Комисијата преиначило 3 (три) првостепени одлуки. Комисијата одбила 3 (три) жалби бидејќи биле неосновани. Во текот на 2017 година нема отфрлени жалби од Комисијата, додека една жалба била запрена бидејќи барателот ја повлекол жалбата.

## Активности на Одделението за протоколарни настани и активности

За периодот Јануари – Декември 2017 во Министерството и надвор од него беа реализирани бројни активности, настани, промоции на проекти, средби, состаноци и конференции на регионално и меѓународно ниво на кои учествуваа министрите Агим Нухиу

и Оливер Спасовски, како и други високи функционери од МВР на Република Македонија и тоа:

- Официјални посети на МВР и другите авторитети од Министерството во странство – 11;

- Официјални посети на странски МВР и други високи претставници – девет;

- Посета на социјално загрозени семејства - четири;

- Средби со граѓански асоцијации - 10;

- Работни посети на министерот на СВР, ПС и ГП и организациони единици во МВР - 15;

- Средби на министерот за внатрешни работи и другите авторитети од Министерството со Високи претставници на меѓународно ниво и протоколарни состаноци од земјава и од странство со дипломатскиот кор - 45;

- Учество на Министерски Конференции на меѓународно ниво - седум;

- Учество на Конференции во Република Македонија - девет;

- Потпишани меморандуми, договори, спогодби на национално и меѓународно ниво – шест;

- Донации од странски влади и меѓународни организации на РМ – шест;

- Вежби- три.

### 1.6.2 Сектор за стратешко планирање и управување со квалитет

Единица за управување со квалитет

Единицата за управување со квалитет во текот на 2017 година ги реализираше работните задачи и активности насочени кон остварување на програмски цели за работа: Обуки; Сертификација на Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет и Центарот за обука по ИСО 9001:2015; Отпочнување на процесот на транзиција од ИСО 9001:2008 во ИСО 9001:2015 и афирмација на Системот за управување со квалитет во Министерството.

А) Обука

Во насока на подобрување на знаењето на вработените и стручна надградба, ЕУК оргагнизираше обуки за вработните ССПУК и останите организациски единици вклучени во системот за управување на квалитет.

Единицата за управување со квалитет, во соработка со консултантската куќа „ЕУРОМАК-КОНТРОЛ“ од Скопје, во септември 2017 година, спроведе обука за стандардот ISO 9001:2015 - Системи за менаџмент со квалитет – Барања. Со оглед дека ,,Лидерството“ претставува ново барање во наведениот стандард, на обуката учествуваа 56 раководни работници од организациските единици вклучени во Системот за менаџмент со квалитет, за што на учесниците им беа доделени сертификати за положен тест за барањата на стандардот ISO 9001:2015. Стекнатото знаење на учесниците ќе овозможи успешна транзиција на системот за менаџмент со квалитет и ефективно управување со истиот. Во октомври 2017 година, истата консултантска куќа спроведе и обука за стандардот ISO 31000:2009 - Систем за управување со ризик, на која земаа учество 22 вработени од организациските единици вклучени во Системот за менаџмент со квалитет.

Вработените од ЕУК учествува и на напредна обука за стратешко планирање, реализирана во рамките на Проектот со ОБСЕ во месец октомври-ноември 2017 година, на која што предавач беше проф. д-р Цветко Смилевски од Бизинс Акедемија Смилевски. Во декември 2017 година, вработен од ЕУК посетија и обука ,,Воведување на модели и системи за управување со квалитет во јавниот сектор“ организирана од МИОА. На оваа

обука учествуваа претставници од јавната администрација, а цел на обуката беше зајакнување на капацитетите на иституциите во делот на управување со квалитет со посебен акцент на CAF моделот.

Исто така, беше одржана еднодневна обука на тема: „Управување со ризици“ - ISO 31000:2009 - принципи и насоки од страна на Милан Бубуљ, универзитетски професор во Република Србија. На обуката земаа учество вработени од Секторот и претставник од Центарот за обука.

Во периодот од 21 до 23 март 2017 година во рамките на Проектот за унапредување на стратешкото планирање и имплементација на ISO 9001:2015 во Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет и Центарот за обука поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беше реализирана студиска посета на Сојузната криминалистичка полиција на Австрија во Виена на тема „Стратешки менаџмент и управување со квалитет“. На студиската посета земаа учество вработени од Секторот директно инволвирани во процесот на стратешко планирање и воведување на системи за управување со квалитет, при што истите се стекнаа со знаења, вештини и искуства потребни за подобрување на процесот на стратешкиот менаџмент и системот за управување со квалитет.

Б) Подготвителни активности за сертификација на ССПУК и Центарот за обука

Кон крајот на 2016 година беше отпочнат проект со поддршка на Мисијата на ОБСЕ за сертификација на ССПУК и Центарот за обука, за што беше ангажирана консултантската куќа „Сертификација ДОО“ - Бања Лука, од Босна и Херцеговина, која ги спроведе подготвителните активности за сертификација. Проектните активности, во кои беа вклучени вработените од ЕУК и претставник од Центарот за обука, започнаа во октомври 2016 година кога беше формиран тим за спроведување на активностите, утврдена методологија за работа, план за активности и дефиниран опсегот за сертификација. Според утврдената динамика, активностите продолжија и во 2017 година, со одржување на планираните состаноци на кои беше изработена целокупната докумнетација (седум системски процедури со записи), со што во април 2017 година беа финализирани подготвителните активности потребни за сертификација.

В) Отпочнување на процесот на транзиција од ИСО 9001:2008 во ИСО 9001: 2015

Најголем предизвик за Единицата за управување со квалитет во текот на минатата година беше отпочнување на процесот на транзиција на имплементираниот систем за менаџмент со квалитет ISO 9001: 2008 во ISO 9001:2015 во организациските единици за потребите на Министерството. За споведување на овие активности беше склучен договор со консултантската куќа „ЕУРОМАК-КОНТРОЛ“ од Скопје за реализирање на обуки и консултантски услуги за начинот на спроведување на транзицијата.

Од Септември 2017 година започнаа подготвителните активности при што беше реализирана обука за вработените, а потоа беше изработен динамичен план со утврдена методологија за работа.

Согласно динамиката на планот во Ноември 2017 година, ЕУК како носител на активностите за транзиција, започна со предивидените активности и притоа се одржаа четири работни состаноци, на кои беа изготвени работни верзии на Прирачник за квалитет на ССПУК и Политика за квалитет на министерството, кои се доставени на мислење и одобрување до сите организациски единици.За успешна реализација на активностите ќе се формира Тим за квалитет на ниво на Министерство кој ќе биде одгпворен за спроведување на целокупниот процес и тимови за квалитет во организациските единици, одговорни за транзицијата во нивниот делокруг на работа.

Г) Афирмација на Системот за управување со квалитет во Министерството.

Во насока на афирмација на системот за менаџмент со квалитет ЕУК редовно го известуваше врвното раководство за реализираните активности. Исто така од страна на единицата беа подготвени кратки презентации за имплементацијата на системот за менаџмент со квалитет во МВР кои беа презентирани за време на спроведувањето на наведените обуки пред раководните работници од организациските единици за потребите на министерството.

За добивање поддршка при спроведување на процесот на транзицијата и целокупно запознавање на врвнто раководство со до сега преземените активности, како и активностите кои следат, во декември 2017 година беше оддржан работен состанок со Државниот секретар и помошниците на министерот. На состанокот беше одржана кратка презентација за досега преземените активности на министерството при имплементација на овој стандард и идните активности, со посебен акцент на потребата од подршка од врвното раковоство за спроведување на целокупниот процес.

Д) Останати активности

1. Изработка и ревизија на процедури

Во организациските единици за потребите на Министерството во 2017 година беа изработени и одобрени тринаесет нови процедури, а беше извршено ревидирање на една процедура и едно работно упатство согласно препораките од првата надзорна проверка.

2. Спроведување на интерни проверки

Согласно претходно изработени Програма и План за интерна проверка за 2017 година, одобрени од Државниот секретар во мај/јуни беа спроведени интерни проверки во организациските единици кои имаат имплементиран Систем за управување со квалитет. Проверките ги спроведоа два тима за интерна проверка формирани од интерни проверувачи, обучени за барањата на стандардот ИСО 9001:2008, а тројца вработени од ЕУК учествуваа во улога на набљудувачи, од причина што истите поседуваат сертификати за интерни проверувачи за ISO 9001:2015.

Предмет на проверки беа барањата на стандардот кои се однесуваат на управување со документацијата, состаноци на врвното раководство, обуки на вработените, планирање и поставување на цели за квалитет. Проверките беа спроведени на ниво на Сектор преку интервју со началниците на секторите. По завршување на интерните проверки од страна на тимовите беа изработени поединечни извештаи, од кои е изготвен збирен извештај во кој се константирани неусогласености и истиот е доставен до Државниот секретар. При интерните проверки беа констатирани неусогласености во делот на годишното планирање и определувањето на цели за квалитет и во делот на планирањето на обуките во две организациски единици (Оддел за општи и заеднички работи и Секторот за односи со јавност), а генерална забелешка беше неизготвувањето на записи од состаноците со врвното раководство.

3. Втора надзорна проверка

Во периодот од 04 до 06.09.2017 година, под раководство на Државниот секретар како претставник на раководството и заменикот на менаџерот за квалитет беше спроведна втора надзорна проверка во Министерството од страна на сертификационото тело „МКД СЕРТИФИКАТ". По завршувањето на надзорната проверка до Министерството беше доставен Извештај од аудит и образец за управување со неусогласености, по што се реализираа активности за надминување на сите констатирани забелешки и препораки.

Единица за стратешко планирање

Единицата за стратешко планирање е организациска единица во состав на Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет во Оддел за односи со јавност и стратешки прашања. Истата како носител на процесот на стратешкото планирање во МВР изработува Стратешки план на министерството, согласно Прирачникот за изработка на Стратешки план и Методологијата за стратешко планирање и подготвување на годишна програма за работа на Владата на РМакедонија.

Воедно, во рамки на процесот на стратешкото планирање, Единицата го следи планирањето, подготовката, имплементацијата и евалуацијата на проекти од стратешко значење, изготвува анализи и информации за прашања од нејзина надлежност, дава иницијативи и се вклучува во изготвување и имплементација на законски и подзаконски акти од стратешко значење.

Во текот на 2017 година Единицата за стратешко планирање ги реализираше активностите предвидени во Планот за работа на Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет за 2017 година. Конкретно, Единицата ги реализираше следниве активности:

Изготвен Стратешки план на МВР за 2017-2019 година;

Изготвена скратена верзија на Стратешкиот план на МВР за 2017-2019 година и објавен на web-страната на министерството;

Изготвен Нацрт-стратешки план на МВР за 2018-2020 година;

Во тек е ажурирање на Нацрт-стратешкиот план за 2018-2020 година(на 20.12.2027 година од страна на Единицата за стратешко планирање се изготвени и доставени дописи до организациските единици за потребите на министерството БЈБ и УБК за изготвување Извештај за остварен напредок за 2017г);

Од страна на работна група (со Решение бр.13.1.1-47884/1 од 13.07.2017 година) изготвен е предлог-текст на интерен акт (Упатство) за начин на постапување на организациските единици во министерството при изготвување на Стратешки план на МВР (истиот на 11.12.2017 година е доставен до Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси за негово официјално донесување);

Од страна на работна група (со Решение бр.13.1.1-30441/1 од 05.05.2017 година) изготвен предлог-текст на интерен акт (Правилник) за начинот на следење и евалуација на проекти во МВР (истиот на 12.12.2017 година е доставен до Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси за негово официјално донесување);

Проектот за информатичко-техничка поддршка за следење и евалуација на реализацијата на национални стратегии, стратегии од надлежност на МВР и проекти на ниво на МВР, за која е формирана работна група (Решение бр.13.1.2-57723/1 од 15.09.2016 година) е сеуште во фаза на реализација. Неговата натамошна динамика зависи од официјалното донесување на Правилникот за начинот на следење и евалуација на проекти во МВР од страна на Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси.

Во однос на активностите: Ажурирање на Акцискиот план за реализација на проекти во МВР 2014-2015 и Ажурирање на Преглед на планирани проекти во МВР 2016-2018 година, со Допис од Државниот секретар на МВР (бр.10-57126 од 25.08.2017 година) Единицата за стратешко планирње е известена дека е надмината потребата за известување за проекти на утврдениот начин и во предвидените рокови до Владата на РМакедонија.

Анализата за постигнати резултати во рамки на кампањата „Македонија без коруција", е изготвена во Мај/Јуни 2017 година (согласно последната насока од страна на началникот на Сектор дадена на 21.11.2017 година се очекува уште една средба со полицискиот советник кој ја изготви наведената анализа, на која ќе се разгледува целокупниот материјал и заеднички со началникот на Сектор ќе се финализира истата.)

Единицата за стратешко планирање постапувајќи по забелешки (наведени во Допис бр.16.2.1-1811/1 од 25.10.2017 година) и насоки (на состанок одржан на 30.10.2017 година), од началникот на Сектор, на 07.11.2017 година изготви Допис до Државниот Секретар на МВР со кој се побара согласност/мислење дали Единицата за стратешко планирање треба да врши следење на реализацијата на стратегии и проекти на ниво на МВР. Последователно, на 17.11.2017 година дописот е вратен во Единицата заедно со писмен одговор од началникот на Сектор, во кој го информира помошникот на министерот дека на состанок кај Државниот секретар, било утврдено дека во МВР не е дефинирано која организациска единица е надлежна за наведената активност.

Покрај горенаведените активности, вработените во Единицата за стратешко планирање беа ангажирани за време на Локалните избори 2017 година и истите

учествуваа на обуки/работилници за:

- Изработка на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија (Септември 2017 година);
- Начин на постапување на полицијата за време на спроведување на избори (Септември 2017 година);
- Стандард МКС ISO 9001:2015 (Септември 2017 година);
- Проектна координација меѓу чинителите во правосудниот сектор (септември 2017 година);
- Стандард МКС ISO 31000:2014 (Октовмри 2017 година);
- Стратешко планирање (Октомври-Ноември 2017година);
- Истражување и анализи на полицискиот интегритет (Октомври 2017 година);
- Ментори (Ноември 2017 година); и
- Стратешко планирање (Ноември 2017 година).

Воедно, од срана на вработените во единицата беа реализирани и останатите обврски кои произлегуваат од тековното работење, како што се изготвување дописи, учество во комисии и сл.

## 1.7 Оддел за финансиски прашања

Одделот за финансиски прашања во 2017 година го спроведуваше финансирањето на Министерството за внатрешни работи, односно реализација на обезбедените финансиски средства во Буџетот на Република Македонија, согласно постојните законски одредби.

Во текот на годината е извршена и изготвена Предлог - буџетска пресметка на МВР за 2018-2020 година, усогласена и доставена до Министерството за финансии.

Секторот за буџетска координација и контрола, согласно трезорското работење кое го спроведува подготви годишни и месечни планови на Буџетот за 2017 година кои претставуваат рамка за реализирање на одобрените средства од Буџетот и контролен механизам за наменско трошење.

Согласно Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси се донесе Решение за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет за 2017 година.

Оваа Решение во 2017 година беше менувано по извршен Ребаланс на буџетот и по извршени пренамени на средства согласно добиени одобренија од Министерството за финансии.

Согласно Правилникот за начинот за давање на овластувања, се изготви Регистер на овластување за МВР, во кој се евидентирани сите лица кои имаат добиено Решенија за генерално овластување, кое во текот на годината беше повеќе пати ажуририрано.

Исто така беше доставен и Годишен финансиски извештај за воспоставување на системот на финансиско управување и контрола за 2016 година до Министертвото за финансии.

Изготвен е и доставен до Министерство за финансии-Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола, План за воспоставување на системот за финансиско управување и контрола (методологија за спроведување на планот).

Секторот за буџетска координација и контрола спроведуваше контрола на добиени барања за плаќања и се грижеше за законска реализација на буџетските средства со плаќање на доспеаните обврски.

Секторот за сметководство, попис и плати го спроведе пописот за 2016 година и ги изготви завршните пресметки за 2016 година.

Секторот за сметководство, попис и плати во 2017 година донесе Акционен план за реализација на пописот на средствата и изворите на средства во сопственост на МВР со состојба 31.12.2017 година.

Исто така од страна на Секторот за сметководство, попис и плати се реализираат други активности и подготовки за изработка на завршните сметки на МВР за 2017 година.

Исплатата на надоместоците на бруто платите за вработените се врши навремено, врз основа на месечни планови доставени до Министерството за финансии.

Секторот за сметководство, попис и плати во 2017 година подготви Упатство за воведување и раздолжување на долгорочни средства, а истото е во фаза на одобрување и потпишување.

Во 2017 година се донесоа и усвоија 13 процедури од Одделението за сметководство и попис.

Во текот на 2017 година се вршеше имплементација и развој на модулот за буџет и платен промет, напоредно со имплементација на модулот за сметководство и основни средства во рамките на новото софтверско решение за интегрирано материјално, финансиско, сметководствено и магацинско работење-АССЕКО.

Во 2017 година вработените од Одделот за финансиски прашања земаа активно учество во обуките за барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, МКС ISO 31000:2014, како и други обуки од областа на финансиското работење.

## 1.8 Оддел за општи и заеднички работи

Организационите единици на Одделот за општи и заеднички работи во текот на 2017 година ги извршуваа работите и работните задачи во рамките на своите надлежности и делокруг на работа потребни за секојдневно и непречено функционирање на Министерството во целина.

Оттука, согласно своите надлежности преку овој Оддел се реализираа набавките за потребите на организационите единици на Министерството, преку спроведување на соодветни постапки согласно одредбите од Законот за јавни набавки, а врз основа на Планот за јавни набавки за 2017 година, како и врз основа на итни и неопходни барања и потреби од организационите единици на Министерството.

Имајќи го во предвид одобрениот буџет на МВР за 2017 година, Планот за јавни набавки за 2017 година и итните и неопходните барања и потреби на организационите единици, спроведени се 83 отворени постапки, 14 барања за прибирање на понуди, 16 постапки со преговарање, како и помал број на други постапки за јавни набавки на стоки, услуги и работи чија потреба е од тековна природа, а кои се однесуваат на разни видови потрошен материјал, компјутерска и комуникациска опрема, канцелариска опрема и мебел, услуги за тековно одржување на опрема и инсталации, услуги за осигурување, услуги за сертификација на организациони единици на МВР согласно ИСО 9001:2015, набавка на енергенси, набавка на прехрамбени продукти и др.

Меѓу нив спроведени се повеќе постапки за набавки во делот на униформа за потребите на униформираните полициски службеници, од кои со одлука за избор завршени се набавката на тесен ремен со шнола, цивилна облека за Секторот за обезбедување и униформа за летечки персонал, додека останатите набавки за униформа (маици, панталони, чевли, чизми, кошули, виндјакни, вратоврски, униформа за специјална полиција и др.) се поништени и ќе се реализираат во текот на 2018 година.

Во делот за капитални набавки спроведени се повеќе постапки од кои реализирани се набавки на два агрегати на дизел гориво и 45 возила за гранична полиција.

Во врска со склучените рамковни спогодби, согласно Планот за јавни набавки за 2017 година изготвувани се Договори-нарачки, за барања доставувани од организационите единици на Министерството.

По наведениот вкупен број на постапки (83 отворени постапки, околу 14 барања за прибирање на понуди, околу 16 постапки со преговарање), изготвените договори, околу

135, се следени и реализирани од Одделението за менаџмент со договори (од кои некои се повеќегодишни).

Во рамките на организационите единици во овој Оддел се спроведоа и 260 квалитативни контроли и тоа:

1. Квалитативна контрола на автомобили, резервни делови за автомобили и потрошен материјал за автомобили : 33 контроли
2. Квалитативна контрола на стоки за исхрана – 115 контроли
3.Квалитативна контрола на стоки и опрема за ОКТИВ: 16 контроли
4. Квалитативна контрола на ИТ Опрема и потрошен матријал( тонери и др): 13 контроли
5.Квалитативна контрола на плативи обрасци(сообраќајни дозволи, државјанства, налепници за регистрација, дозволи за оружје и др): 18 контроли
6. Квалитативна контрола на канцелариски потрошен материјал: 6 контроли
7. Квалитативна контрола на канцелариски мебел и опрема: 14 контроли
8. Квалитативна контрола на средства за хигиена: 7 контроли
9. Квалитативна контрола на опрема за полиција – униформи: 6 контроли
10. Квалитативна контрола на услуги за лабораториско испитување : 10 контроли
11. Квалитативни контроли по член 7 : 10 контроли

Одделот ги администрира и активностите поврзани со возниот парк, возила и механичарски работилници и превоз на лица и стоки, сервисирање на возила како во сервисот на МВР така и во овластени сервиси со кои Министерството има склучени договори/рамковни спогодби, склучување договори/порачки за поправка на возила, проследување на фактури како и нивно плаќање, регистрација на возила, евиденција на гориво, перење на возила.

Во текот на 2017 година извршен е прием и регистрирање на нови 25 полициски возила - Шкода Јети, 45 полициски возила Шкода Октавиа, 31 возило Санг Јонг за потребите на Гранична полиција, изработка на технички спецификации и учество во реализација на повеќе видови на набавки во соработка со Одделението за менаџмент и јавни набавки, од кои како поголеми би ги издвоиле набавката на пневматици, антифриз, потрошни материјали за автосервис и резервни делови.

Исто така, во текот на 2017 година беа извршени и следните градежно-технички активности: изработка на кровна конструкција магацин за муниција во Орман, реконструкција на железнички премин Гевгелија, реконструкција на фасада и фасадна столарија во ПС Струга, изградба на ПС Јегуновце, изградба на ПС Ѓорче Петров, реконструкција на барака во круг на МВР, реконструкција на управни служби Тетово, реконструкција на подови и електрика во управни служби Неготино, опремување со канцелариски мебел во ПС Ѓорче Петров, ПС Јегуновце, Управни служби Куманово, Железнички премин Гевгелија, фарбање на антенски столбови, реконструкција на Туш кабини во ЕСЗ – Илинден, реконструкција на ладилни системи во МРТВ и секојдневно тековно одржување на објекти.

## 1.9 Оддел за прекршоци

Одделот за прекршоци е посебен организационен облик во составот на МВР кој во себе содржи два Сектори за прекршоци и тоа:

- Сектор за прекршоци – Скопје, со вкупно 5 Одделенија за прекршоци, и

- Сектор за прекршоци - за подрачјето на територија на РМ, со вкупно 14 одделенија.

Одделенијата за прекршоци постапуваат согласно Законот за прекршоците, а по конкретно утврдени прекршоци утврдени во следниве материјални закони:

1.Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата,

2.Законот за прекршоците против јавниот ред и мир,

3.Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија,

4.Законот за лична карта,

5.Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните,

6.Закон за лично име,

7.Закон за детективска дејност,

8.Закон за гранична контрола,

9.Закон за заштита од експлозивни материи,

10.Закон за складирање и заштита од запални течност, гасови и материи,

11.Закон за возила .

Одделот за прекршоци во 2017 година, обврските од својата надлежност ги вршеше во зависност од динамиката на поднесени барања за поведување на прекршочна постапка.

Од бројот на примени барања за поведување на прекршочна постапка преовладуваат барањата за прекршоци од областа на сообраќајот, по што следат прекршоците против јавниот ред и мир. Составен дел на Извештајот за работа во 2017 година се: Годишниот Преглед на активностите на Одделенијата за прекршоци кои се однесуваат на прекршочните постапки и исходот од истите, како и Годишниот Преглед за изречените глоби од страна на Одделенијата за прекршоци за прекршоци во нивна надлежност.

| Одделение за прекршоци | Вкупно изречени глоби во евра | Физички лица | Правни лица | Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата | Закон за возила | Закон за прекршоците против ЈРМ | Закон за ПИ на државјаните на РМ | Закон за лична карта | Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ 1 | 521692 | 516672 | 5020 | 197478 | 288167 | 30497 | 0 | 330 | 200 | 0 |
| СКОПЈЕ 2 | 507903 | 457373 | 50530 | 190259 | 273278 | 41946 | 0 | 270 | 0 | 2150 |
| СКОПЈЕ 3 | 710874 | 665114 | 45760 | 233318 | 411109 | 65202 | 0 | 845 | 400 | 0 |
| СКОПЈЕ 4 | 740860 | 571790 | 169070 | 65004 | 573855 | 100360 | 0 | 1440 | 0 | 1200 |
| СКОПЈЕ 5 | 473664 | 456093 | 17571 | 100613 | 327825 | 27115 | 0 | 440 | 100 | 0 |
| БИТОЛА | 488409 | 479239 | 9170 | 111440 | 353513 | 23067 | 284 | 105 | 0 | 0 |
| ПРИЛЕП | 682680 | 668990 | 13690 | 262398 | 383982 | 29224 | 5136 | 375 | 1300 | 200 |
| СТРУМИЦА | 948.146 | 906.174 | 41.972 | 199.088 | 698.693 | 38.360 | 11560 | 45 | | 400 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 483467 | 472942 | 10525 | 225980 | 228826 | 26871 | 1500 | 90 | | 200 |
| ШТИП | 976926 | 957451 | 19475 | 419791 | 508.256 | 41879 | 6450 | 150 | 200 | 200 |
| КОЧАНИ | 914.612 | 864.489 | 50123 | 277.764 | 570.287 | 59.123 | 5466 | 905 | 400 | 667 |
| ТЕТОВО 1 | 981090 | 925408 | 55682 | 286394 | 663252 | 30895 | 219 | 330 | 0 | 0 |
| ТЕТОВО 2 | 931.828 | 931.828 | 0 | 314.322 | 599.242 | 18.164 | 100 | 0 | 0 | 0 |
| ГОСТИВАР | 698.851 | 636.291 | 62.560 | 201.297 | 473.836 | 22.328 | 0 | 1290 | 100 | 0 |
| ОХРИД | 606.138 | 552.708 | 53.430 | 187.647 | 369.376 | 41.362 | 4.773 | 2525 | 200 | 255 |
| ВЕЛЕС | 571007 | 550497 | 20510 | 219735 | 334536 | 11504 | 1582 | 230 | 0 | 3420 |
| КУМАНОВО | 1.141.743 | 1.085.393 | 56350 | 394.627 | 690.378 | 53.151 | 534 | 750 | 2174 | 133 |
| КАВАДАРЦИ | 740699 | 723839 | 16860 | 285845 | 416603 | 17723 | 3388 | 60 | 100 | 120 |
| КИЧЕВО | 725.082 | 704.015 | 21.067 | 310.717 | 392.893 | 18.027 | 2120 | 855 | 470 | 0 |
| ВКУПНО | 1,4E+07 | 13126306 | 719365 | 4483717 | 8557907 | 696798 | 43112 | 11035 | 5644 | 8945 |

| Оддел за прекршоци | **Задолжени** | Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата | Закон за возила | Закон за прекршоци против ЈРМ | Закон за патните исправи на државјаните на РМ | Закон за лична карта | Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште | Останати | **Решени** | Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата | Закон за возила | Закон за прекршоци против ЈРМ | Закон за патните исправи на државјаните на РМ | Закон за лична карта | Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СКОПЈЕ 1** | **2146** | 1097 | 680 | 224 | 1 | 48 | 8 | 23 | 2284 | 1289 | 817 | 156 | 0 | 13 | 2 | 34 |
| **СКОПЈЕ 2** | **1629** | 744 | 673 | 192 | 0 | 13 | 6 | 1 | 2266 | 1290 | 723 | 242 | 0 | 9 | 0 | 2 |
| **СКОПЈЕ 3** | **2121** | 689 | 1150 | 262 | 0 | 16 | 4 | 0 | 2662 | 1145 | 1147 | 345 | 0 | 19 | 6 | 0 |
| **СКОПЈЕ 4** | **2111** | 907 | 928 | 275 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3699 | 1846 | 1374 | 428 | 1 | 43 | 2 | 5 |
| **СКОПЈЕ 5** | **2142** | 734 | 1102 | 224 | 0 | 21 | 5 | 0 | 2386 | 1320 | 868 | 160 | 0 | 18 | 1 | 0 |
| **БИТОЛА** | **1297** | 469 | 689 | 128 | 7 | 4 | 0 | 0 | 1371 | 486 | 728 | 142 | 7 | 8 | 0 | 0 |
| **ПРИЛЕП** | **1756** | 1072 | 1084 | 114 | 72 | 27 | 20 | 4 | 1635 | 992 | 1057 | 125 | 59 | 25 | 17 | 4 |
| **СТРУМИЦА** | **3647** | 1764 | 1579 | 139 | 164 | 0 | 0 | 1 | 3287 | 1548 | 1443 | 125 | 166 | 3 | 0 | 2 |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | **1334** | 625 | 599 | 76 | 26 | 5 | 0 | 1 | 1342 | 637 | 584 | 86 | 28 | 6 | 0 | 1 |
| **ШТИП** | **1974** | 734 | 970 | 188 | 76 | 5 | 1 | 0 | 2449 | 955 | 1213 | 202 | 69 | 7 | 2 | 1 |
| **КОЧАНИ** | **2145** | 838 | 978 | 210 | 85 | 25 | 7 | 2 | 2439 | 971 | 1094 | 243 | 85 | 36 | 9 | 1 |
| **ТЕТОВО 1** | **2219** | 1032 | 1101 | 70 | 0 | 16 | 0 | 0 | 3851 | 1343 | 2367 | 126 | 3 | 11 | 0 | 1 |
| **ТЕТОВО 2** | **2410** | 1161 | 1184 | 57 | 1 | 7 | 0 | 0 | 3484 | 1364 | 2037 | 79 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| **ГОСТИВАР** | **1823** | 942 | 747 | 75 | 0 | 56 | 3 | 0 | 2366 | 716 | 1519 | 87 | 0 | 43 | 1 | 0 |
| **ОХРИД** | **2.004** | 657 | 843 | 259 | 73 | 169 | 1 | 2 | 2170 | 724 | 909 | 273 | 68 | 191 | 2 | 3 |
| **ВЕЛЕС** | **1745** | 832 | 779 | 74 | 29 | 23 | 1 | 7 | 1815 | 865 | 824 | 78 | 26 | 14 | 2 | 6 |
| **КУМАНОВО** | **3789** | 1619 | 1717 | 354 | 9 | 65 | 24 | 1 | 3578 | 1491 | 1654 | 349 | 8 | 51 | 24 | 1 |
| **КАВАДАРЦИ** | **2016** | 884 | 955 | 118 | 57 | 0 | 1 | 1 | 2192 | 982 | 1021 | 126 | 57 | 3 | 2 | 1 |
| **КИЧЕВО** | **2224** | 1065 | 981 | 127 | 23 | 27 | 1 | 0 | 2283 | 1107 | 980 | 135 | 23 | 33 | 5 | 0 |
| **ВКУПНО** | **40532** | **17865** | **18739** | **3166** | **624** | **527** | **82** | **43** | **47559** | **21071** | **22359** | **3507** | **600** | **536** | **75** | **62** |

Напоменуваме на фактот, доколку во прикажаните табели има разлика во бројот на решени предмети и бројот на изречени глоби, истата произлегува поради тоа што во ист предмет може да се појават повеќе сторители, што значи и повеќе санкции, односно поради што во 2017 година има решени предмети кои датираат од 2016 година.

## 1.10 Центар за обука

Планирање на обуките

Согласно член 9 од Правилникот за обука („Службен весник на РМ“, број 42/15), од страна на Центарот за обука како организациска единица во Министерството надлежна за спроведување на обука на работниците во организациските единици за потребите на Министерството, Бирото и во Управата, се спроведуваат следните обуки:

- Обука заради оспособување за самостојно вршење на работите кога се склучува договор за вработување со седум или повеќе лица во Министерството кои за првпат засноваат работен однос (обука на приправници);

- Основна обука за кандидат за полицаец;

- Обука заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место; и

- Континуирана обука.

Обуките во Центарот за обука за 2017 се планирани согласно Стратегијата за обука на Министерството, Стратешкиот план на Министерството и Стратегијата за управување со човечки ресурси, согласно спецификите на областите за кои се врши обуката и врз основа на претходно изготвени Наставни програми и планови.

Наставни програми

Согласно член 67 став 2 од Правилникот за обука („Службен весник на РМ“, број 42/15), Центарот за обука во координација со организационите единици за чии работници се спроведува обуката и организационите единици надлежни за управување со човековите ресурси ги изработува наставните програми за реализација на обуките. Следствено, советниците-предавачи-обучувачи во 2017 година ги ревидираа, односно надополнија и

измениа согласно настанатите законски измени наставните програми со сите потребни задачи за учење и тестови за компетенции и што произлегуваат од нив, донесени од страна на министерот за внатрешни работи, а по претходна согласност на директорите на Бирото односно Управата, и тоа:

- Наставна програма за обука на ПС од Единица за брзо распоредување за работа со службени кучиња за одржување и воспоставување на јавен ред и мир;

- Наставна програма за обука на ПС за регрутирање, раководење и користење на прикриен човечки извор на информации - информатор;

- Наставна програма за обука за полициски службеници за постапување со дрога и недозволено оружје;

- Наставна програма за обука за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност;

- Наставна програма за обука за користење на EXCEL програма во изработка на аналитички продукти;

- Наставна програма за обука на ПС од Оддел за обезбедување на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, примена на полициските овластувања и користење на огнено оружје;

- Наставна програма за менторска обука за самостојно вршење на работите на определно работно место на самостоен советник наставник обучувач во Центарот за обука;

- Наставна програма за обука на водичи на службено куче за откривање на опојна дрога за вработен во КПУ Идризово при Министерство за правда.

Советниците-обучувачи од Центарот за обука како обучувачи

Согласно член 11 став 1 и 2 од Правилникот за обука („Службен весник на РМ" број 42/15), редовните обучувачи во Центарот за обука вршат обука. Во текот на 2017 година ги спроведоа следниве обуки:

- основна обука за полицаец;

- обука за теренски оценувачи;

- обука за ментори;

- децентрализирани обуки за ментори;

- обука на обучувачи;

- обука за ракување со оружје;

- обука за избори;

- обука за раководители оценувачи за начинот на оценување на работници во Министерството за внатрешни работи;

- обука на ПС од Единица за брзо распоредување за работа со службени кучиња за одржување и воспоставување на јавен ред и мир.

Исто така во рамките на редовното работење беа ревидирани сите задачи за учење за Основна обука, по што на интранетот на Центарот за обука, од страна на Советниците за обука за секоја задача беа снимени и ставени видео клипови во посебна Галерија, со што на слушателите им се овозможи покрај теоретски, совладувањето на материјата да го прават и со реални ситуации.

Други активности на Центарот за обука:

- учество на Конференција „Искуства од управувањето со масовните миграции", организатор ОБСЕ;

- учество на 6-$^{та}$ Годишна конференција на INTERPA „Прашања поврзани со дрогата и нови пристапи во полициската обука за борба против дрогата“;

- работна посета за електронско учење во Агенцијата за обука на органи за спроведување на законот на Европската унија (CEPOL);

- учество на регионална конференција за специјализирана полициска обука, по покана на ICITAP Програмата и полицискиот директорат за специјализирани обуки на Косово;

- билатерална средба меѓу делегација на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и делегација на Агенцијата на Европската унија за обуки за спроведување на законот (CEPOL) и Министерството за внатрешни работи на Унгарија;

- во рамки на Програмата размена на тренери - обучувачи, во организација на CEPOL, посета на полициски едукационен комплекс во Јереван, Ерменија;

- согласно поканата на FRONTEX, во Валета, Малта, работилница за превод на Секторска рамка на квалификации на Заедничката основна програма за граничен полицаец на ЕУ и крајбрежната стража 2017;

- во рамки на Програмата размена на тренери - обучувачи, во организација на CEPOL, посета на полициски едукационен комплекс во Пазарџик, Република Бугарија;

- обука за лидерство и менаџирање за лица од раководен кадар, во организација на Меѓународната асоцијација на полициски академии, INTERPA,

- работен состанок на Мрежата на полициски институции за образование и обука, под покровителство на Програмата за гранична безбедност, DCAF;

- учество на Курс з аобука на слушатели на основна полициска обука, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Унгарската амбасада во Република Македонија;

- Учество на работилница за спроведување на програма за размена на CEPOL, во организација на CEPOL (Агенција на ЕУ за обуки на агенциите за спроведување на законот).

Активности во Цетнарот за обука:

- Работен состанок Твининг проект;

- Посета од страна на шеф на сектор за меѓународна обука од Република Италија;

- посета на експерти од Центарот за обука за Гранична Полиција од Сегед Република Унгарија;

- по повод делегација на Унгарија, присуство на Министер за внатрешни работи и амбасадор на Република Унгарија;

- работна посета на тим за проценка со македонските органи за прогон, претставници од АТА тим и од Амбасдата на САД во РМ;

- работна посета на делегација од ОБСЕ, Оддел за безбедност и поддршка за заедниците;

- посета на делегација од полицискикот колеџ од Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

Приказ на реализацијата на обуките:

Согласно динамиката за реализација на планираното, во периодот од Јануари до Декември 2017 година, Центарот за обука реализира вкупно 61 обука на кои присуствуваа 7346 учесници.

Во врска со локалните избори, Центарот за обука реализираше обука за „Улогата на полицијата за време на локалните избори“ на  советниците за континуирано стручно оспособување (СКСО) од сите Сектори во МВР, ЦПС и Гранична полиција на 12.09.2017 година во Центарот за обука, при што истите беа обучени да ја држат обуката понатаму еднообразно на децентрализирано ниво. Оваа обука е успешно спроведена според планот за обуки. Во сите СВР, ЦПС и РЦ за ГР  се одржаа 347 обуки на децентрализирано ниво и обуката  ја поминаа вкупно 7111 полициски службеници.

# II. БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 2.1 ВОВЕД

Во текот на 2017 година Бирото за јавна безбедност обезбеди поволна и стабилна безбедносна состојба во државата и успешно се справуваше со сите облици на криминално делување .

Одлучено да служи како сервис на граѓаните, штитејќи ги нивните уставно загарантирани слободи и права, Бирото за јавна безбедност ефикасно ги извршуваше полициските работи од својата надлежност. Посветено работеше во интерес на спречување и сузбивање на сите форми на криминалот и постојано се залагаше за законито, стручно и транспарентно постапување согласно законските надлежности, утврдените приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Македонија од домен на функциите на Министерството за внатрешни работи

Во 2017 година, полицијата се соочи со специфични закани кои бараа сериозен пристап и потполна посветеност. Ризиците од тероризмот како моментална асиметрична закана, мигрантската криза како глобален предизвик и проблем, како и заканите од организираниот и сериозен криминал, бараа соодветен ангажман и навремена реакција.

Повеќето безбедносни состојби и политички настани, годинава условија зголемено ангажирање на севкупните капацитети и ресурси на Бирото заради превенирање на состојбите кои го загрозуваа јавниот ред и мир, спречување на нивна ескалација и одржување на поволна безбедносна состојба.

Бирото за Јавна Безбедност продолжи да ги следи модерните трендови на полициското работење, развиваше и имплементираше методологии прифатени од современите полициски служби за работење и носење на одлуки базирани на претходно знаење и информации, а се со цел да се обезбеди повисоко ниво на заштита на животот, имотот и личната безбедност на граѓаните, како и брз и ефикасен одговор на полицијата на сите можни закани и предизвици.

Со вакавата определба, во текот на годината беа постигнати успешни резултати во работењето на полицијата, сузбивањето на организираниот криминал, недозволената трговија со дрога и намалување на тешките форми на насилен криминал.

Следејќи ја стратегијата за развој на полицијата 2016-2020 година, Бирото ќе продолжи со натамошно обезбедување на континуитет во спроведувањето на политиките и стратешки приоритети за остварување на основната функција во областа на внатрешните работи, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите како и одржување на јавниот ред и мир во општеството.

## 2.2 Состојби и движење на криминал

Изминатата година, фокусот беше насочен во борба против организираниот криминал и справување со проблемот со мигрантската криза, а на подрачјето на Републиката беа евидентирани 24.583 кривични дела, што преставува незначително намалување споредбено со претходната година.

Забележано е намалување на бројот на евидентирани кривични дела во сите области на криминал, со исключок на класичниот криминал каде што бројот на евидентирани кривични дела бележи незначително зголемување.

Графикон бр.1 Тренд на движење на вкупен криминал




| | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|
| класичен криминал | ↑ 22936 | 22732 |
| економски криминал | ↓ 851 | 988 |
| организиран криминал | ↓ 101 | 259 |
| недоз.тргов дрога и оружје | ↓ 692 | 771 |
| кд против државата | ↓ 3 | 5 |
| вкупно криминал | ↓ 24583 | 24755 |

Во рамки на откриените кривични дела беа поднесени кривични пријави против 14.752 сторители со постигната ефикасност од 45,7%, а причинета материјална штета од сторените дела се проценува на околу 4,17 милијарди денари.

Табела бр.1 Кривични дела по области

Особено значајни и меѓународно признаени резултати во текот на 2017 година се постигнати во делот на борбата против недозволената трговија со дрога, при што со организиран пристап на полицијата и со меѓународна соработка откриена е нелегална современа лабараторија преку која организирана криминална група вршела производство на синтетичка дрога и притоа се запленети енормни количини на синтетичка дрога во вредност од 2, 5 милиони евра. Оваа акција според резултатите е досега најголема во европски рамки.

Во делот на недозволената трговија со оружје, забележан е зголемен број на запленетите парчиња оружје за 42%.

Во областа на класичниот криминал вкупно се регистрани 22.936, кривични дела, од кои 9.708 кривични дела се расветлени, со што е постигната вкупна ефикасност од 42%.

И во текот на 2017 година, акцентот на активностите на Министерството, особено на граничната полиција беше насочен на обезбедување поволна безбедносна состојба на државната граница, во насока на откривањето и спречување на илегалните преминувања на државната граница, ефикасна и брза контрола на граничните премини, како и активности за откривање и сузбивање на криумчарење на лица преку илегалните премини во близина на државната граница, како и шверц на акцизни и друг вид стоки .на граничните премини.

Министерството за внатрешни работи постапуваше по безбедносни настани кои беа насочени кон загрозување и дестабилизација на Република Македонија, при што се откриени  три кривични дела против државата.

Приоритет во борбата против организираниот криминал беше ставен на откривање на организирани криминални активности на криминални групи, а ваквиот систематски пристап даде ефикасни резултати и овозможи да бидат сузбиени 12 организирани криминални групи- кривично се пријавени 116 физички и две правни лица.

Во областа на економскиот криминал се откриени 851 кривични дела, за кои се пријавени 1.112 сторители. Со извршените инкриминации од оваа сфера е причинета материјална штета од 2,7 милијарди денари и истата преставува 65% од причинетата материјална штета од вкупниот криминал.

## 2.3 Кривични дела против државата

Во консталација на безбедносната состојба во регионот и пошироко, посебен акцент беше ставен на борбата против тероризмот како закана, која е високо на агендата на сите

служби кои го спроведуваат законот. Приоритет во работењето е одржување на национална безбедност, навремено детектирање на појавните облици на тероризам, како и и ефикасен одговор во борбата против оваа безбедносна закана.

Во овој период се откриени три кривични дела против државата: „Учество во странска војска, полиција паравоени или параполициски формации“ за што е пријавен еден сторител, „Насилство спрема преставници на највисоките државни органи“ за што е пријавен еден сторител и „Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпилевост” за што се пријавени двајца сторители.

Еден од сторителите, по негова радикализација преку контакти со исламски радикали во Скопје и реонот, заминал во Р.Турција, од каде се префрлил во Сирија, заради вклучување во борбените дејствија како џихадист, а другите дела се сторени со симнување на државно знаме во Куманово, со закана за спречување на говор на претседателот на Владата во село Облешево-Кочани.

## 2.4 Организиран криминали корупција

### 2.4.1 Организирани криминални групи

Фокусот на работењето беше насочен кон превенција, спречување и борба со сите облици на организиран криминал и корупција, согласно највисоките стандарди за полициско работење. Неселективната борба се спроведуваше преку водење на криминалистички истражувања за сузбивање на организираните криминални групи, кои делуваат на национално, регионално и меѓународно ниво, а резултираше со спречување на 12 организирани криминални групи.

| Област на криминал | Криминални групи | | Членови на криминални групи | |
|---|---|---|---|---|
| | 2017 г | 2016 г | 2017 г | 2016 г |
| Нт со дрога | ↑ 7 | 5 | → 35 | 24 |
| Трговија со луѓе и криумчарење мигранти | ↓ 1 | 1 | → 23 | 7 |
| Насилен | ↓ 0 | 1 | ↓ 0 | 15 |
| Корупција | ↓ 0 | 1 | ↓ 0 | 8 |
| Организиран економски криминал и перење пари | → 3 | 2 | ↑ 54 | 37 |
| КД против државата | ↓ 0 | 1 | ↓ 0 | 7 |
| Компјутерски криминал | ↓ 1 | 1 | ↓ 4 | 5 |
| вкупно | ↑ 12 | ↑ 12 | ↑ 116 | ↓ 103 |

Табела бр.2 Сузбиени криминални групи по вид на криминал

Во рамки на сузбиените групи кривично се пријавени 116 физички и две правни лица, од кои 104 се македонски државјани и 12 странски државјани. Најголем број од криминалните групи се сузбиени од страна на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал - 11 со пријавени вкупно 94 лица - членови, додека една криминална група со пријавени 22 лица - членови е сузбиена од страна на СВР Куманово, кај која група е утврдено и кривичното дело „злосторничко здружување“.

Кај организираните криминални групи доминираат оние кои се инволвирани во активности поврзани со недозволена трговија со дрога – седум, од кои четири делувале на меѓународно, а три групи на национално ниво. За овој вид незаконитости кривично се пријавени 35 лица, пресечен е еден меѓународен канал за недозволена трговија со марихуана, откриена е современа лабораторија за производство на синтетичка дрога, а се запленети 47,8 килограми марихуана, 642 грама хероин, 861,5 грама кокаин, 580 таблети екстази и 1.115.414 таблети амфетамин.

Најголем дел од сузбиените групи беа инволвирани во организирање на транспорти на марихуана – четири, од кои една е поликриминална инволвирана и во криумчарење мигранти. По една организирана криминална група била инволвирана во недозволена трговија со хероин, кокаин и во производство и организирање на транспорт на синтетички дроги.

Следуваат групите кои дејствуваат од областа на организиран економски криминал со вкупно 54 членови и две правни лица во нивно владение, помеѓу кои идентификувани се градоначалник на локална самоуправа, раководители во Министерство, управители, вработени во Министерство за внатрешни работи, судија, стечајни управници, сопственици на фирми, членови на надзорните и управни одбори, кои причиниле значителна материјална штета на Буџетот на РМ, во износ од 369,9 милиони денари. Како позначајна реализација може да се спомене сузбиена криминална група составена од 24 лица кои во својство на вработени во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (на раководни функции, како соработници и како референти) и физички лица и управители на правни лица (баратели на субвенции) на организиран начин преку злоупотреби овозможиле да бидат склучени договори за закуп на државно земјиште на парцели кои не можат да бидат предмет на договор за закуп. Истите овозможиле овие договори да предизвикаат правно дејство со што на новите закупци им се овозможило, противправно, да се стекнат со право на субвенции согласно програмата за финансиска поддршка во земјоделството за директно плаќање.

За обележување е и сузбиената организирана криминална група, во која е идентификувано злосторничко здружување за кое се пријавени 22 лица, кои во својство на сопственици, генерален директор, претседатели и членови на управни и надзорни одбори, стечаен судија, вработени во УЈП и вработени во МВР кои директно или индиректно влијаеле во прикривање на незаконски стекнатиот капитал, неговото прелевање од едно во друго друштво, намерното уништување, обезвреднувањето на имотот на повеќе друштва и нивно ликвидирање со намера избегнување на плаќање на данок, придонеси за здравствено и пензиско осигурување, неизвршување на доспеани правосилни и извршни пресуди со пресудени високи суми, со што го оштетиле Буџетот на Р.Македонија за 94,4 милиони денари.

Во областа на перењето пари сузбиена е организирана криминална група составена од четворица сопственици, управители и овластени потписници на четири правни лица, вработени во македонска банка, Градоначалник на локална самоуправа и стечаен управник кои во период од 2008 до 2017 година преку вршење бројни злоупотреби успеале движен и недвижен имот сопственост на Р.Македонија (земјиште кое воопшто не можело да биде предмет на купопродажба) да го префрлат на име на правно лице и противправно прибавените парични средства да ги пуштат во оптек во легалните финансиски текови на Р.Македонија.

Значајни резултати се постигнати во откривање на криумчарење мигранти, со сузбивање на 23 члена организирана криминална група. Се работи за добро организирана криминална група во Република Македонија, предводена од странски државјани - илегални мигранти од земјите на Блискиот Исток-дел од меѓународна организирана криминална мрежа, која во временскиот период од февруари 2016 година до јули 2017 година, во содејство со припадници на криминална група од Р.Грција и четворица албански државјани организирале криумчарење на групи на илегални мигранти од територијата на Р.Грција преку Р.Македонија, кон земјите на ЕУ. Во рамките на овој случај кривично се пријавени 19 македонски и четворица албански државјани.

Во областа на компјутерскиот криминал беше сузбиена организирана криминална група составена од четворица странски државјани. Членовите на криминалната група отвориле сметка која е поврзана со дебитни картички во две банки евидентирани на територија на Р.Македонија, по што во 2016 година заради стекнување на противправна имотна корист во повеќе наврати со предизвикување на невистинит резултат при електронска обработка и пренос на податоци на платежни картички на ПОС терминали се стекнале со противправна имотна корист од околу 1,2 милиони денари и две илјади евра.

### 2.4.2 Класична корупција

За сузбивање на корупцијата, што претставува сериозен проблем со кој се соочува секоја правна држава, беа преземени различни мерки и активности, при што во текот на 2017 година во делот на класичната корупција биле откриени девет кривични дела за кои биле пријавени 12 сторители, што споредбено со претходната година претставува намалување на откривачката функција за 50%.

| корупција | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|
| к.дела | ↓ 9 | ↑ 18 |
| сторители | ↓ 12 | ↑ 34 |
| примање поткуп | ↓ 2 | ↑ 10 |
| давање поткуп | 2 | 3 |
| противзаконито посредување | 1 | 2 |
| поткуп при избори и гласање | 3 | 2 |
| прикривање на потеклото на несразмерно стекнат имот | 1 | 0 |

Табела бр.3 Дела од областа на класичната корупција

Во структурата на делата од областа на класичната корупција откриени се две кривични дела „примање поткуп”, две дела “давање поткуп”, едно дело “противзаконито посредување”, три дела “поткуп при избори и гласање” и едно дело ”прикривање на потеклото на несразмерно стекнат имот”. Во случаите на „примање поткуп“ пријавен е поранешен директор на Клиника за неврохирургија при Универзитетскиот клинички центар „Мајка Тереза“, којшто од пациент побарал парични средства, за издавање на потврда за хирушка интервенција во Германија и болничар, којшто од пациент побарал парични средства за ургнеција за оперативен зафат. За делото „давање поткуп“, пријавени се лица коишто понудиле парични средства на полициски службеник за да не се преземат мерки при премин на државната граница, и лице кое му понудило парични средства на полициски службеник за да не изврши службено дејствие при констатиран прекршок. Во случаите на „поткуп при избори и гласање“, пријавените, за Локалните избори 2017 година, нуделе 1.000 денари, односно едниот од пријавените, како директор на јавно претпријатие им ветувал вработување на две лица, за да гласаат за кандидатите на одредена политичка партија. Кривичното дело “противзаконито посредување” го извршил професор од Економскиот факултет во Скопје побарал и примал парични средства за да отпише долг, односно го намали износот на закупот на деловен простор во факултетот, додека кривичното дело ”прикривање на потеклото на несразмерно стекнат имот”, произлегло од случајот на “примање поткуп” на директорот на Клиника за неврохируругија, кај кого при претрес во домот и сеф во банка, биле пронајдени значително големи суми на пари и накит, за кои пријавениот немал доказ од каде потекнуваат.

### 2.4.3 Коруптивни злоупотреби

Во анализираниот период, откриени се и 52 кривични дела на “злоупотреби на службената положба” со коруптивни елементи во коишто се пријавени 148 сторители. Покрај зголемувањето на откривачката функција за 21 %, карактеристично е дека имаме трикратно зголемување на предизвиканата материјална штета, односно со извршувањето на овие кривични дела е оштетен државниот и буџетите на локалните самоуправи, ЈП „Македонски Шуми“ и македонските компании за повеќе од 47 милиони денари.

Во својство на сторители се пријавени поранешен Министер за транспорт и врски, 15 директори, 12 управители, 11 градоначалници, по девет раководители во државни инстутуции и полициски службеници, шест референти, 19 вработени во министерства и јавни претпријатија, пет вработени во општините, четворица вработени во Управата за јавни приходи, двајца нотари и др. Пријавените делата ги сториле со непостапување, склучување на штетни и незаконити договори, нераспишување на постапки за јавни набавки, непочитување на законските рокови, прикривање на документација, незаконито поднесување на барања за земјоделски субвенции, незаконити легализации на бесправно изградени објекти на државно земјиште, како и пренос на државни објекти и земјиште, намерно уништување, обезвреднување на имотот на друштва, како и намерна ликвидација и стечај на компании, овозможување на бесправна сеча и слично.

### 2.4.4 Перење пари

Владата на РМакедонија ја усвои Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам 2017-2020 година. Оваа стратегија претставува значаен стратешки документ кој на среден рок ги рангира приоритетите и ги дефинира активностите кои треба да го унапредат системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Годинава, зголемен е бројот на откриени кривични дела „перење пари и други приноси од казниво дело“ - шест дела, за кои се пријавени 17 сторители, во својство на управители, сопственици и овластени потписници на сметки на правни лица, Градоначалник, стечаен управник, генерален директор на Банка и член на управен одбор на Банка, а пријавени се и четири правни лица. Во овој период сузбиена е организирана криминална група, чии сторители прибавиле имотна корист преку продажба на акции стекнати на нелегален начин, со регистрирање и ликвидирање на правни лица, земање на револвинг и краткорочни кредити, како и со вршење на повеќе проценки за ист имот, потпишување на нотарски акти и договори за купопродажба на имот, вадење готовина и предизвикување намерен стечај со цел приватизација на имот сопственост на Р.Македонија, преку префрлање на големи суми на парични средства стекнати од продажба на дрога на различни банкарски сметки, со орочување и реорочување на истите, како и преку конверзија на валути. Со кривичните дела „перење пари“ сторителите се стекнале со нелегален приход од околу 179,6 милиони денари.

### 2.4.5 Трговија со луѓе и криумчарење мигранти

#### 2.4.5.1 Трговија со луѓе

Според извештајот на State Department за 2017 година, Р Македонија прави значајни напори за целосно исполнување на минималните стандарди за елиминирање на трговијата со луѓе. Значаен напредок е направен преку изготвување и усвојување на Националната стратегија 2017-2020 година и Националниот акционен план и назначување на национален

известувач и координатор за трговија со луѓе. Во соработка со меѓународните организации, развиени се индикатори за потенцијалните жртви на трговија со луѓе во мешаните миграциони текови и стандардизираните постапки за идентификација на жртвите. Статистичките показатели оваа година бележат тренд на намалување на кривичните дела трговија со луѓе и трговија со деца во споредба со претходните години.

Во 2017 година, не се евидентирани кривични дела „трговија со луѓе“, а документиран е еден случај на „трговија со дете“, за што мерки на кривичен прогон се преземени против еден македонски државјанин на 60-годишна возраст од машки пол. Делото е извршено на подрачје на Скопје, каде пријавениот најпрвин грабнал 11 годишно машко дете, кое престојувало во Прифатен центар за бездомни лица „Чичино Село“ во село Сарај, го однел во неговиот дом по што го принудил да питачи на повеќе локации во централното градско подрачје.

Поаѓајќи од фактот дека трговијата со луѓе претставува сериозно кршење на фундаменталните човекови права, од страна на Министерството преземени се организирани мерки и активности и спроведени контроли по угостителски објекти со цел пронаоѓање на жртви на нелегална трговија со луѓе и криумчарење на мигранти кои под псевдонимот на танчерки, келнерки, собарки и други форми на нелегално вработување, од страна на сопствениците на угостителските објекти со употреба на најразлични средства на присилба биле изнудувани на давање на сексуални услуги на заинтерересирани клиенти. Во таа насока, во текот на 2017 година спроведени се 28 акциски контроли во 16 угостителски објекти на подрачјето на Гостивар и Тетово, при што откриени се 119 странски државјанки, како и 67 македонски државјанки кои директно биле изложени на експлоатација од страна на нивните сопственици, за што од страна на службите се поднесени соодветни пријави.

### 2.5.2 Криумчарење мигранти

Статистичките податоци укажуваат дека откриените случаи на обиди за криумчарење мигранти бележат намалувачки тренд а позитивни резултати се постигнати при сузбивање на организирана криминална група, која е дел од меѓународна криминална мрежа, предводена од странски државјани-мигранти од земјите на Блискиот Исток.



Изминатата година, откриени се 19 случаи во обид да се прокриумчарат 212 мигранти, а мерки на кривичен прогон се преземени против 36 лица за сторени 13 кривични дела „криумчарење на мигранти“. Во однос на сторителите, 88% се македонски државјани (повеќето од Скопје и околните села, како и од велешкиот и гевгелискиот регион), а останатите се странски државјани.

Како што спoменавме, сузбиена е организирана криминална група, како резултат на успешната меѓународна полициска соработка преку размената на криминалистичко-разузнавачки информации со Р Србија и Р Унгарија, а во еден дел од истрагата успешна соработка имаше и со Р Грција.

Што се однесува до криминалните активности на групата, истите во периодот од Февруари 2016 до Јули 2017 година, во содејство со припадници на криминална група од РГрција и четворица албански државјани организирале криумчарење на групи на илегални мигранти од територијата на Р Грција на територијата на Р Македонија, преку илегални

премини во околината на Гевгелија, Богданци и Битола, нивно прифаќање, превезување до липковските села Ваксинце и Лојане, каде биле времено сместувани, а потоа преку илегални премини на границата со Р Србија биле криумчарени на територијата на Р Србија, во координација со лица од криминалната група од Р Србија. Најголем број од мигрантите кои биле криумчарени од страна на групата биле по потекло од Сирија, Авганистан, Пакистан, Ирак и други земји од Блискиот Исток. Исто така при сузбивање на криминална група која се занимавала со незаконски активности со неовластено производство и продажба на дрога, откриен е случај на криумчарење на мигранти, организирани од страна на дел од членовите на групата.

За ваквите криминални активности, против 27 лица поднесени се кривични пријави за сторени три (едно) кривични дела „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“.



Според земјата на потекло, евидентно е намален бројот на криумчарени мигранти од земјите од Блискиот исток, а над 47% од мигрантите спречени при реализираните случаи се по потекло од Пакистан- 26,5% и Авганистан- 13,2%.

Најголемиот дел од мигрантите се откриваат во зелениот појас од границата, а мал дел на, или околу граничните премини, како и во близина на железничките станици.

Во однос на модусот и рутата на движење, не се забележани значителни промени, односнно и понатаму главна рута за илегален влез се селата во гевгелискиот регион, а при откриените случаи на криумчарење на мигранти, одземени се 16 патнички и две товарни возила, повеќе мобилни телефони и парични средства.

### 2.4.6 Злоупотреба на безвизен режим

Во делот на спречување на злоупотреба на безвизниот режим, регистрирано е двојно намалување на откриените кривични дела и на сторителите. Намалувањето се должи на скратување на роковите за одговор на баратели на азил во западно-европските земји, зголемена контрола на граничните премини во нашата земја при излез и во земјите на Европската Унија при влез. Во текот на годината, пријавени се седум лица за сторени шест кривични дела „злоупотреба на безвизен режим со државите членки на Европската унија и на Шенгенскиот договор“.

### 2.4.7 Фалсификување пари

Откриените кривични дела „фалсификување пари“ годинава бележат намалување од 44,3%, односно евидентирани се 51 кривични дела, а при нивното расветлување е постигната ефикасност 55%. Мерки на кривичен прогон се преземени против 34 сторители кои пуштиле во оптек вкупно 202 фалсификувани банкноти. Инаку, оваа година во најголем број во оптек се пуштени фалсификуваните евра - вкупно 164 банкноти, за разлика од минатата година кога во најголем број во оптек беше пуштан денарот 37 банкноти.




Графикон бр.6 фалсификувани банкноти



Фалсификувани банкноти во 17 случаи се употребени за плаќање на сметки во продавници, во менувачница - шест, во казино, банка и бензинска пумпа по пет случаи, а за плаќање на земјоделски производи се употребени во три случаи. Во поединечни случаи фалсификувани пари се употребени во пошта, такси возило, угостителски објект и наплатна рампа и друго.

## 2.5. Економски криминал

Активностите за сузбивање на кривичните дела во областа на економскиот криминал првенствено беа насочени кон прибирање информации, податоци и проверки на финансиско работење на правни субјекти, банкарски системи, јавни претпријатија и други институции, како и за документирање случаи на злоупотреба на постапките за јавни набавки, затајување данок, компјутерски измами, активностите за заштита на интелектуалната сопственост и други инкриминации. Во текот на 2017 година во областа на економскиот криминал откриени се 851 кривични дела за кои се пријавени 1.112 сторители-физички лица и 115 правни лица, а со извршувањето на овие дела, на Буџетот на Р.Македонија, акционерските друштва, друштвата со ограничена одговорност и други субјекти, била нанесена материјална штета од околу 2,7 милијарди денари.




Графикон бр. 8 Структура на кривични дела

### 2.5.1 Злоупотреба на службена положба и овластување

Откриени се 195 кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување“, за кои се пријавени 341 сторители, кои со вршење на овие инкриминации предизвикале штета на Буџетот на државата, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност во износ од 1,9 милијарди денари .

Сторителите со донесување на одлуки, повреда на постапките за јавни набавки, неспроведување на судски извршувања, отуѓување на имот, изготвување на договори за

вработување или за купопродажба на производи по пониска цена, договори за издавање на деловни простории, за изградба на објекти, непочитувајќи судски одлуки и меѓусебни договори се стекнувале со значителна материјална корист на штета на Буџетот на Р.Македонија, акционерски и друштва со ограничена одговорност и други субјекти.




Графикон бр.9 структура на сторители

### 2.5.2 Несовесно работење

Треба да се издвои и откривањето на 39 дела „несовесно работење во службата“ за што се пријавени 57 сторители, меѓу кои директори, одговорни лица, референти и други службени лица, вработени во државни институции и јавни претпријатија. Сторителите, повредувајќи ги законските права, несовесно постапувајќи во вршење на своите овластувања и пропуштање на должен надзор причиниле материјална штета во износ од 31,8 милиони денари, а се издвојува случајот во кој три лица вработени во Управата за јавни приходи, не извршувајќи ја својата службена должност, попречиле, оддолжиле и оневозможиле спроведување на постапка за присилна наплата на доспеан значителен даночен долг на даночен должник.

### 2.5.3 Компјутерски криминал

Интензивниот развој на информатичката технологија и нејзината застапеност во речиси сите сфери од секојдневниот живот резултура со нејзино се поголемо користење вршење на кривични дела. Така, во одделни случаи компјутерските системи и другите видови на информатичка технологија се користат како помошни средства во извршување на кривичи дела, а во други, дејствијата на делата се вршат целосно со употреба на современа информатичка технологија.

Во оваа област, во текот на годината се откриени 73 кривични дела извршени од 67 сторители, а со извршувањето на овие дела, проценето е дека на физичките и правни лица им била нанесена материјална штета од 611,8 милиони денари. Од областа на компјутерскиот криминал, најзастапени се делата "Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“- 43, но предизвиканата материјална штета од 2.6 милиони денари со овие дела е значително помала во однос на материјалната штета предизвикана со извршување на кривичните дела „Компјутерска измама“, којашто изнесува 602 милиони денари.

| компјутерскиот криминал | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|
| Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем | 43 | 70 |
| Компјутерска измама | 13 | 12 |
| Изработка и употреба на лажна платежна картичка | 12 | 13 |
| Производство и дистрибуција на детска порнографија | 4 | 7 |



*Табела : структура на кривични дела*

Делата се извршувани со претходно украдени платежни картички, како и нелегални трансакции со фалсификувани платежни картички при купување на интернет и плаќање на сметки преку интернет (e-commerce) и со неовластено навлегување во компјутерски системи со промена на содржината на веб страниците на правни лица. Особено карактеристична е зголемената појава на нелегално преземање и посредување во деловната комуникација преку електронска пошта помеѓу македонски и странски компании, при што е вршено пренасочување на банкарските трансакции.

## 2.6 Класичен криминал

Овој вид на криминал е најзастапен вид на криминал во нашата држава и учествува со 93% во вкупниот криминал. Во текот на годината се евидентирани 22.936 кривични дела од оваа област, а полицијата постигна ефикасност од 42% со расветлување на 9.708 дела.




*Графикон бр.10 – Тренд на кривични дела од класичен криминал*

Беа преземени мерки и активности за расветлување и на кривични дела извршени во претходните години, односно расветлени се 125 вакви дела, од кои најголем број се тешки кражби. За сторените кривични дела се пријавени вкупно 12.687 сторители.

Во 2017 година, забележано е зголемување од 20% на кривичните дела извршени од деца. Во изминатата година евидентирани се вкупно 1053- кривични дела извршени од 1584 деца, чие учество во вкупниот криминал е околу 4%. Во најголем број, децата вршат дела од имотниот криминал- 863 дела. Децата се сторители и на кривични дела со елементи на насилство, па така оваа година евидентирани се и три убиства во обид, 13 тешки телесни повреди и 40 разбојништва извршени од деца. Истите се јавуваат како извршители на кривични дела во други области и тоа во недозволената трговија- 23 кривични дела, шест дела од економскиот криминал и две од областа на организираниот криминал.

### 2.6.1 Кривични дела против живот и телото

Поради карактерот на деликтите со елементи на насилство, Министерството беше максимално посветено и ангажирано во расветлување на убиствата, грабнувањата, противправното лишување од слобода, изнудите и сексуалните деликти.

Во 2017 година на подрачје на Р.Македонија евидентирани се вкупно 25 кривични дела „убиство“, што претставува зголемување од 47 % во однос на минатата година, при што лишени од живот се 29 лица. По преземени мерки расветлени и документирани се 21 убиство, а нерасветлени останаа четири убиства (две во Скопје на подрачје на општина Чаир- убиствата на 35 и 24-годишно лице, потоа убиство на жител од село Велешта во Струга и убиството во Прилеп во село Канатларци).

Според начинот на извршување, 12 од убиствата се извршени со употреба на огнено оружје, шест убиства се извршени со нанесување удари со погодни предмети, пет со употреба на нож и по едно со бензин и со употреба на физичка сила.

Жртви на овие кривични дела се 21 лице од машки и осум од женски пол. Најстарата жртва е 79-годишна жена, а од жртвите едно е дете на возраст од 17 години. Во два случаи се работи за тројни убиства- лишени се од живот по три лица, а останатите се извршени над поединци. За извршените убиства кривично се пријавени 23 лица, од кои само една е жена. За едно убиство се пријавени тројца сторители, а за останатите убиства е пријавен по еден сторител. Во четири случаи по извршување на убиството, сторителот се самоубил.

Во девет случаи мотивот за извршување на убиствата се претходно настанати расправии – (шест во рамки на семејството, од кои две како последица на семејно насилство), а едно од извршените убиства е од невнимание.

### 2.6.2 Кривични дела против имотот




Класичниот криминал во најголем дел го сочинуваат делата против имотот - 76%, односно, евидентирани се 17.629 кривични дела што претставува зголемување од 3,7% во однос на претходната година. Расветлени се 4.741 вакви дела, со што е постигната ефикасност од 26%.

Имотниот криминал, во прв ред го сочинуваат тешките кражби, чиј број годинава изнесува 11.229 дела, кои се зголемени за 3,4% во споредба со лани, а при расветлувањето на овие дела постигната е ефикасност од 20%.



Објекти каде најчесто се вршат тешките кражби се се куќи, станови и викендици-2.608, потоа, следат моторните возила - 1.878 случаи и за разлика од лани, бројот на овој вид на кражби е зголемен за 26,7%.




*Графикон бр.11*

*Кривични дела тешки кражби по објекти на напад*

Материјална штета причинета со извршување на тешки кражби изнесува 694,7 милиони денари.

Во рамките на имотните деликти значајни дела се и разбојништвата, кои според начинот и употребата на насилство при нивното извршување се едни од најтешките дела во оваа област. Бројот на разбојништвата бележи зголемување од 68% односно евидентирани се 417 разбојништва, од кои 324 се извршени од непознат сторител.

При расветлувањето на овие кривични дела постигната е ефикасност од 39,5%.

Според местото на извршување околу 86% од разбојништвата се извршени во урбани средини, при што најголем број од нив -169 се извршени на отворен простор, односно се работи за улични разбојништва, потоа, следат разбојништвата извршени во спортски обложувалници - 48, по 38 разбојништва се извршени во станбени објекти, аптеки и маркети и 23 разбојништва се извршени на бензински пумпи.

Огненото оружје како средство за закана годинава е употребено во 39% од разбојништвата, а во четири случаи е пукано од огнено оружје при извршување разбојништво во маркет, менувачница, такси возило и станбен објект, додека во 22% од случаите сторителите како средство за закана употребиле ладно оружје, при тоа одземале накит, телефони и парични средства.

При извршувањето на разбојништвата на 58 лица им биле нанесени телесни повреди, а пет лица биле тешко телесно повредени. На подрачје на Охрид и Прилеп при извршување разбојништва во станбени објекти, сторителите со употреба на ладно оружје им нанеле повреди со смртни последици на две лица на возраст од над 60 години, а со соодветната координација и планските мерки на службите сторителите на овие дела се откриени. Координирани мерки се преземени и во врска со зачестените разбојништва на подрачјето на Скопје, при што се расветлени серија кривични дела извршени во аптеки и спортски обложувалници.

### 2.6.3 Кривични дела против половата слобода и морал

Кривичните дела против половата слобода и половиот морал неколку години бележат континуирано намалување, а оваа година е забележано намалување од 10,5%. - евидентирани се 102 дела.

| кривични дела против половата слобода и морал | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|
| прикажување на порнографски материјал на дете | 0 | 8 |
| полов напад над малолетник кој не наполнил 14 години | 26 | 30 |
| задоволување полови страсти пред друг | 10 | 14 |
| силување | 55 | 36 |

Табела бр.6 Кривични дела

Намалување е забележано кај сите дела, освен кај кривичните дела „силување“ кои се зголемени за 36,3%, односно евидентирани се 55 дела. При расветлувањето на овој вид деликти полицијата постигна ефикасност од речиси 75,4%, а за извршените дела кривично се пријавени 80 сторители. За обележување е континуираното намалување на малолетните жртви на овие кривични дела.

### 2.6.4 Семејно насилство

Во текот на годината беа евидентирани 903 кривични дела од областа на семејното насилство односно бележиме пораст од 6,7%, кој се должи пред се на зголемувањето на бројот на делата „загрозување на сигурноста“, а со висок процент се застапени и делата „телесна повреда“.

| семејно насилство | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|
| телесна повреда | 538 | 513 |
| загрозување на сигурноста | 333 | 298 |
| тешка телесна повреда | 16 | 19 |
| убиство во обид | 4 | 6 |
| убиство | 2 | 1 |
| присилба | 6 | 3 |
| противправ. лишување од слобода | 4 | 5 |
| посредување во вршење проституција | 0 | 1 |

Табела бр.7 Структура на кривични дела од семејно насилство

Најранлива категорија во семејното насилство и понатаму се сопругите 43%, по што следуваат родителите со 20%. Сторителите, при вршење на 758 од делата употребувале физичка сила и психичка тортура врз жртвите, нанесувајќи им при тоа телесни повреди, 44 дела се извршени со ладно оружје, пет со употреба на огнено оружје, а зачестена е и појавата на упатени закани по мобилен телефон, социјални мрежи и други начини (96 од случаите). Како најчеста причина за вршењето на кривичните дела е растројството на сторителите, по што следи алкохолот, а во девет случаи сторителите биле под дејство на наркотична дрога. Загрижува фактот што во овој период, при вршење семејно насилство се извршени две убиства во Гостивар и Прилеп, каде од живот се лишени поранешна сопруга и баба.

### 2.6.5.Останати кривични дела од класичен криминал и други безбедносни појави

Оваа година, за разлика од минатата кај кривичните дела против слободите и правата на граѓаните, бележиме зголемување од 3.4%, односно евидентирани се 537 кривични дела, од кои 29 останаа нерасветлени. Во рамките на овие кривични дела најбројно е кривичното дело „загрозување на сигурноста“ – 450, од кои 74% се извршени во рамките на семејното насилство, а најчесто се вршеле со сериозни закани и употреба на физичка сила.

Кривичните дела „грабнување“- седум  бележат намалување од 30% во однос со ланската година, намалување од 25,9%  бележи делото „противправно лишување од слобода“-20, а при нивното расветлување се постигнати одлични резултати односно нерасветлено остана само едно дело. Мотивите за извршување на овие дела остануваат непроменети и во овој период, а тоа се нерасчистени должничко - доверителски односи, како и лишување од слобода и грабнување на девојки поради прекинати љубовни врски или присилување на жртвата да стапи во брачна заедница со сторителот, а во еден случај и при вршење на разбојништво.

### 2.6.6.Пожари

Министерството оваа година,  преземаше мерки и активности за превенција и заштита од пожари на шумите, пасиштата и други отворени простори. Бројот на пожарите во текот на минатата година е зголемен- 1.447,  а разгледувајќи ги последиците може да се заклучи дека од вкупно евидентираните пожари, десет се со смртни последици, а 11 се со повредени лица.Само во летниот период беа евидентирани 413 пожари на отворен простор, а за поголемиот број од нив се поднесени соодветни кривични пријави.

## 2.7 Недозволена трговија со дрога

Министерството за внатрешни работи во 2017 година, посвети исклучително внимание на борбата против недозволената трговија со дрога и продолжи со уште поголем интензитет во организирано и сеопфатно спротиставување на овој облик на криминал. Значајните постигнувања се евидентни во сите сегменти, а особено во спроведувањето на успешни операции во кои беа спречени 11 меѓународни канали, сузбиени седум криминални групи и беа елиминирани бројни улични дилери. За исклучително квалитетните полициски акции сведочи откриената современа лабораторија за производство на синтетички дроги на територија на Р.Македонија во која запленета е софистицирана опрема, суровини и над еден милион синтетички таблети-акција која според резултатите е досега најголема во европски рамки.





Графикон 12 Однос кривични дела/сторители




Годинава, беа откриени 552 кривични дела, од кои 464 „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“ за што се пријавени 532 сторители и 88 кривични дела

„овозможување на употреба наркотични дроги“ за што се пријавени 97 сторители.

Во рамките на овие кривични дела беа запленети: 510 килограми и 187 грама марихуана, еден килограм и 401 грам хероин, 263 грама кокаин, 388 стебла, 196 парчиња и 104,3 грама семки од растението „канабис сатива“, 1.187 таблети и 13,36 грама екстази, 1.115.419 таблети и 180,3 грама амфетамин, 27,25 грама метаамфетамин, 18,4 грама опиум, 209,2 грама хашиш, 598,33 милилитри хашиш-смола, 129 милилитри метадон, 519,3 грама мешавина од кофеин и парацетамол и 10 парчиња бупренорфин.

| Реализирани заплени | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|
| Марихуана (кг) | 510,10 | 623,70 |
| Хероин (кг) | 1,40 | 0,81 |
| Кокаин (кг) | 0,26 | 0,71 |
| Стебла | 388,00 | 2414,00 |
| Синтетички таблети | 1116606,00 | 522,00 |

Табела бр.8 Заплена на дрога

Во спречување на меѓународниот криминал со дрога, Министерството за внатрешни работи и во овој период бележи значаен напредок. Поткрепа за ваквите констатации се откриените и спречени 11 меѓународни канали во кои беа запленети 308,7 килограми марихуана, 201 грам хашиш, 350 милилитри хашиш – смола и 0,34 грама кокаин, при што мерки на кривичен прогон, се преземени против 18 сторители, од кои 12 македонски државјани и шест странци – државјани на Р.Албанија. Притоа, сите реализирани меѓународни канали се за недозволена трговија со марихуана.

Во овој период сузбиени се седум организирани криминални групи, а за одбележување е случајот во кој е сузбиена седумчлена организирана криминална група инволвирана во производство, продажба и организирање на транспорти на синтетичка дрога со крајна дестинација Р Турција.



Во рамките на овој случај од слобода беа лишени седум лица членови на организираната криминална група, од кои пет државјани на Р.Македонија и двајца на Р.Србија. Како што споменавме, на подрачје на Тетово беше откриена нелегална лабораторија во која е пронајдена софистицирана опрема за нелегално производство на синтетичка дрога во процес на производство. Во рамките на овој случај се запленети 1.115.414 таблети амфетамин.

Покрај овие мерки, вредат да се споменат и преземените активности во декември, кога на подрачје на Републиката беа извршени 53 претреси кај 52 лица за кои постојат сомненија дека се занимаваат со улична препродажба на droги.

Ефикасно и квалитетно беше реализирана меѓуинституционалната соработка и координација со Управата за финансиско разузнавање, Финансиска полиција како и со Царинска Управа на РМ. Координираниот настап со Царинската управа резултираше со сузбивање на шестчлена криминална група инволвирана во недозволена трговија со дрога и криумчарење мигранти, додека од страна на царинската служба беа запленети 146,2 килограми марихуана и беше поднесена кривична пријава против еден државјанин на Р.Бугарија .

Во рамки на меѓународната соработка, беше разбиена криминална група во Р.Македонија и беше откриена современа лабораторија за производство на синтетички дроги, а свој допринос овој вид соработка даде и во заплена на 128 килограми марихуана и 0,5 килограми кокаин во Р.Србија, 425 килограми марихуана, 12 парчиња оружје и 150 парчиња муниција на територија на Р.Албанија и 2,5 килограми хероин во Виена-Австрија.

Преку Секторот за меѓународна полициска соработка се примени известувања дека во 11 европски земји од слобода биле лишени 66 македонски државјани заради инволвираност во недозволена трговија со дрога, а при тоа беа запленети над 1,5 тон наркотична дрога. Најголем број од македонските државјани-31 од слобода се лишени во Италија, по што следи Унгарија –девет.

Во борбата против недозволената трговија со дрога, Министерството дава значење и на превенцијата, за чие реализирање полицијата беше вклучена во повеќе проекти спроведени пред се во училишта.

Активностите реализирани во изминатата година, покажаа дека Мининистерството за внатрешни работи има за цел уште повисоко да ги подигне стандардите и ефикасноста во сузбивањето на недозволената тргоција со дрога.

## 2.8 Недозволена трговија со оружје

Во рамките на активностите за спречување на нелегалната трговија со оружје, во 2017 година беа откриени вкупно 130 кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“, за што кривично се пријавени 141 сторител.




*Графикон бр.13 Однос кривични дела/ сторители*

| одземено | 2017 година | 2016 година | Тренд |
|---|---|---|---|
| оружје | 190 | 134 | ↑ 41,8 |
| муниција | 9.718 | 4995 | ↑ 94% |
| петарди | 13.218 | 269.142 | ↓ -95,1 |

*Табела бр.9 Запленето оружје и муниција*

Споредбено со истиот период од преходната година, евидентно е зголемување на запленетите парчиња оружје за 42 %. Во рамките на откриените случаи, во текот на 2017 година, запленети се вкупно 190 парчиња оружје, од кои 36 пиштоли, 35 ловни пушки, пет автоматски пушки, една полуавтоматска пушка, три војнички пуки, 60 пиштоли за звучна и светлосна сигнализација, три гасни пиштоли, еден револвер, девет воздушни пушки, 34 гранати, 9.718 парчиња муниција, 13.218 парчиња пиротехнички средства и 2628 грама барут.

Недозволената трговија со оружје и муниција во РМакедонија главно се карактеризира со нелегално набавување оружје, муниција и експлозивни материи од страна на поединци а запленетото нелегално оружје најчесто е поврзано со други видови криминални активности. Ова се потврдува со фактот што во 42 од случаите оружјето е запленето при расчистување на кривични дела од насилниот криминал и недозволената трговија со дрога.

## 2.9 Криумчарење акцизни и други видови стоки

Во 2017 година, откриените кривични дела од областа на криумчарењето акцизни и други стоки бележат зголемување во однос на претходната година. Откриени се единаесет кривични дела, од кои едно кривично дело е од Законот за акцизи. Мерки на кривичен прогон беа преземени против осум сторители.




Графикон бр.14 Кривични дела и сторители за криумчарење акцизни и други стоки

Оваа година, откриени се само поединечни случаи на криумчарење и не е сузбиена ниту една организирана криминална група.

За одбележување е случајот, во кој СВР Скопје, при претрес на дом и моторцикл пронајде и заплени 59 пиштоли за звучна и светлосна сигнализација, осум воздушни пушки и поголема количина на муниција за истите, 48 додатоци за цевки за пиштоли, осум спрејови за самозаштита, две комбинирани батериски ламби со електричен парализатор, кои сторителот ги набавил од РБугарија за понатамошна препродажба.

Во рамките на откриените кривичните дела се запленети разновидни стоки и тоа: 205 килограми дробен тутун, 1.505 штеки цигари, 788 парчиња текстил, 540 кг сирово кафе, 13 грла добиток, 615 килограми прехрамбени производи, 425 украсни садници, 59 гасни пиштоли, осум воздушни пушки, 6000 куршуми за гасно оружје и 7500 дијаболи.

## 2.10 Состојби со јавниот ред и мир

Настаните кои ја обележаа оваа година, беа предизвик за полицијата во однос на зачувување на стабилниот јавен ред и мир и отстранување на можностите за ескалација на состојбите. Во повеќе сегменти од областа на јавниот ред и мир, бележиме поволна безбедносна состојба проследена со намалување во делот на прекршоците, на случаите на насилничко однесување помеѓу учениците, како и во делот на нападите над овластени службени лица.

Годината ја одбележаа повеќе настани, а најзагрозувачкиот се случи кон крајот на април, по завршување на седница на која е избран претседател на Собранието на РМакедонија кога за време на одржување на прес конференција во салата на Собранието, од страна на толпа граѓани насилно е влезено внатре, при што физички се нападнати пратеници, полициски службеници и новинари. По преземени мерки МВР поднесе осум кривични пријави и две известувања против 46 сторители за сторени пет кривични дела „учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење службено дејствие“ и „учество во толпа што ќе изврши кривично дело“.

Поголемо нарушување на јавниот ред и мир имаше и на јавен собир во Скопје, кога беа нападнати новинари и беа оштетени штабови на политички партии, заради што следеше период на континуирано одржување на протести организирани од граѓанските иницијативи под мотото „За заедничка Македонија“.

Во овој дел, мора да се спомене зголемениот ангажман и активностите на полицијата околу обезбедување и спроведување на Локалните избори, кои поминаа мирно, во фер и демократска атмосфера, без ниту еден посериозен инцидент или поголемо нарушување на јавниот ред и мир. За обезбедување на двата изборни круга беа ангажирани вкупно 9.374 полициски службеници, а за време на изборниот процес констатирани се 21 прекршок, од кои најмногу се однесуваат на користење на мобилен телефон или апарат за сликање на гласачко ливче- 13 прекршоци. Покрај ова, Министерството за внатрешни работи поднесе 14 кривични пријави, против 16 сторители за сторени 14 кривични дела, од кои три кривични дела се „повреда на слободата на определување на избирачите“, по две дела „поткуп при избори и гласање“, ,,„злоупотреба на избирачко право“ и „злоупотреба на лични податоци“ и по едно дело „злоупотреба на службена положба и овластување“, „насилство“, „обид за силување“, „насилство спрема претставници на највисоките државни органи“ и „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста.`

### 2.10.1 Статистички податоци од областа на јавниот ред и мир

Прекршоците против јавниот ред и мир бележат намалување, компаративно со истиот период минатата година. Евидентирани се 6.879 прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка, при што 73% се извршени од страна на поединци. Според местото, 55% од прекршоците се извршени на отворен простор, додека околу 20% во приватен стан и во угостителски објекти.

Според видот на прекршокот, 35% од барањата се поднесени за сторен прекршок „физички напад“ и истите се намалени за речиси 11% во однос на минатата година, потоа 15,6% се „предизвикување или учество во тепачка“, 12,4% се заради „карање, викање на јавно место“, а мал дел заради „оддавање на пијанство на јавно место“, „омаловажување полициски службеници“ итн.




Графичкон бр. 15 Најчести прекршоци и сторители за кои се поднесени барања

### 2.10.2 Протестни собири

Изминатата година, одржани се вкупно 323 протести на кои се проценува дека присуствувале околу 50 илјади граѓани. Најчести причини за одржување на протестите беа изразување на незадоволство од постапување на државни органи при преземање на мерки и активности во врска со судски пресуди, неисплатено предадено грозје од реколтата 2015, неисплатени плати, изборот на Влада на РМакедонија, како и против загадувањето на животната средина.

Покрај овие протести, во текот на годината беа организирани јавни собири од граѓанските иницијативи под мотото „За заедничка Македонија“, при што низ повеќе градови во државата беа одржани и околу 1.000 ненајавени јавни собири со присуство на околу милион граѓани, а најголем дел од собирите беа одржани во централното градско подрачје на град Скопје-221.

Како покарактеристични настани со масовно учество и нарушувања на јавниот ред и мир е собирот одржан на 27 април на подрачјето на СВР Скопје кога и насилно беше влезено во Собранието на РМакедонија.

Во рамки на „Локалните избори“ беа одржани околу 373 јавни собири и други манифестации во предизборната кампања на територијата на целата држава, како и средби со граѓани за претставување на кандидатите на изборни листи, на кои присуствуваа околу 275 илјади граѓани, а за нивно безбедно одвивање беа ангажирани над 5.000 полициски службеници.

### 2.10.3 Насилство меѓу ученици

Настаните на насилство меѓу ученици во училиштата во текот на 2017 година, бележат намалување за околу 24% во споредба со изминатата година. Евидентирани се 83 настани. Во најголем дел, учениците насилничкото однесување го изразиле преку физички напади со употреба на физичка сила и преку меѓусебна тепачка.

Во настаните учествувале 250 ученици и по тројца професори и родители, при што телесно се повредени 61 ученик а на еден ученик му е нанесена тешка телесна повреда од употреба на огнено оружје (случај во тетотовско село Палатица, кога во двор од основно училиште, 17-годишно лице пукало во ученик во седмо одделение во наведеното училиште). Што се однесува до мотивот, физичките пресметки најчесто се без повод и причина, 22 се поради претходна расправија, меѓусебно нетрпение, а мал дел се поради љубовни недоразбирања и слично .

По преземени мерки расветлени се 34 настани и поднесени се осум кривични пријави против 13 сторители за сторени кривични дела: три „насилство“; две „убиство во обид“ и по едно „тешка телесна повреда“, „загрозување на сигурноста“ и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи“. Покрај тоа, поднесени се и 27 барања за поведување прекршочна постапка од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир против 39 сторители за сторени 27 прекршоци и тоа: 18 за „физички напад“; седум за „поттикнување, предизвикување и учество во тепачка“ и два прекршоци за „нарушување на јавниот ред и мир во заеднички простории“.

### 2.10.4 Нарушување на јавниот ред и мир на спортски натпревари

Во текот на 2017 година, намалени се нарушувањата на јавниот ред и мир за време на спортски натпревари со евидентирани 30 случаи, при што 70% се на фудбалски натпревари, седум случаи на кошаркарски и по еден случај за време на ракометен и одбојкарски натпревар.

Нарушувањата во најголем дел се вршени од членови на навивачки групи со употреба на пиротехнички средства, фрлање предмети кон теренот, пеење песни или пораки со провокативна содржина, но и со влегување на сторителите на теренот.

При нарушувањата, повредени се десет лица, од кои тројца се полициски службеници, како и четворица посетители, двајца судии и еден играч. Против тројца сторители преземени се мерки на кривичен прогон за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста“ и „загрозување на сигурноста“, додека на 23 лица и еден правен субјект им се издадени платни налози за наплата на глоба за сторени прекршоци од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари и Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

За одбележување е одржувањето на меѓународниот фудбалски натпревар „УЕФА-Супер куп“ помеѓу екипите на „Манчестер Јунајтед“ и „Реал Мадрид“ на Арената „Телеком“ во Скопје, за кој Министерството презеде обемни мерки и активности во насока на одржување на поволна безбедносна состојба, јавен ред и мир и безбедност на учесниците на натпреварот, претставниците на УЕФА, навивачите и граѓаните. За обезбедување на настанот беа ангажирани повеќе од 2.500 полициски службеници. Пред отпочнување и за време на фудбалскиот натпревар, евидентирани се девет настани (препродавање на билети, продажба на шалови со натписи на наведените екипи, спречување на службено лице и напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста, влегување на спортски терен по завршување на натпреварот и тешка кражба на дрзок начин), а за нивно расчитување приведени се 14 лица (од нив шест странски државјани-по двајца англиски и украински и по еден српски и бугарски државјанин). Против осум од овие лица преземени се мерки на кривичен прогон за  сторени три кривични дела ,,недозволена трговија“ и по едно дело напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста и спречување на службено лице во вршење службено дејствие. Исто така, на по двајца македонски државјани им се издадени Записници за констатирани прекршоци вршење дејност без регистрирање правно лице согласно Законот за трговија и од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари.

### 2.10.5. Напад на службено лице

Тренд на зголемување за 12,4% бележат кривичните дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедност“.  Евидентирани се 127 кривични дела за што се пријавени 153 сторители. При нападите повредени се 120 овластени службени лица, од нив пет се тешко телесно повредени, додека на останатите им се нанесени телесни повреди. Во најголем дел, нападите се извршени при воспоставување на нарушен јавен ред и мир, а мал дел при регулирање и контрола на патен сообраќај и вршење на останати полициски работи.

Според местото, нападите се вршат на отворен простор, во градска средина, од страна на поединци, а според начинот на извршување во 101 случај, сторителите употребиле физичка сила, во останатите 24 случаи- тврди предмети.

## 2.11 Безбедност на патниот сообраќај



Во текот на годината, беа преземени бројни активности во сите сегменти од областа на сообраќајот, заради одржување и подобрување на безбедноста на патишта на територијата на Р

Македонија и обезбедување на повисок степен на сообраќајна дисциплина кај сите категории на учесници во сообраќајот. Учество е земено во мноштво проекти и активности во делот на превенцијата, а во нормативниот дел изменета е староснaта граница при продолжување на возачката дозвола.



Зголемената фрекфенција и густината на сообраќајот на патиштата, а особено непочитувањето на сообраќајните правила од страна на учесниците во сообраќајот, пред се на возачите, имаат големо влијание на безбедносната состојба во сообраќајот. Според статистичките показатели, бројот на сообраќајни незгоди со потешки последици, како и бројот на настраданите лица бележи тренд на незначително зголемување во однос на минатата година, но светла точка во овој дел претставува намалувањето на загинатите човечки животи за 6%.

### 2.11.1. Сообраќајни незгоди со потешки последици

На патиштата низ државата, во текот на 2017 година случени се вкупно 4.019 сообраќајни незгоди со потешки последици или 11 незгоди во текот на едно деноноќие. Со фатални последици се 137 незгоди, а во нив 155 лица го загубиле животот, 3.882 незгоди се со повредени лица, при што 6.224 лица биле тешко и лесно повредени, додека незгоди со голема материјална штета не се случени за разлика од лани кога беа евидентирани две такви незгоди.

При случените незгоди, причинета е материјална штета која се проценува на околу 116,8 милиони денари и истата е намалена за околу 6% во споредба со минатата година. Во текот на годината, случени се и 5.985 незгоди во кои е причинета само мала материјална штета, што е помалку за 8,8% во однос на претходната година.




Изминатиот период, во 64 сообраќајни незгоди учествувале возила на Министерството за внатрешни работи, и истите се зголемени за 5% споредбено со минатата година. Во незгодите повредени се вкупно 37 лица, од кои 12 работници на Министерството (лани 21) и е причинета материјална штета во износ од околу два и пол милиони денари.

Најголемо влијание за случување на сообраќајните незгоди со потешки последици има дејствието на учесниците во сообраќајот. Така, 97,5% незгоди со потешки последици се

предизвикани од субјективниот фактор, односно по вина на возачите се предизвикани 3.918 незгоди, а поради вина на пешаците-101 незгода.

Возачите најмногу незгоди предизвикале со управување возило со недозволена и неприлагодена брзина-759 незгоди, потоа поради непочитување на правилата за првенство на минување-574, по 462 незгоди се поради недржење прописна страна и правец на движење и непрописни движења и свртувања на патот, 300 незгоди се случиле поради управување со возило под дејство на алкохол, 121 незгода поради непрописно престигнување и во помал број поради други фактори.




Според местото на случување, 72% од незгодите се случиле во населените места или 2.904, во кои 61 лица загинале, додека 4.085 лица се повредени. Иако на патиштата надвор од населените места во Републиката, се случиле помал број на незгоди (1.115 незгоди), сепак повисок е бројот на загинатите лица- 94 лица, додека 2.139 лица се здобиле со повреди.

Гледано по подрачја, најмногу незгоди се случиле на подрачјето на СВР Скопје-1.652 незгоди, потоа, на подрачје на СВР Тетово-473, СВР Битола-398 и СВР Куманово-337, а најмалку на подрачје на СВР Струмица-228 незгоди.Според видот на настанување, најбројни се меѓусебните судари на возила во движење-2.227 незгоди, исто како и минатата година, потоа удар со возило во пешаци-876 незгоди, излетување на возила од пат-512, удар со возило во објекти на пат-158, удар во застанати или паркирани возила на пат-120, превртување возила на пат-114 незгоди, а во 12 случаи на незгоди, возила удриле во животни на патот.

Следејќи го трендот на случување на незгодите по месеци, може да се забележи дека 50% од вкупниот број на незгоди се случиле во периодот од јуни до октомври, особено во јули кога во 428 незгоди загинале најголем број на лица-29. Евидентно е намалувањето на бројот на незгодите случени во текот на зимските месеци, особено во текот на јануари кога тренд на намалување за 82% е забележан кај загинатите лица (две, а лани 11 лица). Според временската рамка, 42% од незгодите се случиле во пладневните часови во периодот од 12,00 до 18,00 часот-1.652, додека најмал број на незгоди или 190 се евидентирани во периодот од 02,00 до 06,00 часот.Како критични



денови во неделата кога се случуваат и најголем дел од сообраќајните незгоди се петок и сабота-1.202 незгоди, но и за време на работната недела-односно во вторник и среда-1.166 незгоди,  додека најмалку незгоди се случиле во недела-528.

### 2.11.2  Настрадани учесници во сообраќајот

Намален е бројот на загинатите лица во однос на минатата година за 6%, но  бројот на вкупно настраданите лица во сообраќајните незгоди бележи тренд на благо зголемување и овој тренд е ист во претходните три години. Ваквата состојба пред се, се должи на зголемувањето на бројот на лицата кои биле лесно повредени во незгодите.




рафикон бр.18 Настрадани лица

Според статистичките показатели, изминатата година настрадале вкупно 6.379 лица или 243 лица повеќе од претходната година кога настрадале вкупно 6.136 лица. Од нив, животот го загубиле 155  учесници во сообраќајот, а 6.224 лица биле повредени (833 со тешки телесни и 5.391 со лесни повреди).

Што се однесува до загинатите лица, 60% од нив смртно страдале во несреќи надвор од населените места, најмногу на автопатите и регионалните патишта.

Поголемиот дел од лицата- 37, загинале во незгоди случени на подрачјето на СВР Скопје. Како критични места на ова подрачје се јавуваат булеварите „Партизански Одреди“, „Борис Трајковски“ и „Трета Македонска Бригада“, како и автопатот Скопје-Велес и селото Ржаничино, каде загинале по две лица. Најмал број на загинати лица во сообраќајните незгоди изминатиот период има на подрачјето на СВР Куманово-шест, лани седум Според структурата, половина од загинатите лица се возачи,  28% се патници и 22% се пешаци. Од возачите, најголем дел се работи за лица-возачи на патнички возила-53,  седум се мотоциклисти, по пет се возачи на велосипед и трактор, четворица се возачи на мопед, двајца возачи на товарни моторни возила и еден е возач на мотокултиватор.

Во однос на возраста, најголем дел од загинатите лица се од повозрасната категорија, на возраст од 51 до 64 години-35 лица, како и над 65 годишна возраст-33 лица, додека најмалку лица загинале до 14 годишна возраст-четири.

Кај настраданите лица, се возачи-2.938, потоа патници-2.487, 948 се пешаци и по тројца се јавачи и терачи на стока.  Што се однесува до старосната структура, 42,4% од настраданите лицасе на возараст од 21 до 40 години или 2.705 лица, а најмалку над 65 годишна возраст-461 лице.

### 2.11.3  Превентивно-репресивни мерки

Согласно годишната програма за работа,спроведени се 51 републички селективни акциски контроли во патниот сообраќај. Покрај нив, во рамки на месечните планови реализирани се и осум засилени акциски контроли и четири регионални акциски контроли за потешките прекршоци во сообраќајот.

Спроведувањето на дел од акциските контроли се следеше преку директно учество на полициските службеници од Секторот за сообраќајни работи, во насока на постигнување на поголема ефикасност и ефективност при спроведувањето на истите, а воедно и заради спроведување контроли со цел утврдување и елиминирање на одредени негативни појави предизвикани од страна на униформираните полициски службеници, пред се во поглед на стручниот и професионален однос, личниот изглед, опременоста, како и рационално користење на работното време и материјално-техничките средства за работа. Превентивно-репресивните мерки бележат тренд на намалување споредено со претходните години. При редовното работење, како и при преземените акциски контроли, против прекршителите на сообраќајните правила и прописи преземени се вкупно 158.697 превентивно-репресивни мерки.

.




Графикон бр.19 Превентивно-репресивни мерки

Поднесени се вкупно 53.165 барања за поведување прекршочна постапка, од кои 54% се за управување на нерегистрирани возила-14.839 и управување без возачка дозвола-13.777, потоа за брзо возење поднесени се 4.221 барања, заради техничка неисправност на возилата-2.110 барања, за возење под дејство на алкохол-1.945; поради непочитување на сообраќајните знаци-1.810, неправилно движење на пешаци-600 барања и во помал број за други прекршоци. Наплатени се 6.851 платни и наплатни налози за глоба, од сообраќај се исклучени 16.377 возила и 24.822 возачи, времено се одземени 2.985 возачки дозволи, алкотестирани се 22.885 лица, 22.521 учесници во сообраќајот се писмено предупредени, додека 3.025 лица се повикани на сообраќајна поука за сторен сообраќаен прекршок.

## 2.12 Гранична безбедност и странци

Изминатата година, приоритети во работењето на граничната полиција беа успешнно справување со мигрантската криза преку навремено откривање и спречување на илегалните преминувања, сузбивањето на прекуграничниот криминал, развивањето на прекуграничната полициска соработка и зајакнување на капацитетите на граничната полиција. Исто така, активно се работеше на имплементација на регулативите и најдобрите пракси на Европската унија и прилагодување на националното законодавство, особено во изготвување на предлог текстот на новиот Закон за странци и новиот Закон за азил и привремена заштита (Закон за меѓународна и привремена заштита). Учество е земено и во преговорите со Европската Унија заради потпишување на Договор за статус помеѓу РМакедонија и ЕУ за учество во акции спроведени од Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во РМакедонија.

### 2.12.1 Илегална миграција

Илегалната миграција е актуелен проблем и предизвик, а статистичките податоци говорат дека состојбата со напливот на мигранти во Р Македонија е намалена за 96%. На државните граници, евидентирани се вкупно 4.129 обиди за илегално преминување, од нив 86% се на македонско-грчката граница, 9% на македонско-српската граница, а мал дел на границите со останатите соседни земји.




| | Грција | Албанија | Србија | Косово | Бугарија |
|---|---|---|---|---|---|
| внатрешност | 509 | 69 | 264 | 31 | 38 |
| излез | 1104 | 22 | 17 | 7 | 0 |
| влез | 1947 | 2 | 94 | 25 | 0 |

Графикон бр.20 Спречени илегални преминувања

Мотивите за илегалното преминување на албанските и македонските државјани се од економски причини, работење на „црно“ во Р Грција, а дел од албанските државјани остануваат во пограничните места, каде исто така работат на „црно“, додека мигрантите од афро-азиските држави влегуваат во државата илегално минувајќи ја грчко-македонската граница, со цел да транзитираат до северната граница, откаде би заминале во некоја западно-европска држава.

Намалувањето на илегалната миграција се должи пред се на одредени одлуки донесени од страна на Европската Унија, но и заради зајакнати контроли од страна на полициските службеници на граничните премини, на местата и правците од каде најчесто влегуваат мигрантите, контроли во товарните возови кои доаѓаат од Р Грција и товарните возила во делот каде што се специјално направените бункери и сл. Значителен придонес во ваквите активности имаат и странските полициски службеници ангажирани на јужната граница. Во текот на годината, беа распоредени вкупно 1.503 службеници од осум држави (Хрватска, Србија, Словенија, Австрија, Чешка, Полска, Унгарија и Словачка). Прифатен е предлогот за продолжување на Проектот до октомври 2018 година, со што е обезбедена одржливост на заедничката операција за уште најмалку една година.



Во однос на местото на откривање на мигрантите, енормно е зголемен бројот на лица спречени при обид да остварат излез од Р Македонија-1.150, за разлика од лани кога се евидентирани 140 обиди за илегален излез, додека пак намалување е забележано на обидите за илегален влез на јужниот дел од Р Македонија-2.068 (121.132) лица.

Опаѓачки тренд бележи и бројот на мигранти спречени при обид за илегално преминување на македонско-грчката граница. Откриени се 3.220 лица, компаративно со истиот период од 2016 година, кога беа откриени 35.177 лица.



Околу 56,6% од мигрантите се откриени при обид за влез во близина на граничен камен 56, Напуштена караула „Чеде Филиповски“ и околината на селата Богородица и Прдејци.

На излез од Р Македонија, околу 90% од лицата се откриени на автобуската станица Гевгелија и во возови на железничката станица, а истите веќе претходно илегално ја преминале границата од Р Србија кон Р Македонија, и се со намера доброволно да заминат кон Р Грција поради немање доволно парични средства, изнемоштеност и предолго задржување во Привремените центри и слично.

Поголемиот дел од лицата на организиран начин илегално ја преминуваат границата, додека мал дел од нив поминуваат пеш, самостојно во мали групи. Се користат ноќните и раните утрински часови, искористувајќи го периодот кога се врши смена од страна на патролните тимови. Регистрирана е и појава на обиди за илегален влез на самите гранични премини, криење во товарни возови (најчесто на влез, во полни или празни вагони) или пак во специјални бункери во товарни возила.

Според земјата на потекло, најчесто се работи за мигранти од земјите на Блискиот исток или Јужна Африка кои се обидуваат да продолжат со патувањето со фалсификувани патни исправи или лични карти на земјите од Европската Унија.

Фалсификуваните документи се со вметнување слики на лицето кое го користи документот, промена на био страницата или пак се прават обиди со оригинални туѓи патни исправи и лични карти од земјите од Европската Унија да се оствари влез во РМакедонија.



При справувањето со илегалната миграција, постапувано е хумано согласно меѓународните конвенции, односно сите ранливи категории на мигранти, времено се згрижени во Привремените транзитни центри, се до нивно доброволно заминување. Во текот на 2017 година, во Привремените транзитни центри „Винојуг“- Гевгелија и „Табановце“ сместени се 20 лица, од кои 70% се во Привремениот транзитен центар Табановце. Во текот на февруари 2017 спроведена е постапка за реадмисија на 49 мигранти во Р Грција, кои претходно биле сместени во Привремениот транзитен центар Табановце. Согласно договорот за реадмисија, лицата се прифатени од страна на грчките погранични органи.

### 2.12.2 Гранични проверки и граничен надзор;



Изминатата година, не се евидентирани гранични инциденти, а во делот на прекуграничната полициска соработка беа одржани 858 средби  (16 регионални, 292 локални средби и 550 контакти) со претставниците на соседните гранични служби, кои се одвиваа согласно важечките билатерални договори. Покрај ова, беа реализирани и 427 мешани патроли на границите со сите соседни земји, освен со РГрција, поради непостење на современ договор за полициска соработка.



За одбележување е дека одржани се две средби на национално ниво во Солун, Р Грција, заради подобрување на полициската соработка помеѓу двете земји во иднина. Исто така, во текот на мај во хотелот „Рамада“- Гевгелија, во организација на ИЦИТАП-Амбасадата на САД, одржана е обука на тема „Патролни операции на зелената граница“, со учество на по 10 полициски службеници од Македонија и Грција, при што е истакнато дека и во иднина треба да се продолжи со ваквите активности, со цел поефикасно справување со сите предизвици на граничната полиција, пред се прекуграниченниот криминал, откривање на организираните групи кои делуваат во двете држави и мигрантската криза.

Покрај тоа, од страна на граничната полиција учествувано е во десет заеднички оперативни активности на Frontex. Учеството е реализирано со распоредување на наши

полициски службеници во странство и со прифат на странски полициски станици за гранични проверки во оперативни активности како во копнениот, така и во воздушниот сектор.

На граничните премини спроведени се повеќе оперативни акции како што е регионална оперативна акција во рамки на Европол „Western Balkan Action Day“, Меѓународна оперативна операција на Интерпол за сузбивање на илегална трговија со дрога, оружје и евроазиски организиран криминал и „Регионална операција за борба против криминал со возила „ Резервни делови 2017 во организација на SELEC. Активно учество е земено и во други меѓународни проекти чии корисници се земјите од регионот. Ваквите активности придонесуваат да се зајакнат капацитетите на граничната полиција за поефикасно справување со мешовити миграции, да се подобри ефикасноста на Заедничките контакт центри за полициска соработка и нивно идно меѓусебно поврзување и да се создадат предуслови за воспоставување на APIсистем на граничните премини за воздушен сообраќај.

## 2.12.3 Контрола на движење, престој на странци и преземени мерки;

### 2.12.3.1.Проток на патници

На граничните премини во државата, евидентирани се вкупно 18.649.763 патници, што претставува благо зголемување во однос на истиот период од минатата година. Најголем број од патниците на влез/излез на граничните премини се евидентирани на границата со Р Грција-4.576.328, особено во месеците јули и август додека трае летната сезона.

Од овие евидентирани патници на влез и излез, 60% се странски државјани-11.190.446, додека бројот на македонски државјани евидентирани на граничните премини е 7.459.317. Најголем дел од патниците го користеле граничниот премин „Табановце“ – 18,7%, граничниот премин „Богородица“ – 16,3% и граничниот премин „Блаце“-14,6%.




Графикон бр.21 Фрекфенција на патници по гранични премини

Споредено со истиот период минатa година, значително зголемување на бројот на патници од 41% бележиме на ГП „Пелинце“, потоа 18,5% на ГП „Џепиште“, 14,4% на аеродромот „Свети Апостол Павле“ во Охрид, 12,5% на Меѓународниот аеродром во Скопје, 10% на ГП „Стар Дојран“, додека позначително намалување бележиме на ГП „Јажинце“-9%, ГП „Блато“-8,3% и ГП „Табановце“-6,3%.

Најголем број странски државјани кои оствариле влез, односно излез од РМакедонија во изминатиот период биле српските државјани– 19,8%, косовските државјани – 16,4%, албанските-15,8%, грчките-12,5% и бугарските-9,4%.



Од страна на службите на граничните премини, по разни основи не е дозволен влез во РМакедонија на 2.530 странски државјани, во најголем број на албански-861, потоа, на турски-333, косовски-192, кинески-98, индиски-95, бугарски-88, грчки-79, српски-77 и во помал број други странски државјани.

Споредено со минатата година, забележано е намалување за околу 22%, во најголем дел на границите со Албанија-30,7% и Косово-28,5%. Најчести причини за недозволен влез на странските државјани се непоседување важечка виза за влез во Р Македонија, недоволно парични средства, неважечка патна исправа или лична карта, давање неточни податоци за себе, наведување погрешна цел на патувањето, постоење сомнение дека илегално ќе работат во Р Македонија, претходно изречена забрана за влез во Р Македонија итн.

Во истиот период на граничните премини во државата не им е дозволен излез на 486 странски државјани, што е за речиси 10% помалку споредено со минатата година. По граници, најголемо намалување е забележано на границата со Бугарија, околу 38% и Србија-околу 30%, додека зголемување од 24,5% е забележано на границата со Грција. Причини за недозволен излез на странските државјани од Р Македонија се пречекорен престој, користење фалсификувана патна исправа, измината важност на патната исправа и непоседување виза за трета земја, додека според државјанството, најмногу се работи за албански државјани-173, турски-76, спрски-68, косовски-42, бугарски-31 и други.



Во овој период при контрола на преминување на државна граница и утврдување на исправност на патни исправи на лица, откриени се 134 фалсификувани патни исправи, 61 откриени на влез во државата, а останатите на излез, додека во 98% се работи за странски патни исправи, повеќето користени од странски државјани. Исто така, откриени се и 16 странски државјани, кои се обиделе со туѓа патна исправа да ја преминат државната граница, како и 627 лица кои истото сакале да го сторат со неважечки патни исправи.

### 2.12.3.2 Престој на странски државјани по разни основи, преземени прекршочни и кривични мерки

Во текот на годината, издадени се 2.975 дозволи за привремен престој на странски државјани,со што е забележано незначително намалување во однос на минатата година. Странските државјани најчесто престојувале по основ на вработување, работа или вршење самостојна дејност-1.220 дозволи, како членови на потесно семејство на државјани на Р Македонија-638, потоа, по основ на школување или студирање-572, по основ на семејно

обединување-431 и друго. Најголем број дозволи се издадени на турските државјани-1.098, на српските-366, на албанските-238, на косовските-238, на бугарските-96, грчките-84 и во помал број на други странски државјани.




*Графикон бр.22 Издадени дозволи за привремен престој на странски државјани по најчести основи*

Во државата престојувале и 448.959 странски државјани со престој до три месеци, што во однос на минатата година бележи намалување за околу 8%. До три месеци, во најголем број престојувале турските-58.759 и српските државјани-50.375, потоа, бугарските-39.654, германските-33.797, грчките-32.096, албанските-23.614, холандските-20.042 и други странски државјани. Над 96% од странските државјани во државата престојувале како туристи или во приватни посети, што е за 9,7%, помалку во однос на минатата година.

Во овој период, бележиме тенденција на намалување на преземените репресивни мерки против странските државјани споредено со претходните години, поради незаконските активности извршени при нивниот престој во РМакедонија.

Поради разни незаконски активности, поднесени се 806 прекршочни пријави против странски државјани, што е за 16% помалку од минатата година, а најмногу сторители биле албанските државјани-239, турските-119, српските-117, косовските-75, бугарските-50, германските-22, грчките-20 итн. Притоа, 71% од сторените прекршоцисе по Законот за странци, 18% се од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, 6,5% од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, 2% од Законот за гранична контрола, додека по останати закони се констатирани уште 2,5% од сторените прекршоци. И преземените мерки на кривичен прогон бележат тенденција на намалување. Во текот на годината, поднесени се 336 кривични пријави, против 391 странски државјани, за сторени 413 кривични дела. Инаку, најчести сторители се албанските -120, косовските-57, српските-47, по 35 се бугарски и турски-10, а во помал број други државјани, а најмногу сторени кривични дела се „фалсификување исправа“-131, потоа „тешка кражба“-75, „загрозување на безбедноста на сообраќајот“-74, „кражба“-19, по 12 кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ и „недозволено

изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи“, 11 се „измами“, а останатите кривични дела се во помал број.

#### 2.12.3.3 Барања за азил

Што се однесува до барањата за азил, забележано е намалување на новите барања за признавање право на азил. До Секторот за азил, од страна на 162 лица поднесени се нови барања за азил, компаративно со минатата година, кога беа поднесени 760 барања. Според земјата на потекло, во најголем дел се работи за лица од Сирија, Пакистан, Авганистан, Ирак и Иран и тн. Покрај нив, 376 лица се со признато право на азил заради супсидијарна заштита, додека 20 лица се со признат статус на бегалец.

Во Прифатниот центар за странци во Скопје, во 2017 година, сместени се 131 лице, од нив 92% се од машки пол или 121 лице, а останатите 10 од женски пол. Според возраста, 77% се на возраст од 18 до 35 години или 101 лице, потоа 21 лице на возраст од 36 до 59 години, пет лица на возраст од 14 до 17 години и четири лица до 13 годишна возраст. Гледано, по земја на потекло, најмногу се од Пакистан-53 лица, потоа Албанија-17, по 12 лица од Сирија и Турција, осум лица од Косово, седум од Авганистан, шест од Ирак, тројца од Русија, по двајца од Индија и Египет и во мал број од други држави.

## 2.13 Примена на полициски овластувања и употреба на средства за присилба

### 2.13.1. Полициски овластувања

Полициските службеници предвидените полициски овластувања и во текот на оваа година, ги преземаа во насока на заштита на основните слободи и права на граѓаните, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за откривање на сторителите, како и одржување на јавниот ред и мир во земјата.

Примената на полициските овластувањата кои се однесуваат на утврдување на идентитет на лица, приведени, предупредени и задржани лица по разни основи се на приближно исто ниво како и минатата  година.

Од останатите мерки, може да се спомене одземањето на 6.790 предмети, а извршени се 243 претреси во простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица, во најголем дел заради обезбедување документација за успешно водење на кривична постапка, како и заради пронаоѓање и фаќање на лице затекнато во извршување на кривично дело кое се дало во бегство.




*Графикон бр.22 Примена на овластувањата*

#### 2.13.3.2. Средства за присилба

Случаите на употреба на средствата за присилба бележат тренд на зголемување. Во текот на 2017 година во 643 случаи полициските службеници употребиле средства за присилба, за разлика од лани -557 случаи. Најголем дел се при вршење на кривични дела и при воспоставување на нарушен јавен ред и мир.

Покрај ова, во два случаи е употребено огнено оружје при преземање на активности за спречување и откривање на кривични дела по ОА „Гора“ и „тешка кражба“ на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Велес и Струмица.

По извршеното оценување на преземените мерки во сите случаи употребата на средствата за присилба е оправдана. Инаку, во 499 случаи полициските службеници употребиле средства за врзување, потоа физичка сила – 132 и гумена палка – 10 случаи. При употребата на средствата за присилба повредени се 13 лица, од кои при употребата на огнено оружје на две лица им се нанесени тешки телесни повреди, додека на останатите лица им се нанесени лесни телесни повреди (при употреба на гумена палка две лица се поврдени- на едно лице му се нанесени тешки повреди, на другото лесни), додека девет лица се повредени при употреба на средства за врзување.

## 2.14 Спречување на вршење кривични дела и прекршоци

### 2.14.1 Превенција

Во рамките на соработката и градењето доверба на полицијата со локалното население, Министерството за внатрешни работи преку службите за превенција и полициските станици континуирано спроведуваше активности во насока на подобрување на безбедносната состојба. Најголемиот дел од мерките беа во рамки на проектите „Внимателна заедница-безбедна заедница“, „Без толеранција за дрога и алкохол“,„Полицијата и учениците се дружат“, „Безбедност во училиштата“,„Превенција од имотни деликти“,„Безбедно на интернет „Лето без пожари“ и др. Службите за безбедност на патниот сообраќај на Министерството за внатрешни работи оваа година во континуитет се ангажираа и превземаа засилени активности во делот на превенцијата. При тоа, Секторот за сообраќајни работи во соработка со ОКТА АД Скопје, преземаше мерки и активности за подигнување на вниманието и свеста за безбедноста во сообраќајот со спроведување на

годишна национална кампања под наслов „Јас внимавам“ во чии рамки беа реализирани девет различни превентивни активности.

## 2.15 Меѓуинституционална и меѓународна соработка

### 2.15.1 Меѓуинституционална соработка

Борбата против криминалот бара постојан ангажман на сите релевантни институции во земјата. За ефикасно справување со криминалот во сите негови модалитети, потребно е поттикнување на развојот на сите механизми и алатки за постапување, како и унапредување и континуирано јакнење на меѓуинституциналната соработка. Во таа насока, заради потврдување на заедничката заложба за поголема ефикасност и функционалност во борбата против криминалот, Министерството и оваа година продолжи да ја зајакнува и унапредува на меѓуинституциналната соработка.Оваа соработка успешно се оствaруваше во однос на размена на информации, водење на истраги, координација на активности, потпишани меморандуми за соработка, учество во национални комисии и национални координативни тела, меѓуинституционални работни групи и управни комитети.




Во 2017 година, Министерството за внатрешни работи, соработуваше со Управата за финансиско разузунавање, Управата за финансиска полиција, Царинската Управа, Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и други надлежни Јавни обвинителства, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за катастар на Р.Македонија, Агенцијата за вработување на Р.Македонија, Агенција за храна и ветеринарство, Народната Банка на Р.Македонија, Државна комисија за спречување корупција, Министерство за локална самоуправа, Центар за управување со кризи, Факултетот за безбедност и други.

Бенефитот од остварената соработка беше видлива во повеќе сегменти од полициското работење и тоа сузбени организрани групи, водење заеднички истраги,а за одбележување е и склучениот меморандум помеѓу Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и Министерството за внатрешни работи со кој за прв пат во Република Македонија се воспоставува Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе.

### 2.15..2 Меѓународна соработка




Зајакнувањето на меѓународната соработка е еден од основните предуслови за успешна борба против криминалот во внатрешноста на државата, регионално, како и во борбата против транснационалниот организиран криминал. Во таа насока, Министерството за внатрешни работи и во овој период продолжи да ја унапредува и зајакнува меѓународната соработка.Бенефитите се видливи во повеќе сегменти почнувајќи од подобрување на капацитетите на органите за спроведување на законот, во спроведување и учество на меѓународни заеднички полициски операции во нашата и други земји, поквалитетна и понтезивна размена на информации, формирање на заеднички истражен тим, сузбивање на организирани групи и др.

Оперативна полициска соработка на Министерството за внатрешни работи е остварена со сите земји преку каналите на ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ, СЕЛЕК, офицерите за врска и националниот координатор за имплеменатција на проекти иницирани од странски држави, а финансирани од Европската комисија. Со ова се овозможува унапредување, продлабочување и координација на соработката со меѓународните институции, земјите од Европската Унија и органите надлежни за спроведување на законот во Р.Македонија.

Во 2017 година во рамки на Проектот ИПА 2014 „Борба против организираниот криминал, меѓународна соработка помеѓу правосудните органи во кривичната материја" чиј имплементатор е Министерството за внатрешни работи на Република Италија, а со цел подобрување на стратешката и оперативната полициска соработка меѓу земјите корисннички, се реализирани повеќе оперативни состаноци, конференции, работилни и др. Преземени се активности и во рамки на Конвенцијата за полициска соработка на Југоисточна Европа за именување на единица за активна меѓународна потрага по лица и приклучување кон меѓународната мрежа на тимови за потрага „ENFAST".

Во организација на Генералниот Секретаријат на ИНТЕРПОЛ во Лион, Франција се спроведе проект во балканскиот регион со цел зајакнување на капацитетите во борбата против криумчарење мигранти. На иницијатива на Кацеларијата SEESAC се одржа состанок со преставници од клириншката куќа за контрола на мало и лесно оружје со цел воспоставувањето на контакт точки за огнено оружје (КТО) во Југоисточна Европа, врз основа на одлуката на Советот на ЕУ. Министерството за внатрешни работи учествуваше во реализација на втората меѓународна Операција за борба против криминал со огнено оружје, а во рамки на операцијата во Р Македонија беше извршена контрола на 72.602 лица, на 2.236 лица извршена е детална контрола, детална контрола на 1.074 моторни возила, и 14 контроли на пратки, при што беа запленети околу 50 килограми марихуана и 2,5 килограми хероин и приведен е еден македонски државјанин кој управувал возило во кое биле направени преправки во вид на бункери.

Во координација со Генералниот Секретаријат на ИНТЕРПОЛ и Светската царинска организација се спроведе меѓународна операција која беше фокусирана на начините на заштита на културното наследство, при што беше извршено легитимирање и преглед на повеќе од 200 лица, 300 моторни возила, реализирани 10 акциски контроли, но во Р.Македонија не беа откриени ниту пронајдени предмети или средства кои потекнуваат од недозволената трговија со културни добра. Размена на информации од областа на меѓународните потраги по лица и возила, насилниот криминал, финансискиот криминал, недозволената трговија со дрога и оружје, проверки за оригиналност на документи и иденфикација на лица.

Надградувањето на стратешката соработка преку учество во заеднички проекти и интензивирањето на оперативната соработка на националните органи (МВР, ЦУ, УФП и УФР) со Европол.Во однос на оперативната соработка во текот на годината се настојуваше да се зголеми учеството на Р.Македонија во билатерални или мултитерални операции и да се интензивира размената на оперативни информации во рамки на Работните досиеја за анализа на Европол, земјите членки на ЕУ и оперативните партнери за соработка.

Во текот на 2017 година беа спроведени вкупно четири мултилатерални операции на територијата на Р.Македонија и тоа за сузбивање на илегална миграција и трговија со луѓе, нелегалната трговија и криумчарење на оружје и муниција и сузбивање на трговија со нелегален опасен отпад. Беше зголемена размената на информации во аналитичките проекти во рамки на работните досиеја на Европол за организиран и сериозен криминал и тероризам, а зголемена е и билатералната размена на информации со сите земји членки на ЕУ и оперативни и стратешки партнери за соработка со Европол.

Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија преку СЕЛЕК иницираше вкупно 61 заедничка истрага со СЕЛЕК за истраги за НТ со опојни дроги, компјутерски криминал, финансов криминал, НТ со оружје, тешки кражби, криумчарење на мигранти, трговија со луѓе како и соработка остварена за утврдување на идентитет, а државите членки преку СЕЛЕК иницирале вкупно 52 заеднички истраги со соодветниите служби во Р.Макеонија . Остварена е соработка со институцијата за борба против дрога DEA од САД надлежните служби за борба против дрога од Р.Бугарија, Р.Италија, Р.Австрија, Р.Србија, Р.Грција и Р.Албанија.

Остварена е успешна соработка помеѓу Јавните обвинителства од Р.Македонија и земјите од регионот. За таа цел во рамки на едно криминалистичко истражување потпишан е договор со кој формирани се заеднички истражни тимови (ЗИТ) помеѓу Р.Македонија и Р.Србија. Со помош на меѓународна соработка реализирани се случаи на територија на Р.Македонија како и на територија на Р.Србија,Р.Австрија и Р.Албанија, при што откриена е современа лабораторија за производство на синтетички droги на територија на Р.Македонија во кој запленета е софистицирана опрема, суровини и 1.115.414 таблети, а на територија на РСрбија, РАвстрија, РАлбанија се запленети над половина тон наркотична дрога и 12 парчиња оружје.

Реализираната меѓународна истрага за сузбивање на организирана криминална група инвовлирана во криумчарење мигранти се водеше заедно со српската и унгарската полиција. Во делот на корупцијата и организиран економски криминал остварена е соработка со Европол и СЕЛЕК, за што во тековната година беа поднесени три известувања.

Во насока на интензивирање на досегашната извонредна соработка во делот на интергираното гранично управување, од исклучително значаен придонес е и добиената донација од милион евра од Владата на Република Чешка наменета за материјално-техничко опремување на граничната полиција.

## 2.16 Останатите полициски и други работи

### 2.16.1 Обезбедување на определени личности и објекти

Одделот за обезбедување, согласно позитивните законски прописи и степени на обезбедување, преземаше соодветни мерки и активности за обезбедување на високи државни функционери (Претседателот на Р Македонија, Претседателот на Собранието на Р Македонија, Претседателот на Владата на Р Македонија) кои во текот на 2017 година оствариja официјални и работни посети во повеќе странски држави, работни посети и активности во повеќе градови на територијата на Р.Македонија, како и присуство на повеќе манифестации од различен карактер.

Полициските службеници преземаа активности при престој на 100 странски делегации во Република Македонија за кои беа определени различни степени на обезбедување, потоа, преземаа мерки за обезбедување на 12 акредитации на странски амбасадори, шест обезбедувања на транзит на странски делегации, како и обезбедувања на јавни манифестации кои се одржуваа на територија на Р.Македонија.

Во делот на сообраќајно и ескортно обезбедување извршени се вкупно 1.531 сообраќајно-ескортни обезбедувања за домашни личности во Скопје и 861 обезбедувања на ВИП личности и странски делегации на нашата територија.

Исто така, беа преземени адекватни мерки и активности за обезбедување на Министри, поранешни Претседатели на РМакедонија, и други личности, обезбедување на објекти од државен интерес и посебно значење, како и обезбедување на амбасади, канцеларии за врски, резиденции и останати дипломатски мисии акредитирани во Р.Македонија. Голем број активности и мерки се остварувани и во делот на превентивното обезбедување.

Притоа, редовно се спроведуваа проверки и прегледи за противдиверзиона заштита на објектите, превентивно надгледување и опсервација на безбедносно интересни точки и локации, мерки за дефанзивно електротехничко обезбедување, проверки за исправноста на прехранбени продукти и пијалоци и други мерки и активности.

### 2.16..2 Криминалистичко –технички работи

Одделот за криминалистичко - технички испитувања и вештачења, функционира со стручни организациони единици за криминалистичко - лабораториски испитувања, криминалистичка идентификација на лица, оперативна криминалистичка техника и контрола и управување со квалитет. Ваквата организациска поставеност е уредена со цел да се одговори на проектираните задачи и на современите форензички стандарди. Од особено значење е и успешно спроведената акредитација на методата за предизвикување на траги од папиларни линии со употреба на цијаноакрилатни испарувања во комора, со што е овозможено функционирање на лабораторијата за траги од папиларни линии по светски прифатени норми, во склад со стандардот ИСО 19023.

Во Одделот за криминалистичко- технички испитувања и вештачења, во текот на 2017 година постапувано е по 14.595 барања по различни основи, а во најголем број се работи за барање за вештачења.

Во Секторот за криминалистичко–лабараториски испитувања врз основа на извршените лабораториски испитувања изготвени се 802 соодветни извештаи за анализи и вештачења за дрога, психотропни супстанции, отрови и прекурсори, 1.379 извештаи за анализи и вештачења за алкохол и метаболити од droги.

Во Секторот за криминалистичка идентификација, беа спроведени 2.086 анализи на траги од папиларни линии, 171 споредбени анализи на траги од папиларни линии со отпечатоци од осомничени лица, 397 вештачења, односноидентификации на лица врз основа на траги од папиларни линии, 5.641 внесувања на дактилоскопски материјал во дактилоскопската база, како и утврдување на идентитет на 1.044 лица.

Од особено значење се извршените вештачења на таканаречените колд-хитови (поврзувања на ДНК од траг со лице кое евидира во база без да е истото осомничено за делото) врз основа на кои во текот на 2017 година се евидентирани вкупно 305 поврзувања и вештачењата од ДНК лабораторијата во расветлување на неколку сериозни дела – разбојништво со смртни последици, убиство, како и финансиски криминал со банкомати.

Во Одделението за анализа на дигитална опрема и медиуми изработени се 2.756 фотографии од видео материјалии развиени се 120 филмови и ЦД-а. Полиграфска техника е применета при расветлување на 49 кривични дела, а извршени се вкупно 92 полиграфски тестирања од кои 18 за убиство, 15 за разбојништво и 40 за кражби.

Од Страна на Отсеците за криминалистичка техника во Секторите за внатрешни работи извршени се 15.607 увиди, од кои најголем број или 9.681 се во врска со имотни деликти, 3982 увиди за сообраќајни незгоди, 851 при крвни деликти, 720 за пожари, 250 увиди се извршени за организиран криминал, 108 за недозволена трговија и 25 при случени експлозии.

### 2.16.3 Активности на оддел за специјални полициски операции

Одделот за специјални полициски операции согласно своите надлежности и оваа година продолжи со континуирано преземање активности кои придонесоа за одржување поволна и стабилна безбедносна состојба во државата.






Посебен придонес имаа активностите на припадниците на Единицата за специјални задачи кои во текот на годината имаа вкупно 887 ангажирања и тоа за обезбедување на витални објекти, обезбедување ВИП, локални избори, оперативни акции-извидувања, асистенции на други служби во МВР и државни органи, понатаму, спроводи на опасни лица (екстрадиции) и евакуација на пратеници при нарушен ЈРМ.

Единицата за брзо распоредување реализираше активности во делот на различни видови обезбедување, како што се испомош на организациони единици при МВР, асистенција на државни органи, обезбедување на  спортски натпревари од висок ризик, јавни собири, протести, резиденцијални објекти и личности, избори, оперативни задачи   и слично, при што изврши вкупно 2.560 активности.

Единицата за обука и поддршка, беа ангажирани за зајакнато обезбедување на казнено поправните установи во Скопје, Битола и Прилеп, потоа при вршење на спроводи на притворените лица од казнено поправните установи до Основниот суд во Скопје и обратно, зајакнато надворешно обезбедување на државната граница, обезбедување на конференции, на фудбалски и кошаркарски  натпревари,  обезбедување на протестите пред објектот на Собрание  на Република Македонија  на 27.04.2017 година во Скопје, каде двајца припадници на ПЕП беа повредени и оштетени пет заштитни штитови за јавен ред и мир, зајакнато обезбедување пред Собрание и Влада на Република Македонија, обезбедување на предизборни митинзи и  локални избори , протести и слично.

### 2.16.4 Активности на Оддел за воздухопловни единици

Одделот за воздухопловни единици, заради одржување и зголемување на оперативноста на персоналот и во согласност со ресурсите - хеликоптерите со кои располага во текот на 2017 година спроведе 1.087 летови и тоа тренажни, оперативни и летови за доспособување на летачкиот персонал.



Аеродромската полиција во овој период извршуваше работи кои се во функција на овозможување координација и логистичка подршка на воздухопловните единици сместени во базата во доменот на складирање  и чување на воздухопловни горива и мазива, противпожарно обезбедување, а во соработка со надлежните организациски единици во Министерството организираше надворешно физичко обезбедување, просторно и хортикултурно уредување, одржување на високонапонската и нисконапонската електрична инсталација и останати матријално технички средства во базата.

### 2.16.5 Активности на други единици

Единицата за службени кучиња преку водичите на службени кучиња во текот на годината има реализирано вкупно 1.790 барања, од кои по барање на Одделот за антитерерозирам и деминирање–1.487 случаи, Оддел за заштита на определени личности и објекти во 303 случаеви, а во 48 случаи е постапено за откривање на опојни дроги, наркотици, оружје и муниција. Единицата учествуваше и во меѓународна оперативна операција, која се реализраше на дел од граничните премини во нашата земја.



Понатаму, припадниците на Единицата за прв одговор и интервенција – АЛФА при вршење редовна дејност, по разни законски основи привеле вкупно 1.674 лица. Од нив врз основа на телеграма, потерница, гласник и судска наредба приведени се 303 лица, потоа непосредно по извршување на кривично дело 111, а на лице место при извршување на кривично дело затекнати се 58 лица. Исто така, приведени се 328 лица кај кои при претрес се пронајдени наркотични дроги, додека при нарушување на јавниот ред и мир интервенирано е во 176 случаи, а во 285 случаи е дадена асистенција при претрес на дом.

### 2.16.6 Криминалистичко разузнавање и анализа

Во текот на годината, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа како централна разузнавачка единица беше насочена кон следењето на состојбите со криминалот од стратешко ниво, спроведувањето на приоритетите, развивање на моделот на полициско работење водено од информации и реализација на активностите предвидени со Акциските планови согласно стратегија на Бирото за јавна безбедност и стратешката програма на Министерството. Севкупно, во 2017 година беа изготвени повеќе од 2.100 аналитички, статистички и други видови на материјали за информирање.

Беа изготвувани соодветни аналитички продукти како поддршка на раководителите на стратешко ниво, поддршка на криминалистичките истражувања преку изготвување на информации во врска со кривично-правни настани и анализи за потребите криминалистичките истражувања. Се вршеше размена на аналитички информации и статистички податоци на стратешко ниво во Министертвото, како и со другите агенции за спроведување на закон, на национално така и на меѓународно ниво. Исто така, се изготвуваа статистички прегледи со податоци и статистички извештаи за следење на состојбите по области на криминал, јавниот ред и мир, илегалната миграција и сообраќајот. Беа изготвувани и одговори на барања од останати организациони единици во Министерството, други институции и организации како и на корисници на податоци и информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Одделот ги насочи своите капацитети во активности кои се однесуваат на изработка на стратешки документи, кои имаа за цел да ја истакнат важноста на стратешкиот пристап во борбата против криминалот, а за таа цел изготвена е Стретешка проценка со која беа утврдени стратешките приоритети на Бирото за јавна безбедност и беа дадени насоки за спроведување на активности преку Акциони планови во делот на превенцијата, разузнавањето и спроведувањето.




За прв пат беше изготвена и Анализа на ризик за гранично работење за потребите на проценка и управувањето со ризиците во граничното работење. Како стратешки документ има за цел да ги идентификува главните ризиците на подрачјата на државната граница (зелен појас и гранични премини) на РМакедонија и да ги поддржи среднорочните приоритети во делот на граничното работење. Покрај ова за изготвување на OCTA SEE 2017 стратешки извештај кои ќе ги идентификува и процени закани во регионот на СЕЛЕК, во исто време истакнувајќи ги слабостите и можностите во врска со различните видови на криминал, беа одговорени прашалници за криминални области и годишни прашалници на СЕЛЕК Центарот за различни облици на криминал.

Континуирано се следеше состојбата со актуелната мигрантска криза, при што беа изработени над 330 информации, 36 одговори за состојбите на јужната, северната граница и за состојбите со илегалната миграција, преку кои навремено беа информирани стручните служби во Министерството, Центарот за управување со кризи, ЕВРОПОЛ, Регионална иницијатива за миграција, азил и бегалци-МАРРИ, Полициското аташе во Германската Амбасада во Белград, Р Србија и други институции. Статистичките податоци за оваа област дневно беа ажурирани во базата на FRONTEX за мрежата на анализа на ризик за Западен Балкан.

Во делот на соработката со канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, изготвен е Прирачник на ОБСЕ за полициско работење водено од разузнавање. Овој прирачник јасно ги прикажува основите на овој модел на полициско работење, најдобрите пракси од полициските служби и предизвиците за имплементација на моделот. Годината, заврши реализацијата на Твининг проектот "Развивање на систем за напредно собирање и анализа на разузнавачки информации во борба против организиран криминал" во рамките на проектот ИПА 2011 – Владеење на правото со помош на експерти од Република Австрија.

### 2.16.7 Потраги

Во областа на потражната дејност е постапувано по вкупно 1.147 централни потерници, што значи дека се зголемени за 7,3% во споредба со минатата година. Од распишаните централни потерници добиени се 1.316 барања за запирање на потерниците. Извршени се 32.480 проверки на увезени странски возила, а пронајдени и одземени се 41 возила и по завршена постапка се вратени пет возила.Од страна на Националната контакт точка за Р. Македонија по наредба на надлежни судови и казнено поправните установи во Р.Македонија, се распишани 342 меѓународни потерници по лица. По завршена екстрадициона постапка екстрадирани се 108 лица од кои, од Р.Македонија во странски држави предадени се 19 странски државјани, а превземени се 87 државјани на РМакедонија и сместени во казнено поправни установи во Р.Македонија. Во 2017 година координираните мерки и активности резултираа со лишување од слобода на пет лица кои се барани по централни и меѓународни потерници.

### 2.16.8 Управување со човечки ресурси

Во делот на заеднички работи и управување со човечки ресурси во текот на годината се работеше на извршување работи во делот на нормативна дејност, изготвување на подзаконски акти во врска со работата на организационите единици во Бирото за јавна безбедност,  беа давани правни мислења и насоки по доставени барања од страна на организационите единици во БЈБ, изготвувани договори со други државни органи и правни субјекти, беше учествувано во кривични постапки и во работата на работните групи формирани со решение од страна на министерот за внатрешни работи. Во делот на нормативната дејност, изготвени се над  400 мислења по предлози на закони и подзаконски акти.



Во делот на управувањето со човечките ресурси склучени се договори за вработување со 603 кандидати за полицаец кои врз основа на јавен оглас биле упатени и ја завршиле Основна обука за полицаец, а врз основа на јавен оглас распишан на ден 15.07.2016 година, 660 кандидати за полицајци со Договор се упатени на Основна обука за полицаец во Центарот за обука. На 04.08.2017 година распишан е јавен оглас за прием на 500 полицајци, а во врска со истиот спроведена е првата фаза од предвидената постапката за селекција.

Во текот на годината, спроведени се вкупно 526 дисциплински постапки поради кршење на работниот ред и дисциплина и донесени се вкупно 30 одлуки за утврдување на материјална одговорност за вработените во Бирото за јавна безбедност.

Спроведени се интерни огласи за пополнување на 45 слободни, односно упразнети работни места, а во текот на годината реализирани се 1807 решенија за распоредување, 1500 наредби за извршување на работи и задачи, 2257 решенија за утврдување право на платено или неплатеното отсуство од работа, 2027 решенија за годишен одмор, 260 решенија за исплата на парични средства  по основ на солидарна помош, 429 решенија за службено патување во странство и др.

Во текот на 2017 година, изготвени се околу 570 одговори на барања за лични податоци со содржани над околу 10.000 податоци, а постапувано е по вкупно 72 барања за полагање на приправнички или на посебен испит за самостојно вршење на работите на конкретно работно место.